Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје

Институт за социолошки и
политичко-правни истражувања
- Скопје



# ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ИДЕНТИТЕТИТЕ НА СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*истражувачка студија*

**Раководител на проектот:**
**Д-р Лидија Христова**

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА ИДЕНТИТЕТИТЕ МЕЃУ СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(истражувачка студија)

**Рецензенти:**
Проф. д-р Мирјана Малеска
Доц. д-р Иван Трајков

**Издавач:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје

**За издавачот:**
Проф. д-р Јорде Јаќимовски

**Јазична редакција:**
Дејан Василевски

**Компјутерска подготовка:**
Петар Додевски

**Печат:**
ПОЛИЕСТЕРДЕЈ

**Тираж:** 200 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.34-057.85(497.7)(043.3)
316.346.32-053.6(497.7)(043.3)

ПЕРЦЕПЦИЈА на идентитетите меѓу студентската популација во Република Македонија : (истражувачка студија) / раководител на проектот Лидија Христова ; автори на студијата Лидија Христова ... [и др.]. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2014. - 159 стр. : табели; 24 см

Фусноти кон текстот. - Предговор / Лидија Христова: стр. 6-7. -
Автори: Лидија Христова, Елеонора Серафимовска, Маријана Марковиќ, Анета Цекиќ. - Библиографија: стр. 150-151

ISBN 978-9989-633-37-9
1. Христова, Лидија [автор] [раководител на проект]
а) Идентитети - Студенти - Македонија – Истражувања,
б) Колективен идентитет - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 95879434

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје**

**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА ИДЕНТИТЕТИТЕ МЕЃУ СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(истражувачка студија)

**Раководител на проектот:**
**Д-р Лидија Христова**

**Автори на студијата:**
Д-р Лидија Христова
Д-р Елеонора Серафимовска
Д-р Маријана Марковиќ
Д-р Анета Цекиќ

Скопје, 2014

# Содржина


| | |
|---|---|
| Предговор | 6 |
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ**<br>ИДЕНТИТЕТ, МЛАДИ И ОПШТЕСТВО | 11 |
| 1. Дефинирање на поимот идентитет | 11 |
| 2. Младите и нивните перцепции на околината | 15 |
| 3. Основни обележја на македонското мултикултурно општество | 17 |
| 4. Методологија | 20 |
| 5. Користена литература | 23 |
| **ПРВ ДЕЛ**<br>ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ЕТНИЧКИОТ И ГРАЃАНСКИОТ ИДЕНТИТЕ<br>ВО МАКЕДОНСКОТО МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО | 29 |
| I КОЛЕКТИВНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ<br>ПОМЕЃУ КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈАТА И ЕМПИРИЈАТА | 29 |
| 1. Етнички и национален идентитет | 29 |
| 2. Комплексноста на националните идентитети<br>(како да се пристапи кон истражување на овие идентитети) | 35 |
| 3. Фактори на влијание врз формирањето и развојот<br>на националните/ етничките идентитети | 38 |
| 4. Истражувањето на идентитетите кај студентската популација во Република<br>Македонија – методолошки пристап | 39 |
| II ХИЕРАРХИЈА НА<br>ИДЕНТИТЕТСКИТЕ ЦРТИ | 43 |
| 1. Методолошки пристап<br>– како се истражуваше хиерархијата на идентитетските црти | 45 |
| 2. Релативното значење на идентитетските црти<br>кај студентската популација | 47 |
| 3. Влијанието на некои социодемографски карактеристики<br>на испитаниците врз нивните перцепции | 50 |
| 4. Хиерархијата на идентитетските црти според петте истражувани димензии | 55 |
| III ЕТНИЧКИОТ НАСПРОТИ<br>ГРАЃАНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ | 61 |
| 1. Категории што го илустрираат односот државјанство-етничка група:<br>одделени, преклопени и претопени идентитети | 62 |
| 2. Приврзаност кон одредени категории | 66 |
| 3. Влијанието на идентификацијата врз однесувањето | 70 |

| | |
|---|---|
| IV ДИСКРИМИНАЦИЈА (ПЕРЦЕПЦИЈА НА НЕЕДНАКВОСТИТЕ) | 77 |
| 1. Распространетоста на дискриминацијата во македонското општество | 80 |
| 2. Категории на граѓани кои имаат привилегиран третман во општеството | 83 |
| 3. Влијанието на одделните социодемографски карактеристики на испитаниците врз нивната перцепција на нееднаквостите | 85 |
| V ЗАКЛУЧОК | 91 |
| VI КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА | 96 |
| **ВТОР ДЕЛ** АСПЕКТИ НА ИДЕНТИТЕТОТ: ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ | 105 |
| I ВОВЕД | 105 |
| 1. Дефинирање на поимите сродни со поимот идентитет | 105 |
| 2.Значењето на терминот идентитет во психологијата | 107 |
| 3. Психолошко-социјални карактеристики на младите | 114 |
| II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 117 |
| 1. Проблем на истражувањето | 117 |
| 2. Хипотези | 118 |
| 3. Варијабли и нивна операционализација | 119 |
| 4. Инструменти | 120 |
| III РЕЗУЛТАТИ | 129 |
| 1. Изразеност на аспектите на ориентацијата кон персоналниот и социјалниот идентитет | 129 |
| 3. Ориентации кон (на) идентитетот: персонална и социјална ориентација на себедефинирањето и колективниот идентитет | 132 |
| 4. Идентитетски ориентации и глобален версус локален идентитет | 137 |
| 5. Идентитетски ориентации и степенот на интегрираност на социјалните улоги во општеството | 139 |
| IV ДИСКУСИЈА | 143 |
| V КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА | 150 |
| **ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА** | 155 |

# Предговор

Истражувањето „Перцепциите на идентитетите на студентската популација во Република Македонија“, што го реализираше истражувачки тим на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (проф. д-р Лидија Христова, доц. д-р Елеонора Серафимовска, доц. д-р Маријана Марковиќ и доц. д-р Анета Цекиќ) од Скопје, беше инспирирано од истражувањата на хиерархијата на идентитетите во неколку мултикултурни општества (Канада, Белгија, Швајцарија) од страна на двајцата канадски политиколози, Жан Лапонс (J. Laponce) и Пјер Гинграс (P. Gingras). Привлечноста на нивните истражувања лежеше во концепцискиот пристап, според кој централните категории за едно мултикултурно општество – етничкиот и националниот идентитет, беа третирани во еден поширок контекст, како дел од мноштвото идентитети што поединецот ги поседува, но и во фактот што на нив се гледа како на повеќекратни/компатибилни идентитети, а не како на идентитети што (меѓусебно) се исклучуваат. Сметавме дека таквиот пристап во поголема мера ја изразува сложената и повеќеслојна структура на мултиетничките општества отколку пристапите што аналитичарот, но и респондентот, го ставаат во ситуација „или-или“. Директните комуникации со колегата Гинграс и неговата подготвеност за соработка со истражувачкиот тим овозможија основниот прашалник да се приспособи на нашите услови, за што му се оддава особена благодарност.

Притоа, истражувачкиот тим на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје, проектот го прошири во две димензии: прво, внесувајќи ја варијаблата *дискриминација* во контекст на перцепцијата на идентитетите во македонското мултикултурно општество, и второ, внесувајќи сегмент во истражувањето што се однесуваше на *перцепцијата на личниот идентитет* и влијанието што таа самоперцепција го има врз колективниот идентитет. Со овие промени не само што се збогати сознајната основа туку се внесе и интердисциплинарност во целиот истражувачки зафат.

Со понудената структура и интердисциплинарноста на истражувањето се направи обид да се придонесе за воведување на нови варијабли што се помалку или повеќе занемарени во досегашните истражувања во Македонија и, евентуално, на база на истражувачките резултати да се измени и фокусот на теоретските поставки.

Всушност, се работи за реализирање на некои од основните функции на емпириските истражувања, што Курт Левин ги означува како реформулација и насочување (според Šiber, 1998). Успешноста на зафатот ќе биде тестирана со следните истражувања на иста или слична тема.

Трудот содржи *воведен дел* во кој во најопшти црти се образложени основните категории во истражувањето (идентитет, млади и перцепции) и методолошкиот приод; понатаму содржи *прв дел*, насловен „Перцепциите на етничкиот и граѓанскиот идентитет во македонското мултикултурно општество", и тој претставува една, во основата, политиколошка интерпретација на собраниот емпириски материјал што се однесува на хиерархијата на идентитетските црти, потоа на соодносот на етничкиот наспроти националниот идентитет изразен низ конструираните категории што ја изразуваат нивната комплементарност и, на крајот, анализа на податоците за перципираната дискриминација, како еден од можните фактори на влијание врз перцепциите на идентитетите. Притоа, делот за дискриминацијата претставува и посебна целина мошне значајна за секое мултикултурно општество.

Вториот дел од трудот, насловен како „Аспекти на идентитетот: односот помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет", претставува анализа на природата на поврзаноста помеѓу *личниот*, индивидуален идентитет и *колективниот идентитет* и е во доменот на политичката психологија. Во основата на анализата на идентитетот во овој контекст се сознанијата за улогата на личноста во политичката акција во општествен контекст.

Посебна благодарност до проф. д-р Беким Кадриу за преводот на прашалникот на албански јазик и за спроведување на истражувањето во Државниот универзитет во Тетово.

Проф. д-р Лидија Христова
Раководител на проектот

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

# ИДЕНТИТЕТ, МЛАДИ И ОПШТЕСТВО

# ИДЕНТИТЕТ, МЛАДИ И ОПШТЕСТВО

## 1. Дефинирање на поимот идентитет

Поимот идентитет доаѓа од францускиот поим *identité*, што, пак, има свој јазичен корен во латинскиот поим *identitas*, –tatis, што е именка и произлегува од придавката *idem* што значи *исто* (Merriam-Webster Dictionary Online[1]). Терминот е компаративен по својата суштина и го нагласува споделувањето на степенот на истост или истоветност со другите во определена област (Rummens, 1993: 157-159).

Според Вајнрих и Сондерсон (Weinreich & Sounderson, 2003) постојат неколку клучни теоретски концепти при определувањето на терминот идентитет:

1. Психодинамски: Идентитетот се развива во текот на животните процеси преку процесот на идентификација. Главни застапници на овој концепт се: Ериксон (Erikson), Марсија (Marcia), Ланг (Laing), Берн (Berne);
2. Концепт на симболичка интеракција: Идентитетот се формира низ процесот на комуникација: Мид (Mead), Кули (Cooley), Саливен (Sullivan), Страјкер (Stryker), Вајгерт (Weigert), Гофман (Goffman), Шутер (Shotter) и Герген (Gergen);
3. Концепт на социјалната теорија: Идентитетот постои во и низ општеството: Розенберг (Rosenberg), Куперсмит (Coopersmith), Хартер (Harter), Тајфел (Tajfel), Тарнер (Turner), Хог (Hogg) и Абрамс (Abrams);
4. Концепт на конструкција и вреднување: Идентитетот се објаснува во контекст на идиографските персонални конструкти: Кели (Kelly), Арнолд (Arnold), Лазарус (Lazarus) и Шведер (Schweder);
5. Когнитивно-афективен концепт на конзистентност: Идентитетот е резултат на емотивните и когнитивните влијанија: Хајдер (Heider), Озгуд и Таненбаум (Osgood & Tannenbaum), Розенберг и Абелсон (Rosenberg & Abelson), Фестингер (Festinger), Викланд и Брем (Wickland & Brehm), Аронсон (Aronson);

1 http://www.merriam-webster.com/

6. Социјално-антрополошки концепт: Идентитетот се сместува во културален контекст Шведер, Пастернак (Pasternack), Ембер и Ембер (Ember & Ember), Валсинер (Valsiner);
7. Концептот на Ром Харе (Rom Harre) – карактеристичниот придонес на Харе бил во насока на разбирање на *социјалниот селф* во *микросоциологијата*, што тој го нарекува „етоген“: Овој метод се обидува да ги разбере системите на вредности или средства на кои поединците можат да „прикачат“ одредено значење на своите акции и на тој начин да ги формираат сопствените идентитети, во прилог на структурата на правила и културни ресурси што придонесуваат за овие акции.

Идентитетот според Тап (Tap, 1986) може да се дефинира како „организација на менталната структура како на когнитивните, така и на афективните карактеристики што ја претставуваат перцепцијата на индивидуата за себеси како за различно битие, во согласност со себе, а одвоено од другите, со разумен степен на кохеренција во однесувањето, потребите, мотивацијата и интересите“ (според Golubović, 1990)[2]. Или како „субјективно доживеан ентитет, вкупна свест на едно лице за себеси, процес што овозможува интеграција на перцепциите, чувствата и мислите за сопствената личност“ (Креч и Крачфилд во Hrnjica, 1982). Според Ериксон (1963), идентитетот е способност да се зачуваат внатрешната истоветност и континуитетот. Бергер (Berger) и Лукман (Luckmann) сметаат дека идентитетот го рефлектира знаењето за посебното, заедничко чувство во дадено општество (1967). На тој начин, идентитетот настанува во интеракција помеѓу организмот, индивидуалната свест и социјалната структура. Маслов (Maslow) го дефинира идентитетот како пораст на природните способности: да се сфати реалноста, да се препознае *јас*, другите и природата, чувство на спонтаност и одвојување, како и автономија и оригинално мислење и богатство на емоционалност, креативност, мобилност на вредносниот систем и визија на себе во иднината (Mucchielli, 1986[3]) Мелучи (Melucci) смета дека идентитетот се однесува на перманентност во времето, на поимот единство, на континуитетот на субјектот и на разликување на субјектот од *другите* на т.н. способност да се препознае и да се биде препознаен (1965).

2 http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/ 99/jaidrugi/1.html
3 http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/ 99/jaidrugi/1.html

Посебна важност во објаснувањето на идентитетот имаат чувствата на припадност и на автономија, што на прв поглед стојат во меѓусебна спротивставеност. Меѓутоа, припаѓањето на заедницата, што се изразува во групната солидарност и симбиозата со другите, како и во поврзаноста преку чувството на доверба и заедничките вредности, не мора да ја исклучува автономијата како чувство на релативна независност и самосвест. Со други зборови, колективниот идентитет не ја означува нужно асимилацијата на индивидуалноста, туку ја претпоставува за одвивање на процесот на индивидуализација. Но, иако овој проблем е теориски решлив, тој во реалниот живот често се појавува како парадокс, ставајќи ја индивидуата пред дилемата да бира едно или друго. Тоа е особено случај во затворени колективитети, каде што чувството на припаѓање се наметнува безусловно, исклучувајќи ја а*втономијата* како *страно тело* на еден кохерентен групен авторитет (Schaft, 1994).

Идентитетот не е неутрална категорија и тој секогаш се конституира од некоја точка на гледиште, смета Јенкинс (Jenkins, 1997). Затоа, културното милје е фундаменталниот контекст во дефинирањето на поимот идентитет во кој Мучели ги наведува следните психокултурни референции: културни кодови и вредносни системи, религија, идеологија, поглед на свет, групни норми, културни намери, когнитивен систем, па и психолошки црти и менталитет.[4] Одреден културен идентитет претставува општа рамка, што е инхерентна и припишана, и служи како појдовна точка за индивидуалната ориентација. Од тие причини секој идентитет е социјална категорија, како што веќе покажал Џорџ Херберт Мид (George Herbert Mead), а Милс (Mills) го потврдил истото, истакнувајќи дека општествено е она поле каде што се сретнуваат и се спојуваат индивидуалното и колективното. Според Мид, јас е синтеза на самоодредбата и дефиниција за таа личност што ја нудат другите (*ние како значајни други*), бидејќи самосвеста се достигнува само со преземање или со претпоставување на позицијата на другиот (во *општениот друг*). Според тоа, *сопството* се конструира во процесот на примарна и секундарна социјализација. Индивидуалниот идентитет е без значење во изолација од општествениот свет, заклучува Јенкинс (Jenkins, 1997). Мид докажувал дека ние воопшто не можеме да се видиме себеси, а да не се видиме онака како што другите луѓе нè гледаат и тоа е почетната основа за формирање на идентитетот (примарен идентитет).

4 http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/ 99/jaidrugi/1.html

Во психологијата и социологијата, со *идентитет* се означува концептот што го има една личност за себе, како и експресијата на нејзината индивидуалност или групната припадност (како што се *националниот идентитет* и *културниот идентитет*). На овој концепт особено големо внимание му се придава во социјалната психологија.

Кога станува збор за дефинирањето и употребата на категоријата идентитет во политичките науки, истражувачите главно се надоврзуваат на социјалната теорија (идентитетот постои *во* и *низ* општеството), донекаде и на социјалната психологија, притоа фокусирајќи се на колективните идентитети, како што се партиските, класните, идеолошките идентитети итн. Во последните три-четири децении идентитетите со културен предзнак (религиските, јазичните, етничките), сè повеќе го окупираат вниманието на научната, но и на пошироката јавност, проблематизирајќи го односот на примордијалните/партикуларистичките наспроти универзалистичките вредности и тенденции во современиот свет.

За политиколозите е од особено значење да ја сознаат мобилизаторската моќ на колективниот идентитет (релацијата колективен идентитет-политичка акција) како основа за градење на соодветни политики што таквиот мобилизаторски потенцијал на колективниот идентитет ќе го насочат во саканиот правец. Тие политики можат да бидат партиски, државни, но и наднационални и да задираат како во процесот на политичката социјализација, така и во уставниот инженеринг на одделните политички заедници. Интересот на политичката наука за политичките последици од идентитетот е сосема јасно изразен во дефинирањето на поимот политичка идентификација во референтната Енциклопедија на општествените науки (International Encyclopedia of the Social Sciences, 1968). Според авторите на енциклопедијата, во најширока смисла на зборот, *политичката идентификација* го означува чувството на индивидуата за припадност кон групата, доколку таквата идентификација влијае на нејзиното политичко однесување. Се работи, во основата, за еден психолошки процес, велат тие, чијашто елаборација се врзува, пред сè, за Фројд, кој ја објаснува како израз на потребата и способноста на индивидуата за здружување во кое се инвестираат емоции, нешто што е есенцијално за изразување на човекот како општествено битие.

Иако партиската идентификација е најзначајната компонента на политичкиот идентитет (партијата е најчестиот канал преку кој се остварува мобилизацијата), политичките идентитети реферираат на стабилни политички тенденции и преференции и како такви се поврзани, пред сè, со алтернативни политички концепти, а не со специфични партии (Della Porte & Diani, 1999).

Политичкиот идентитет не може да се одвои од социјалниот идентитет, бидејќи и тој (политичкиот) е една сложена конструкција од заемно поврзани компоненти – културни, територијални, етнички, социодемографски и др. (Altagic, 2007). Значајноста и рангирањето на тие компоненти во конструкцијата на социјалниот, па и на политичкиот идентитет (хиерархиската структура на идентитетите), се условени од сложен сплет на околности што се должат како на процесот на социјализација, така и на психолошките особини на личноста, но и на поширокиот општествен контекст во кој живее индивидуата.

## 2. Младите и нивните перцепции на околината

Поимот млади ја определува фазата на животен циклус што се сместува помеѓу детството и возрасниот период (односно помеѓу адолесценцијата и возрасноста), што, како впрочем и сите старосни групи, претставува општествен конструкт. Категоријата *млади* содржи консензус за постоењето на некои биолошки дадености (на пример, универзалност на онтогенезата, биопсихичко созревање како клучно обележје на младоста) и свест за нивната социјално-условена артикулација. Согласно наодите на голем број на современи истражувања, периодот на младоста во денешните општества трае подолго, односно почнува порано, а завршува подоцна. Траењето на младоста е различно и во својата основа е социјално, а не биолошки определено.

Социолозите кои го проучуваат феноменот на младите разликуваат синхронизирана и несинхронизирана младост (Nikolić, 2004). За синхронизираната младост карактеристична е временска и содржинска координација на постигнување на економската независност, постојано вработување и формирање семејство. Несинхронизираната младост ја определува временски и содржински некоординирано постигнување на определени возрасни улоги. Истражувањата покажале дека мерката во која поединецот доживува синхронизирана, односно несинхронизирана младост силно влијае врз животниот

стил, ставовите и односот на поединецот кон реалноста. Во западните земји, младоста, повеќе или помалку, е прашање на избор. Во земјите што поминале процес на долга транзиција, во кои се наоѓа и Македонија, младоста е предмет на принуда. Кај нас доминира изнудена, продолжена младост, односно несинхронизирана младост.

Положбата на младите е определена од случувањата во заедницата, но и од системот на вредности што е застапуван од страна на возрасните. Партиципацијата на младите во заедницата подразбира нивно живеење без стереотипи и предрасуди, со правилно изразени ставови и вредности за способностите, постигнувањата и однесувањата на другите кои имаат различни потенцијали. Тоа имплицира дека тие се прогресивниот дел од општеството, оние што ги носат новите вредности. Всушност, кога станува збор за младите вообичаено се вели дека *каква е младината таква ќе биде и иднината на општеството*. Се работи, помалку или повеќе, за стереотипно размислување, бидејќи младите ниту се исклучиво продукт на општеството во кое се развиваат, ниту, пак, се единствениот сегмент што го менува и го движи тоа општество напред (Šiber, 1998: 143).

Кога станува збор за Македонија, процесот на растење на младите го карактеризира двојна транзиција: од една страна тие поминуваат низ универзален период на созревање и подготвување за преземање на трајните општествени улоги, а од друга страна тој процес се случува во општество што и самото преминува од едно општествено уредување во друго. Општествената транзиција ја попречува транзицијата што се случува во младоста, особено кога транзицијата не се појавува сама, туку заедно со различни облици на вооружен конфликт, со многу предизвици сврзани за обезбедување на голата егзистенција кај широки слоеви на населението, со недостаток на еден изграден систем на вредности.

Начинот на кој младите ја перципираат околината ги определува структурата на потребите и ставовите што ги поседуваат тие, односно начинот на кој реагираат на општественото опкружување. Всушност, се работи за интеракција на поединецот и околината, што се воспоставува преку перцепцијата или субјективното доживување на околината. (Околината ја одредува структурата на личноста, но од друга страна и постојната структура на личноста го определува „доживувањето“ на социјалната околина.) Начинот на којшто индивидуата (субјективно) ќе ја доживее/перципира околината за неа претставува реалност кон која таа ќе изгради свои

ставови и ќе го приспособи своето однесување. Токму затоа за истражувачите е исто толку значајно сознавањето на политичките перцепции на индивидуите, колку што е значајна анализата на политичката реалност во која живеат тие (Šiber, 1998: 27). А каква е политичката реалност (околината) во Република Македонија?

## 3. Основни обележја на македонското мултикултурно општество

Македонија е мултиетничко, мултијазично и мултиконфесионално општество во кое овие расцепи во голема мера се поклопуваат и меѓусебно се зајакнуваат, сместувајќи ја земјата во групата на т.н. плурални општества (Exstein во Lijphart, 1995 [1977]) или „длабоко поделени општества" (Nordlinger во Lijphart, 1995 [1977]). Според последниот попис на населението на Р. Македонија од 2002 година, втората по големина етничка група, албанското малцинство, е големо малцинство и брои 25,2% од вкупната популација на Р. Македонија. Во границите на земјата живеат и одреден број на помали малцинства: Турци – 3,9% од вкупното население, Роми – 2,6%, Срби – 1,8%, Бошњаци – 0,8%, Власи – 0,5% и 1% население со друга етничка припадност. Мнозинството македонско етничко население сочинува 64,2% од целокупната популација. Мнозинство етнички Македонци го зборуваат македонскиот јазик (што припаѓа на групата на словенски јазици) и во најголем дел се православни христијани, додека етничките Албанци зборуваат албански јазик што спаѓа во групата индоевропски јазици, но е различен од останатите јазици. Во најголем процент Албанците имаат муслиманска вероисповед. Турците зборуваат турски јазик што е различен од македонскиот и албанскиот и имаат главно муслиманска вероисповед. Ромите, Власите, Бошњаците и Србите го зборуваат македонскиот јазик или зборуваат словенски јазици блиски до македонскиот (со исклучок на Власите) и имаат православна (Срби и Власи, дел од Ромите) или муслиманска вероисповед (Турци, Бошњаци, Роми).

Во првата декада по прогласувањето на независноста на Р. Македонија во 1991 година, албанското малцинство отворено изразуваше незадоволство од својот политички и општествен статус, како и перцепција за нееднаков третман во дистрибуцијата на економските, културните и политички ресурси (Малеска, 1997;

Сулејмани, 2008). Во овој период политичките и општествените барања на Албанците вклучуваа: поширока употреба на албанскиот јазик, децентрализација, пропорционалност во јавната администрација, право на негување на националниот и културниот идентитет итн. Процесот на хомогенизација и политичка мобилизација на двата најголеми етнички блока во Р. Македонија беше евидентен во оваа декада, што беше предуслов за ескалација на латентниот конфликт во вооружен во 2001 година. Вооружените припадници на Ослободителната национална армија (ОНА) ги нападнаа македонските безбедносни сили од територијата на Косово во февруари 2001 година. Нивните барања беа поддржани од политичките партии на Албанците во Р. Македонија, како и од албанското население, што резултираше со седуммесечен конфликт што заврши во август 2001 година.

Конфликтот заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор (13 август 2001 година), што воведе елементи на консоцијалниот модел на споделување на власта (Липхарт, 1995 [1977]) во уставниот систем на земјата (Малеска, 2005; Bieber, 2005; Ilievski and Wolf, n.d.). Генерално, со договорот се адресираа барањата на Албанците во Р. Македонија, а неговото спроведување е задоволително. Република Македонија повеќе од една деценија функционира како еден облик на консоцијална демократија. Во практиката овој облик на мултикултурна држава практично се сведе на бинационална држава во која помалите етнички заедници во голема мера се маргинализирани (Малеска, Христова и Ананиев, 2007; Bieber, 2008).

Иако Охридскиот рамковен договор е поддржан од најзначајните политички партии во Р. Македонија и повеќе од една деценија се спроведува, поделеноста на општеството и понатаму е значаен факт. Општеството е фрагментирано по должина на етничките линии, со повремени тензии што ја одразуваат недоволната доверба помеѓу двете најголеми етнички групи и фрагилноста на македонската демократија (Hristova, 2005; Maleska, 2013; Hristova and Cekik, 2011). Мнозинската група (етничките Македонци) им префрла на *другите* за нелојалност кон државата и непочитување на државните обележја/симболи, а малцинската (етничките Албанци) им префрла на *другите* за неискреноста во прифаќањето на мултикултурализмот како концепт за изградба на државата и за понатамошно маргинализирање на малцинствата. Големиот број

расцепи што се засилуваат (reinforcing cleavages) меѓу двете најголеми етнички заедници (јазик, религија, [делумна] територијална концентрација) придонесуваат социјалната дистанца меѓу групите и понатаму да опстојува (Атанасов, 2008; Атанасов, 2003; UNDP, 2010; Симоска и др., 2012) и, покрај политичката, да ги зафаќа и сферите на образованието (UNICEF, 2009), медиумите (Hristova, 2009), дел од културните институции и граѓанските организации.

Покрај етничките расцепи, социоекономските проблеми ја придружуваат македонската реалност низ дваесетте години на транзиција: невработеност што се движи околу 30%, 30% од популацијата живее под прагот на сиромаштија, како и сериозни демократски дефицити поврзани со владеење на правото, распространета корупција и „партизација на општеството“ (Христова, 2011; UNDP, 2008; UNDP, 2010). И одредени надворешнополитички околности придонесуваат за јакнењето на национализмот особено кај македонската етничка заедница (Maleski, 2005). Недоразбирањето со соседите околу некои идентитетски прашања (јазикот, историјата, црквата) и особено недобивањето датум за преговори со ЕУ поради спорот за уставното име на државата со Грција, ги зајакнува несигурноста и неизвесноста за иднината на државата. Ваквиот општествен контекст не го олеснува решавањето на меѓуетничките тензии. Напротив, уште повеќе го усложнува. Кога виновниците за таквите состојби граѓаните ги препознаваат во припадниците на другата нација/етникум, а жртвите ги идентификуваат, пред сè, во својата нација/етникум, тогаш, вели Гелнер, национализмот е роден (Гелнер, 2001: 162).

Поради овие причини истражувањето на меѓуетничките односи и мултикултурализмот во Македонија остануваат актуелни прашања, како за политиката, така и за науката.

# 4. Методологија

„Перцепцијата на идентитетите меѓу студентската популација во Република Македонија“ е проект реализиран од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје, во 2011 година. Се работи за квантитативно истражување реализирано преку анкетно испитување на примерок од 451 респондент и воедно за експлораторно истражување.

Поаѓајќи од спецификите на македонското мултикултурно општество, за истражувачите беше особено значајно да сознаат како младите го перципираат својот колективен идентитет, како овие перцепции се дисперзирани кај двете најбројни етнички заедници во Република Македонија – етничките Македонци и етничките Албанци, како и кои фактори влијаат (на индивидуално ниво) на добиените перцепции кај двете основни субгрупи испитаници.

Основните претпоставки на истражувањето се темелат на: феноменот т.н. ефект на малцинство (оригинално „minority effect“), според кој припадниците на малцинските групи имаат тенденција да им придаваат поголемо значење на малцинските припадности што се особено значајни за идентитетот на нивната група (јазик, религија, етничка припадност, традиција итн.) (Laponce, 2004) и одредената меѓузависност помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет.

Очекувањата од малцинскиот ефект произлегуваат, пак, од теоријата на Ариети за личноста (1967), врз основа на која Лапонс го конструирал прашалникот, во кој беа понудени повеќе идентитетски црти или припадности што Лапонс ги сфаќа како социјални ролји[5]. Според него, индивидуата е врска од ролји, а селфот е театар каде што улогите се актери, а сценариото за нашата игра е прашалникот што на сцената ги поставува 13-те (или повеќе) различни улоги. Неговите очекувања (генералната хипотеза) биле поврзани со т.н. ефект на малцинство, што значи дека луѓето кои имаат малцински статус во општеството им придаваат повеќе значење на улогите што ги ставаат во таквиот (малцински) статус отколку оние што се во доминантна (мнозинска) позиција. Очекувањата поврзани со ефектот на малцинство произлегуваат од теоријата на Ариети за личноста (personality) и се надоврзуваат на моделот на Рокич за перцепцијата на селфот (Лапонс, 2004).

5 Во текстовите на двајцата автори паралелно се користат неколку термини: идентитетски црти, идентитети, улоги (ова последното особено кај Лапонс).

Ариети разликува два типа личност: генерализирана и специфична. Генерализираната се одликува со убедувањето дека селфот е независен од специфичните инкарнации/улоги што личноста ги игра во животот („Јас сум лекар, но и да бев фармер или учител ќе бев истата личност."), додека специфичната личност го закотвува својот селф во специфичните аспекти на сопствената личност („Не можам да замислам да имам друга религија и да останам/бидам истата личност."). Оваа поделба на Ариети се надоврзува на моделот на Рокич за центар и периферија, според кој нашите суштински верувања е многу потешко да се сменат отколку нашите периферни верувања/убедувања.

Оттука, очекувањата во првиот сегмент од истражувањето одат во правец дека индивидуата која е во позицијата на малцинство поради своите пол, етникум, јазик, религија, ќе биде посвесна за таквите свои карактеристики отколку онаа индивидуа која е во позиција на мнозинство. Во смисла, левучарот е секогаш свесен за својата карактеристика и често ја истакнува или ја коментира, додека на десничарот тоа не му паѓа на памет.

Очекувањата во вториот сегмент од истражувањето се во насока на комплексноста и меѓусебното влијание на индивидуалниот и колективниот идентитет, како и социјалната детерминираност на индивидуалниот идентитет.

Прашалникот, преку кој се реализираше анкетата, се состоеше од четири блока прашања: прашања за перцепција на идентитети и нивна хиерархизација, прашања за чувството на национална и етничка припадност, прашања за основите за дискриминација во Република Македонија и прашања за различните ориентации во процесот на себедефинирањето. Како што е вообичаено во сите анкети, во прашалникот беа поставени и неколку прашања преку кои се добиваат сознанија за социодемографските карактеристики на испитаниците: етничката припадност, пол, социјална положба, религиска припадност, постојано место на живеење и универзитет. Независните варијабли му овозможија на истражувачкиот тим да ја согледа поврзаноста на перцепциите на испитаниците со одделни аспекти на нивните социодемографски обележја, а пред сè со нивната етничка припадност.

Првите два блока прашања, се разбира со нужни приспособувања, беа преземени од истражувањата на Лапонс и Гинграс, кои ги аплицираа на студентска и училишна популација во Франција, Канада (Квебек) и Белгија.

**Примерок:** Во истражувањето е користен целен примерок што се состои од 451 испитаник. Притоа, однапред беа определени институциите од кои ќе бидат регрутирани респондентите и годината на студирање, со што се доби релативно хомогена популација. Во примерокот влегоа трите државни универзитети: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Тетовскиот државен универзитет – Тетово, а студентите-респонденти беа регрутирани од факултетите од општествените науки. Анкетирањето беше спроведено на соодветните факултети, во соработка со колегите-професори од соодветните институции. Речиси сите (таргетирани) студенти пристапија кон пополнување на прашалникот, при што истражувачите констатираа дека мал процент (0,5%) од дадените прашалници не се целосно пополнети и се неупотребливи.

Контролирана е, пред сѐ, етничката припадност на студентите, што придонесе во примерокот да бидат застапени 234 етнички Македонци и 201 етнички Албанец. Останатиот мал број студенти-припадници на други етнички заедници беше изоставен од понатамошна обработка, бидејќи не може да се подложи на статистичка обработка.

Во статистичката обработка на податоците е употребена Статистичката програма за општествени науки (Statistical Programme for Social Sciences – SPSS).

Единица на примерокот и на анализата е испитаник. Главните групи испитаници се формирани според нивната етничка припадност, бидејќи на таа основа е дизајниран и целиот концепт на истражувањето – предмет, цел, хипотетска рамка.

Податоците за социодемографски карактеристики на испитаниците се следните:

Според варијаблата пол: 34,5% машки испитаници и 65,5% женски испитаници; според етничката припадност Македонци – 53,8%, Албанци – 46,2%; од УКИМ – 192 испитаника (или 44,1%), од УГД – 137 (или 31,5%) и од ДУТ – 106 (или 24,4%). Според социјалната положба – 2,7% се изјасниле дека имаат многу ниска социјална положба, 11,3% се изјасниле дека имаат ниска, 77,4% од испитаниците сметале дека имаат средна социјална положба, 8,2% – висока, а 0,4 – многу висока.

# 5. Користена литература


- Altagic, S. (2007) *Partiska identifikacija kao determinanta izborne motivacije: Teoretske kontraverze i problemi empiriskog istrazivanja*. Beograd: FES i FPN.
- Berger, P., & Luckmann, Th. (1967) *The Social Construction of Reality*. New York: Doubleday & Co.
- Bieber, F. (2005) „Partial implementation, partial success – the case of Macedonia". Во: I. O'Flynn and D. Russell, eds. *Power sharing: new challenges for divided societies*. London: Pluto press.
- Bieber, F. (2008) Power-sharing and implementation of the Ohrid Framework Agreement. Во: F.
- Bieber, ed. *Power sharing and the implementation of the Ohrid framework agreement*. Skopje: Friedrich Ebert Stiftung – Office Macedonia.
- Della Porta, D and Diani, M. (1999) *Social Movements: an Introduction*. Oxford & Malden, MA: Blackwell.
- Erikson, E. H. (1963) *Childhood and society* (2nd ed.). New York: Norton.
- Golubović, Z. (1999) „Ja i drugi", во: *Republika*.
- http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/99/jaidrugi/ (15.04.2010).
- Hristova, L. (2009) Are the media factor of integration in Macedonian multicultural society?, paper presented at the *10th Mediterranean research meeting,* European University Institute, Florence, 24-27 March 2009
- Hristova, L. and Cekik, A. (2011) „The effects of the Macedonian power-sharing model for the political stability of the country". Во: Proceedings from conference *Security of the post-conflict (Western) Balkans: transition and challenges faced by the Republic of Macedonia*. Skopje: Faculty of security, pp. 477-489.
- Ilievski, Z., and Wolff, S. (n.d.) *Ethnic Conflict Regulation as Institutional Design: the Case of the Western Balkans,* http://www.stefanwolff.com/files/Ethnic Conflict Regulation as Institutional Design.pdf (17.09.2013)
- Jenkins, R. (1997) *Rethinking Ethnicity, Arguments amd Explorations*. London: Sage
- Laponce, J. (2004) „Using a role by role interview to measure the minority effect: a note on ongoing research". *Social Science Information*. Vol. 43 (3): 477-492.

- Maleska, M. (2005) „What kind of political system did Macedonia get after the Ohrid Peace Agreement?", во: *New Balkan Politics*. Issue 9. http://www.newbalkanpolitics.org.mk/napis.asp?id=31&lang=English
- Maleska, M. (2013) „Multiethnic democracy in Macedonia: political analysis and emerging scenarios". *New Balkan Politics*. Issue 13: 1-27.
- Maleski, D. (2005) „The conduct of a great power", во: *New Balkan Politics*. Issue 9. http://newbalkanpolitics.org.mk/item.php?id=114#.Uq2VDNJDsWc.
- Melucci, A. (1995) "The Process of Collective Identity" in Johnston, H. & Klandermans, B. (eds), *Social Movements and Culture*. Minneapolis: Univesity of Minnesota Press
- Nikolić, M. i dr. (2004) *Mladi zagubljeni u tranzicii*. Beograd: Centar za proučavanje alternative.
- Rummens, J. (1993). Personal Identity and Social Structure in Sint Maartin/Saint Martin: a Plural
- Identities Approach. Unpublished Thesis/Dissertation: York University.
- Schaft, T.J. (1994) *Emotions and Identity: A Theory of Ethnic Nationalism.* Calhoun.
- Sills, D.L. and Merton, R. K. eds. (1968) *International Encyclopedia of the Social Sciences*. New York: Macmillan.
- Sulejmani, R. (2008) „Consensus democracy and power-sharing in Macedonia". Bo: F. Bieber, ed. *Power sharing and the implementation of he Ohrid framework agreement*. Skopje: Friedrich Ebert Stiftung – Office Macedonia.
- UNDP (2008) *People centered analyses*. Skopje: UNDP Skopje office.
- UNICEF (2009) *Multiculturalism and inter-ethnic relations in education*. Skopje: UNICEF country office.
- UNDP (2010) *People centered analyses*. Skopje: UNDP Skopje office.
- Weinreich, P., Sounderson, W., eds. (2003) *Analysing Identity: Cross-Cultural, Societal and Clinical Contexts*. London: Routledge.
- Атанасов, П. (2003) *Мултикултурализмот како политика, теорија и практика*. Скопје: Евро-Балкан Пресс.
- Атанасов, П. (2008) „'Етничките јазли' и македонскиот мултикултурализам". Во: *Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања 2007*, Скопје: ИСППИ.

- Гелнер, Е. (2001) *Нациите и национализмот*. Скопје: Култура
- Липхарт, А. (1995) *Демократијата во поделените општества – компаративна студија*. Скопје: СТЕП.
- Малеска, М. (1997) *Етничкиот конфликт и прилагодувањето*. Скопје: Култура.
- Малеска, М., Христова, Л., Ананиев, Ј., (2007) *Споделување на власта во мултикултурните општини во Македонија*. Скопје: МЦМС.
- Симоска, Е. и др. (2012) *Политичката култура и идентитетите во Р. Македонија*. Скопје: ФИООМ и ИСППИ.
- УНДП (2001) *Национален извештај за човековиот развој 2001 – социјалната исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија*. Скопје: УНДП канцеларија.
- Христова, Л. (2011) „Политичкиот плурализам во Р. Македонија“. Во: Христова и др. *Политичките идентитети во Р. Македонија*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

## ПРВ ДЕЛ

# ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ЕТНИЧКИОТ И ГРАЃАНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО МАКЕДОНСКОТО МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО

# I КОЛЕКТИВНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ПОМЕЃУ КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈАТА И ЕМПИРИЈАТА

**Проф. д-р Лидија Христова**

## 1. Етнички и национален идентитет

Кога станува збор за социјалниот идентитет, една од најексплоатираните релации во социолошките и политиколошките науки е онаа за етничкиот (културниот) и националниот идентитет (идентитет што произлегува од државјанството, од припадноста кон одредена национална политичка заедница). И најповршниот преглед на стручните списанија, академските публикации, но и анализите во масовните медиуми што се однесуваат на културните и политичките разлики, упатуваат на стотици и илјадници референции за идентитетот, што укажува на безмалку хегемонистичката позиција што овој термин/поим го има во академскиот, но и надвор од академскиот дискурс од осумдесеттите години на дваесеттиот век до денес (Malesevic, 2006: 31)[6]. Оваа запрепастувачка популарност на *идентитетот* веројатно се должи на многу историски и социолошки околности, но според Малешевиќ, најзначајно е тоа што идентитетот практично ја презеде улогата на три значајни општествени концепти што во меѓувреме избледеа – концептите за расата, националниот карактер и општествената свест.

Без оглед колку Малешевиќ е во право или не, интересот на општествените науки, а пред сè на политикологијата за овие колективни идентитети, произлегува од тезата дека чувството на припадност, приврзаност кон групата (етничка, национална)[7] е тесно поврзано со

6 Инаку, Малешевиќ спаѓа меѓу оние (помалобројни) автори кои се критични кон преширoката употреба на терминот идентитет. Во својата книга тој укажува дека некритичката, помодарска и преекстензивна употреба на овој термин/поим, всушност го прави бесмислен и конфузен.

7 Во литературата за анализа на прашањето етнички версус национален идентитет се среќаваат различни термини. За националниот идентитет се употребуваат и термините граѓански идентитет или државјанство (во смисла на однос, приврзаност кон државјанството), додека етничкиот (поточно партикуларниот) некаде се третира како религиозен, јазичен или културен идентитет. Кога станува збор за ова последното, се разбира дека постојат разлики меѓу овие поими, но во зависност од општествениот контекст и спецификите на социјалните групи што се предмет на анализа, авторите ја преферираат употребата на некои од овие категории.

убедувањата, ставовите и однесувањата на индивидуите кон општествениот и политичкиот поредок. Но, најпрвин, како се дефинираат овие два типа идентитети и какви консеквенции произлегуваат за општеството од приврзаноста на индивидуите кон едниот, односно кон другиот тип идентитет? Најголем број на современи автори кои во фокусот на својот интерес го имаат националниот и/наспроти етничкиот идентитет реферираат на дихотомната поделба, според која постојат два генерални модела на нацијата: граѓанско-територијалниот и етничко-генеолошкиот, при што првиот е аспирираниот, пожелниот модел што го сугерира современото (инклузивно) западно граѓанско општество. Граѓанскиот модел подразбира политичка заедница што се протега на одредена (историска) територија, во која сите членови се еднакви пред законот и поседуваат заедничка граѓанска култура и идеологија. Алтернативниот етнички концепт на нацијата се потпира на заедничките корени, јазикот, обичаите, традицијата (Smith, 1991: 10-12), значи модел што, пред сè, реферира на заедничкото потекло. Првиот е инклузивен, се заснова на граѓанскиот концепт и се карактеризира со либерални и космополитски вредности, а вториот е ексклузивен и може да води кон насилство и дезинтеграција (Kohn, 1994; Ignatieff, 1993; според Hansen and Hesli, 2009; Smith 1991; Miller, 2000). Идејата за дихотомијата помеѓу етничкиот и националниот идентитет, поточно помеѓу етничкиот и граѓанскиот национализам, најде своја поддршка и во теоријата на социјалниот идентитет (social identity theory), (Tajfel, 1970; Hogg, 2001; според Hansen and Hesli, 2009), а и Липхарт зборува за сериозниот предизвик за демократијата што произлегува од силната групна приврзаност (Липхарт, 1995 [1977]).

Основната претпоставка на авторите кои ја поддржуваат оваа дихотомија е дека силната приврзаност за етничката група доведува до негативна евалуација на оние надвор од групата, предизвикана од нетолерантноста и непостоењето на подготвеноста да се прифатат *другите* (оние надвор од групата), (Hansen and Hesli, 2009; Barrett, 2010). Некои автори потенцираат дека таквата негативна евалуација на *другите* е често проследена со своевиден фаворитизам или крајно некритички однос кон членовите на сопствената група (Festinger, Tajfel кај Horowitz, 1985), што во одредени ситуации продуцира силни конфликти и катастрофални последици за развојот на демократијата. Оваа концепциска дистинкција е проследена и со географска одредница, така за Западна Европа и за САД се смета дека е карактеристичен граѓанскиот модел, додека за Централна и Источна Европа е етничкиот.

Ваквиот концепциски пристап сугерира дека се работи за два спротивставени модела што се исклучуваат еден со друг. Тоа може да биде проблем и концепциски, а уште повеќе политички, бидејќи денес најголем број од општествата се културно хетерогени. Проблемот произлегува од широко распространетото гледање за значењето што националниот идентитет го има за функционирањето на една политичка заедница, во смисла на приврзаноста, лојалноста на граѓанинот кон националната држава, како предуслов за легитимирање на нејзиното постоење и демократското функционирање**.** Се поставува прашањето како тоа функционира во културно хетерогените општества, каде што припадниците на одделните културни/етнички заедници негуваат и посебни културни/етнички идентитети. Каква е интеракцијата помеѓу националниот и културниот/етничкиот идентитет? Можно ли е да се постигне баланс што ќе оди во прилог на функционалноста на демократската држава? Со оглед на фактот што безмалку сите општества се мултикултурни или, како што вели Давид Милер, политичката географија на современиот свет повеќе личи на Босна отколку на Исланд (Miller, 2000: 126), проблемот се чини универзален. Овие прашања се поставуваат како во државите со автохтони малцински групи, така и во развиените западни земји (нации, држави) што во потрага по работна сила се соочија со големи бранови на емигранти не само од своето понепосредно опкружување туку и од африканскиот и од азискиот континент[8]. Токму затоа голем дел од студиите го третираат прашањето на акултурацијата на имигрантите во земјата-домаќин, сугерирајќи во почетокот дека се работи за еден линеарен процес на претопување на малцинската култура/идентитетот во мнозинската, поради (претпоставената) неможност два културни идентитета да коегзистираат во иста индивидуа. Подоцна, повеќе истражувачи ќе укажат на интеракцијата на малцинските културни идентитети и на националниот идентитет (Berry, 1997; De Sachy, 1997;

8 Поради модерниот економски развој, постиндустриската и глобалната економија, но и други фактори, демографијата на некогашните нации/држави брзо се менува. Така, на пример, во земјите од Европската унија има 16 милиони имигранти кои според своето потекло се надвор од Европа, во Франција процентот на емигранти од северна Африка изнесува 65% од вкупниот број имигранти итн. Демографската структура на населението и во САД, што е типична емигрантска држава, видливо се менува. Некогашните европски емигранти во голема мера се заменети со азиски, африкански, карипски и други новодојденци, па изгледа дека денес културните разлики се поголеми отколку при поранешните емигрантски бранови. Слично е во Австралија и Нов Зеланд (Gross, 1999).

според Chastenay and Pagé, 2002). Иако помалобројни, студиите и истражувањата за автохтоните малцински групи покажаа и други аспекти на проблемот на културно хетерогените општества, отворајќи го прашањето за дистрибуцијата на економските, културните и политичките ресурси помеѓу различните културни сегменти на овие општества. Концептите за споделување на власта, консензуалната демократија и другите пристапи на „споделување на моќта" беа особено интересни за политичката наука, бидејќи претпоставуваа редизајнирање на политичките системи во смисла на значајна редистрибуција на политичките ресурси во мултикултурните општества (Липхарт, 1995 [1977]; Horowitz, 1985; Gur and Harf, 1994; Sisk, 1996; Raynolds [ed.], 2002; Wolf, 2011). Линц и Степан тоа ќе го формулираат на следниот начин. Доколку вистинската цел на едно мултикултурно општество е неговата демократска консолидација, стратегијата за демократизација ќе има потреба во секоја од петте арени (цивилно општество, политичко општество, владеење на правото, државен апарат, економско општество) да бидат изготвени помалку мнозински и повеќе консензуални стратегии (Линц и Степан, 2008: 67).

Овие прашања ги преокупираа и сè уште ги преокупираат академските кругови, отворајќи ја дебатата за мултикултурализмот како (филозофски, социолошки и политиколошки) концепт и неговата одржливост (Кимлицка, 2004 [1995]; Тејлор и др., 2004 [1994] и други). Двете основни категории во рамките на овој глобален концепт –признавањето и редистрибуцијата – се различно толкувани и евалуирани од страна на авторите, што ги зголеми контроверзностите околу целисходноста и прифатливоста на концептот и на теоретско, а уште повеќе на политичко/емпириско ниво[9].

Во секој случај, концептот на мултикултурализмот, сфатен во најшироката смисла на зборот, го отвори прашањето за надградување на либералната теорија за човековите права, што се права на поединците/индивидуалните права, со малцинските права што по дефиниција се колективни права. Политичката теорија се соочи со предизвикот да воспостави баланс помеѓу овие две категории на права и да оневозможи колективните права да ги задушат принципите на индивидуалната слобода, демократијата и социјалната правда, основните стожери на кои почива концептот

9 Да наспоменеме, на пример, дека во Европа дојде до ретерирање од позициите на мултикултурализмот во изјавите на Ангела Меркел, Никола Саркози, но и кај политичарите од Велика Британија.

на либералната демократија (делата на Вил Кимлицка, Чарлс Тејлор, Ејми Гатман, Ненси Фрејзер, Мајкл Волцер, Милан Подунавац и др. даваат значаен придонес во таа смисла).

Што се однесува до емпириските истражувања, тие укажуваат дека и покрај тоа што во светот официјалните дефиниции на нацијата се стремат кон граѓанскиот модел, граѓаните сè уште остануваат традиционални во нивните погледи, како што тоа го покажува и компаративната анализа на Ф. Џонс и Ф. Смит, со која се опфатени 23 земји (види Jones and Smith, 2001). Очигледно, наспроти глобализацијата, масовните миграции и културниот плурализам, етничката/културната припадност се рангира високо на скалата на преференциите на граѓаните, поставувајќи го пред науката прашањето како најдобро да се интерпретира состојбата според која малцинската група поседува посебен идентитет, но и чувство за припадност кон пошироката заедница (Miller, 2000). Повеќето истражувачи на проблемот на етничкиот версус националниот идентитет укажуваат дека модерниот национализам и идентитетите никогаш не се целосно конструирани само од еден модел. Попрво би можело да се каже дека тие го изразуваат длабокиот дуализам во срцето на секој национализам. Некогаш преовладуваат едните компоненти, некогаш другите (Smith, 1991: 13; Laponce, 2008), што говори во прилог на тезата дека модерниот национализам и идентитетите се динамичка категорија. Анализирајќи ги политичките идентитети во мултикултурните општества, Линц и Степан констатираат дека многу луѓе во нив себеси се гледаат со повеќекратни и комплементарни идентитети, што е клучно за демократијата во овие општества. Тоа, пак, е тесно поврзано со квалитетот на политичкото водство, што може да ги поддржува и да ги негува, како што може да поддржува и да негува поларизирани и конфликтни идентитети (Линц и Степан, 2008: 66).

Следната глобална констатација што произлегува од спроведените истражувања се однесува на консеквенциите од поседувањето (поточно доминантноста) на едниот наспроти другиот идентитет. Некои од критичарите на дихотомната поделба нагласуваат дека не постојат доволно докази дека етничкиот идентитет е проследен со политичка нетолеранција кон оние надвор од групата и оттука дека тој дејствува како дестабилизирачки фактор во општеството. И обратно, дека националниот идентитет подразбира либерални и космополитски вредности, што го прави пожелен фактор во развојот на демократијата и државата. Напротив, велат тие, постои емпириска евиденција што го

покажува токму спротивното (Hansen and Hesli, 2009; Birnir, 2007). Во таа насока одат и размислувањата на Шулц, кој анализирајќи ги податоците од јавното мислење спроведено во 15 земји заклучува дека стандардното гледиште ги пренагласува разликите помеѓу националните идентитети на Истокот и на Западот. „Сѐ на сѐ, податоците сугерираат дека авторитарното и комунистичко минато не го однеле источноевропското поимање на нацијата во силна културна насока, истовремено слабеејќи ги граѓанските елементи. И додека најголемиот дел од Западот има долга традиција на демократија и релативно силни и стабилни политички институции, културната концепција на нацијата е жива и е во добра состојба, а поддршката за мултикултурализмот е релативно слаба" (Shulman, 2002: 554-585).

Но, она во што најголемиот дел од аналитичарите сепак се согласуваат е дека културно хетерогените политички заедници се поранливи и потешки за менаџирање отколку културно хомогените и оттука одговорноста на нивните политички елити е поголема. Како што вели Адам Михник, кога во толпата царува филозофијата на „сѐ или ништо" само најквалитетните политичари, оние што поседуваат храброст и непристрасност, ќе го изберат патот на компромисот, наместо на деструкцијата" (Michnik, 1996: 18). Проблемите се уште поголеми во општествата во кои не постои демократска традиција и во кои монополот на идеите и перманентната борба со непријателот се составен дел на нивната културна матрица. Такви се, несомнено, транзициските општества, при што овој демократски дефицит беше особено видлив при распаѓањето по етничките линии на некогашниот СССР и социјалистичка Југославија. Анализирајќи го прашањето на национализмот и етничките малцинства во посткомунистичките земји, Џорџ Шопфлин проблемот го лоцира, пред сѐ, во претставувањето. Во овие земји, усвоената институционална структура и демократскиот дискурс остануваат само празни форми или, пак, веднаш се пополнуваат со недемократски содржини, вели тој. А пак посткомунистичките влади не ги претставуваат граѓаните, туку народите, од што произлегуваат многу сериозни последици (Schopflin, 1996). Други автори акцентот го ставаат врз генезата на политичките реалности во различните делови на Европа, настојувајќи да го откријат капацитетот на различните општества за изградба на едно ново чувство на граѓанство што произлегува од концептот на дијалог, толеранција, компромис (Dressler, 1999; Gross, 1999[10]).

10 Феликс Грос прави една историска ретроспектива на мултиетничката држава, од нејзините рани почетоци до денес, испитувајќи ги притоа различните типови на мултиетнички држави и нивните изгледи за успех.

Во секој случај, не постои единствен рецепт за надминување на проблемите на поделените општества, ниту, пак, еднаш применетиот рецепт е со траен рок. Она што треба да биде трајно/константно е интересот и напорите како на политичките елити така и на цивилното општество, за следење на меѓуетничките процеси и нивно евалуирање како и постојаното трагање по соодветни решенија во функција на превенирање и надминување на кризните состојби. *Кои се тие, а кои сме ние? Во што сме различни, а во што сме слични? Како да го пронајдеме патот по кој ќе чекориме кон заедничката иднина?* Или, со други зборови, се познаваме ли доволно, кои се нашите заеднички интереси и како да изградиме политики што, почитувајќи ги нашите различности, ќе нè обединуваат во изградбата на просперитетно и демократско општество. Улогата и одговорноста на интелектуалците и науката е, се разбира, од посебно значење. Тука го гледаме и интересот на академската заедница во Република Македонија за постојано следење на меѓуетничките односи и процеси, а оваа наша анализа е само мал придонес во таа смисла.

## 2. Комплексноста на националните идентитети
### (како да се пристапи кон истражување на овие идентитети)

Анализирајќи го односот помеѓу етничкиот и граѓанскиот идентитет, Лапонс (2008) предупредува на опасноста од симплифицирање на работите. Да претпоставиме дека една група индивидуи има дуален идентитет, било да е тоа етнички или национален или комбинација на двата. Ако се определиме да ги третираме како луѓе кои поседуваат дуален идентитет, ние ризикуваме да одиме во погрешна насока со нашата интерпретација, вели тој, и уште повеќе ризикуваме да ја комплицираме нивната споредба со други типови на дуални идентитети. Поаѓајќи од ова становиште на Лапонс, ние би додале дека сложеноста на националните идентитети и претпазливоста во нивната интерпретација се должат на најмалку три фактори.

Националниот и етничкиот идентитет не се единствените идентитети. Како што наспоменавме на почетокот, сите поседуваме широк спектар од идентитети (идентитетски црти), што се вкоренети во различните аспекти на нашата самоперцепција. Посебен проблем е недостатокот на мерења што би се однесувале на релативното значење што им го придаваме на нашиот етницитет или на нашата нација, особено во

споредба со останатите карактеристики на нашиот селф и социјалното опкружување, како што се професијата, возраста, семејството, пријателите итн., ќе констатира Лапонс (2008). (Друго е прашањето, дали еднаш воспоставената хиерархизација на идентитети е од траен карактер или е подложна на промени и од што се условени тие промени.)

Доколку сепак го фокусираме нашиот интерес кон етничкиот и националниот идентитет, веднаш ќе констатираме дека станува збор за повеќекратни идентитети (multiple identities) и на едната и на другата страна на замислената оска. Така, на пример, истражувањата во Канада покажаа дека, покрај канадскиот идентитет, граѓаните се идентификуваат со својата провинција (особено франкофоните во Квебек), а некаде и регионот и градот се јавуваат како релевантни фактори за идентификација на индивидуите. Тука се поставува прашањето за партикуларноста на одделните (граѓански) идентитети во однос на националниот идентитет, на пример, за капацитетот/нивото на либералните и космополитските вредности што го поседуваат членовите на секој од овие групни идентитети.[11] Од другата страна се етничкиот, религиозниот и јазичниот идентитет што можат да се преклопуваат кај одредена социјална група, но и не мораат. Се поставува прашањето за нивниот соодност и дали тие секогаш (ре)продуцираат недемократски вредности.

Следниот аспект што истражувачите треба да го имаат предвид при истражувањата на етничкиот/те и националниот/те идентитет/и е во каков соодност се тие идентитети. Така, Ален и др. (1983) укажуваат дека граѓанските идентитети се вклопени еден во друг како руските матриошки, идентификацијата со градот е вклопена во идентитетот со провинцијата, а оваа со нацијата (Salazar, 1998; според Chastenay and Pagé, 2002). Конечно, сите тие се во заемна врска и во меѓусебно влијание, констатираат истражувачите. Придавајќи му посебно внимание токму на соодносот на идентитетите, Лапонс напоменува дека е потребно да направиме најмалку три дистинкции во зависност од тоа дали идентитетите се: а) одвоени еден од друг; б) поставени (вгнездени) еден во друг (како што е израелскиот вгнезден во американскиот или вице верса); и в) делумно се преклопуваат така што во некој контекст релацијата е слична на онаа во случајот а), додека во други случаи таа релација е слична на случајот б) (Laponce, 2008).

11 Во своето истражување за идентитетите во Канада авторите констатираат мошне силна приврзаност кон провинцискиот (квебечки) национализам, но и висока преференција за канадскиот идентитет. Квебечкиот национализам е очигледен, велат тие. Но, не е јасен степенот на компатибилност версус конфликтност помеѓу канадскиот и квебечкиот национализам (Laponce and Safran, 1996).

Надоврзувајќи се на моделот на Лапонс, Гинграс го надополнува со уште една можност, сакајќи да укаже на сложеноста на релациите што се јавуваат во реалниот живот. Тоа е конфигурацијата или категоријата на претопените идентитети (Gingras, 2005). Се разбира, покрај категоризацијата што ја нудат овие автори, во литературата се среќаваат и други бројни модели или категоризации. Хансен и Хесли (2009), на пример, предлагаат четири категории на идентитети (граѓански, етнички, хибриден и атомизиран), базирајќи ја типологизацијата на приврзаноста на поединците кон групата и толеранцијата кон оние надвор од групата.

Следниот аспект во проучувањето на повеќекратните идентитети е на кој начин се изразува, доживува приврзаноста кон групниот идентитет. Најчесто се зборува за чувството на припаѓање, приврзаност, но битно е да се знае што подразбира индивидуата под тоа. Дали во таквиот став на индивидуата е присутна само когнитивната или и емотивната и бихејвиоралната компонента. Дали приврзаноста кон определена социјална група значи во исто време и споделување на заедничките вредности и интереси или не; дали индивидуата чувствува солидарност со другите членови на групата што би подразбирало и подготвеност за заедничка акција итн. Бихејвиоралната или процесно-ориентирана компонента на идентитетот е мошне значајна бидејќи укажува како групата функционира или ќе функционира во иднина (Caporaso and Kim, 2009). И покрај тоа што идентитетот се поврзува, пред сè, со поими како сепство, личност или индивидуална автономија, неговата идеолошка моќ лежи во неговиот имплицитно колективистички повик за групна солидарност (Collins, 1992; според Malesevic, 2006: 10).

Варијабилностите што се јавуваат помеѓу индивидуите како резултат на различните начини на кои индивидуата се идентификува со социјалната група (Leach et al., 2008; Roccas et al., 2008; според Barrett, 2010) се емпириски дофатливи. Една личност може да се рангира високо според солидарноста и подготвеноста за заедничка акција со другите членови на групата, но ниско во однос на споделувањето на вредностите на групата и обратно. Во секој случај, сознавањето на овие димензии на националниот, односно етничкиот идентитет се мошне значајни во смисла на предвидувањата на идните однесувања на групата и на градењето на одредени политики во пресрет на таквите однесувања.

# 3. Фактори на влијание врз формирањето и развојот на националните/ етничките идентитети

Со оглед на значењето што националниот и етничкиот идентитет го имаат за развојот на демократијата, во академските кругови постои изразен интерес за проучување на нивното формирање и на нивниот развој. Прашањата зошто некои идентитети доминираат во определени социјални групи, а други не, дали и како е можно да се влијае на нивното менување упатува на факторите на влијание врз структурирањето на идентитетите. Широко прифатеното гледиште дека колективните идентитети се социјален феномен, чиешто создавање и пресоздавање е неразделно од општествените процеси на комуникација и културна трансмисија, нè упатува на општествениот контекст и процесите на социјализација како основни фактори на влијание. За некои автори (Shulman, 2002: 5) од особено значење се политиките на државата во смисла на легитимирање на доминантноста на една етничка група над останатите и јавниот дискурс во поддршка на таквите политики. Други автори се концентрирале на диференцијалните карактеристики на групата, како што се религијата, јазикот, социјалниот статус, местото на живеење. Основните претпоставки се дека групите што покажуваат повисок степен на приврзаност кон својата религија во поголема мера ќе го развијат своето чувство за припадност кон сопствената етничка група (Hansen and Hesli, 2009). Освен религијата, и лингвистичката хетерогеност се смета за значаен фактор на културна диференцираност на групата, па повеќе автори јазикот, како значајно средство на социјализација, го поврзуваат со етнонационализмот (Rosenblatt, 1964; Rahman, 1997; Fournier, 2002; според Barrett, 2010). Во оваа смисла, Хансен и Хесли (2009) во своето истражување поаѓаат од претпоставката дека оние што ги користат во поголема мера својот јазик се повеќе диспонирани да развијат етнички отколку граѓански идентитет. Во иста смисла ќе се социјализираат и оние етнички групи што се концентрирани на определена територија. Понатаму, нискиот социјален статус (Horovitz, 1985: 185), како и искуството со дискриминацијата (Harf and Gurr, 1994; Sisk, 1996), како значајни генератори на незадоволството, исто така, не одат во прилог на граѓанскиот идентитет.

Сознанијата од многубројните истражувања укажуваат на различни ефекти од експланаторните варијабли. Во некои ситуации појдовните хипотези се потврдуваат, во други се отфрлаат, укажувајќи на комплексноста и чувствителноста на проблематиката, но и на претпазливоста со која аналитичарите треба да пристапат кон интерпретацијата на добиените податоци.

## 4. Истражувањето на идентитетите кај студентската популација во Република Македонија – методолошки пристап

Поаѓајќи од мултикултурниот карактер на македонското поделено општество, истражувачкиот тим имаше цел да ги испита перцепциите на идентитетите кај студентската популација во Република Македонија и да утврди на кој начин и во која мера социјалните обележја на испитаниците, а пред сè етничката припадност на студентите, влијае на нивните ставови и мислења поврзани првенствено со нивниот национален и етнички идентитет. Концепцискиот пристап што се користеше во истражувањето овозможи повеќеслоен и покомплексен приод во анализата на овие клучни идентитетски црти за секое мултикултурно општество. Тоа беше реализирано прво, со можноста испитаниците да го вреднуваат нивното релативно значење во рамките на еден поширок спектар од идентитетски црти, што впрочем ја сочинува комплексната структура на идентитетот на секоја личност (хиерархијата на 13 идентитетски црти), второ, преку можноста испитаниците да се изјаснат за различните аспекти/компоненти на приврзаноста кон секоја идентитетска црта (присуството на когнитивната, емоционалната и акциската компонента), и трето, преку можноста испитаниците да се самокатегоризираат во понудените категории што го изразуваа дуалниот карактер на нивниот национален идентитет.

Оттука, основните истражувачки прашања на кои се направи обид да се даде одговор се:

- Каква е хиерархијата на идентитетските црти кај испитуваната популација, со посебен интерес за лоцираноста на етничкиот и националниот идентитет во таа хиерархија;

- Каква е дистрибуцијата на категориите на националните идентитети кај испитуваната студентска популација, што го изразуваат соодносот на етничкиот и граѓанскиот идентитет;
- Како испитуваната популација ја доживува својата припадност, приврзаност кон одделните социјални групи, во смисла на тоа кои идентитетски црти се длабоко вкоренети во личноста на испитаниците, а кои се на периферијата;
- Какви се перцепциите за дискриминацијата кај испитуваната студентска популација и кои основи за дискриминација се доминантни;
- Кои социјални детерминанти влијаат на перцепциите на испитаниците.

***За експланаторните варијабли***
***(фактори на влијание врз структурирање на идентитетите)***

Покрај етничката припадност, во истражувањето беше испитувано и влијанието на следните фактори врз структурирањето на идентитетите кај двете основни (етнички) субгрупи: пол, социјален статус, религиска припадност, универзитет на кој студираат и искуството со дискриминацијата.

Основните претпоставки на истражувачите беа дека фактори што ќе го поддржат етничкиот идентитет се: нискиот социјален статус, искуството со дискриминацијата и етнички хомогената универзитетска средина. И обратно: дека граѓанскиот идентитет ќе биде поддржан од оние со повисок социјален статус, помало искуство со дискриминацијата и етнички хетерогената универзитетска средина. Анализата на добиените податоци укажа дека се потврдија само некои од појдовните претпоставки.

Во однос на социјалниот статус, што се испитуваше врз основа на самоперцепцијата на испитаниците, поради високиот процент на испитаници кои се изјаснија дека припаѓаат на средниот слој (77%), (што тешко може да се претпостави дека одговара на реалната состојба) се доведе во прашање понатамошната употреба и на оваа варијабла.

Дискриминацијата е испитувана преку еден блок прашања во анкетата и се однесува на институционалната дискриминација и тоа во областа на вработувањето, напредувањето во професијата и водењето бизнис, како и дискриминацијата од страна на полицијата и судството. Не се потврди претпоставката за поврзаноста на перцепцијата за дискриминација со категоризацијата што го отсликува односот на етнички

наспроти граѓански идентитет. Ова веројатно се должи на утврдената перцепција за мошне широката распространетост на дискриминацијата во македонското општество (и тоа по сите основи – припадност кон политичка партија, етничка припадност, припадност кон побогатите слоеви, пријатели и семејни врски), при што политичката припадност е перципирана како доминантен фактор на дискриминација.

Што се однесува до универзитетот на кој се школуваат студентите, тој претставува своевиден агрегат на два фактора: територијална концентрација на социјалната група и јазикот на студирање, односно јазикот на социјализација. Имено, Универзитетот во Тетово се наоѓа во регионот со доминантно албанско население и наставата се изведува на албански јазик, додека Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се наоѓа во регион со доминантно мнозинско население, а наставата се одвива на македонски јазик. Во многу случаи се потврди претпоставката дека универзитетот е значаен фактор на влијание врз самоперцепцијата за идентитетите, што е прикажано во продолжение на текстот. Во најголемиот број од резултатите, универзитетите ситуирани во релативно хомогена етничка средина се наоѓаат на половите на една замислена оска на скорови, додека Универзитетот во Скопје е помеѓу овие два пола.

И на крајот, треба да се наспомене дека генералната претпоставка за влијанието на етничката припадност (малцински ефект) како фактор на влијание врз перцепциите на испитаниците во голем дел се потврди во спроведеното истражување.

# II ХИЕРАРХИЈА НА ИДЕНТИТЕТСКИТЕ ЦРТИ

Проф. д-р Лидија Христова
Доц. д-р Анета Цекиќ

Она што недостасува во истражувањата за социјалните идентитети, констатираат канадските политиколози Лапонс и Гинграс, се мерења што би се однесувале на релативното значење што ние им го придаваме на нашиот етницитет или на нашата нација во споредба со другите карактеристики на нашиот селф и социјалното опкружување, како што се професијата, возраста, семејството, пријателите итн. Значи, недостасуваат поголеми истражувања што би го мереле значењето што му го придаваме на нашиот национален или етнички идентитет во споредба со другите наши идентитети. Колку е значајно да се биде ирски Американец или жител на Квебек во споредба со тоа да се биде жена, лекар?... Дали чувствуваме поголема солидарност со припадниците на нашиот пол отколку кон припадниците на нашата професија или религија? Дали и колку препознаваме заеднички интереси со останатите од нашата професија, религија, пријателите? ... Дали таа замислена хиерархија помеѓу идентитетските црти или различните улоги/припадности е константна или се работи за динамичка категорија што се менува во зависност од околностите во нашето опкружување, но и од промените што се случуваат во нас како личности. Аргументирајќи во прилог на променливоста на односите и перцепциите за нив, аналитичарите потсетуваат дека етничкиот и/или националниот идентитет е предмет на преговарање и промени. НИЕ (in-group) не сме секогаш конфронтирани/спротивставени на истите ТИЕ (out-group), а и двата типа се менуваат со текот на времето (Laponce, 2008; Tournon, 1989).

Овие и многу други прашања заслужуваат посебно внимание од оние што ги анализираат мултикултурните општества и се особено корисни за компаративните анализи, бидејќи на собраната емпириска евиденција даваат поинаква димензија што е особено податлива за правење споредби помеѓу повеќе примероци. Проблемот е мошне интересен и од гледна точка

на политичката наука, бидејќи утврдувањето на овие релации е непосредно поврзано со многу димензии од политичкиот живот во едно општество. Од изборите, до понудите на политичките партии, до дизајнирањето на определени политики и нивната одржливост, политичката идентификација и мобилизација, политичката социјализација итн. Сите тие политички процеси во голема мера се базираат на сознанијата за хиерархизацијата на идентитетските црти кај граѓаните, а кога станува збор за мултиетничките општества, особено за лоцираноста на етничкиот и националниот идентитет во однос на останатите идентитети што ги поседуваат поединците.

Прелиминарните анкетирања од овој тип се направени од Гинграс и Лапонс во неколку мултикултурни општества. Најнапред на два универзитета во Канада (Британиш Колумбија и Универзитетот во Отава), при што била анкетирана студентската популација, а подоцна истражувањето е проширено од Гинграс на универзитетите (некаде и во гимназиите) во Франција, Швајцарија и Белгија[12]. Кај сите примероци (универзитети) добиените податоци од анкетите упатуваат на две најопшти сознанија: прво, кај малцинствата постои тенденција да им придаваат повеќе значење на своите малцински маркери во споредба со мнозинската група (отколку што мнозинската група им придава на своите маркери), и второ, семејството и пријателите секогаш се лоцирани на врвот или близу до врвот од замислената хиерархија на идентитети според нивната значајност (Laponce, 2008: 233).[13]

12 Во сите случаи се работи за мултикултурни општества и во сите случаи со примерокот на испитаниците биле опфатени припадниците на малцинските и на мнозинските социјални групи.

13 Се разбира, истражувањата понудија и многу други сознанија. Некои од нив ќе бидат прокоментирани во продолжение на текстот, но пред сè во функција на споредба со податоците што се добија во истражувањето што го спроведе истражувачкиот тим на ИСППИ.

# 1. Методолошки пристап – како се истражуваше хиерархијата на идентитетските црти

За истражувањето на идентитетските црти на студентите беше применет прашалник[14] во кој беа понудени/дефинирани 13 идентитетски црти или припадности: *пол, возраст, етничка група, државјанство, професија, преферирана политичка партија, роден крај, место на живеење, универзитет, класа, религија, семејство* и *блиски пријатели*, при што испитаниците нив ги дефинираа според сопственото сфаќање, а од нив се бараше да се опишат себеси според сопствената перцепција за припадност на одредена општествена група/категорија. Со помош на седумстепена Ликертова скала од испитаниците се бараше да ги изразат/опишат карактерот и интензитетот на секоја идентитетска црта:

- Значењето;
- Нивото на заедничките интереси;
- Нивото на солидарност;
- Психолошкиот проблем да замислат промена на соодветната идентитетска црта.

Така, преку секое прашање се верифицираше (на скала од еден до седум) *колкаво значење* испитаникот придава на секоја категорија или идентитетска црта, во која мера смета дека *постојат заеднички интереси* со останатите кои ѝ припаѓаат на истата група, *колкава солидарност* споделува со оние што ја поседуваат истата идентитетска црта, во која мера има *проблем/тешкотија да замисли дека би можел да ја промени соодветната идентитетска црта*, во која мера луѓето кои споделуваат иста идентитетска црта *се задоволни* од односот на општеството кон нив.

Во ваквиот тип истражувања реално е да се очекува дека одделните социјални индикатори за конструктот на идентитетот на поединецот ќе варираат во различните субгрупи на популацијата. На пример, возрасните во однос на младите, оние со високо образование во однос на оние без или со низок степен на образование итн.

---

14 Беше направено мало приспособување на прашалникот на Лапонс и Гинграс, што инаку имаше 15, односно 14 категории или идентитетски црти. И авторите наспоменуваат дека во зависност од средината во која го спроведувале истражувањето и тие вршеле мали корекции на инструментот, вклучувајќи го тука и вордингот.

Со оглед на фактот што целната група е студентската популација, специфицирана онака како што е опишана порано, многу од варијаблите вообичаени за ваков тип истражувања (на пример, старост, занимање, образование) не беа релевантни за истражувачките појдовни претпоставки. Значи, се работи за една релативно хомогена општествена група. Всушност, појдовната претпоставка е дека етничката припадност на испитаниците ќе се јави како значаен фактор на влијание за нивните перцепции за сопствената социјална положба во општеството, како и за значајноста на определени социјални релации што го обликуваат нивното секојдневие. Со еден збор, за обликувањето на нивниот идентитет. Основните истражувачки прашања на кои се направи обид да се даде одговор се:

- *Каква е хиерархиската структура на идентитетските црти кај студентската популација во РМ?*
- *Какви бихејвиорални последици произлегуваат од приврзаноста кон одделните идентитетски црти?*
- *Колку е стабилна хиерархиската структура на идентитетските црти кај различните потпримероци (етничка припадност, пол, универзитетска средина)?*

# 2. Релативното значење на идентитетските црти кај студентската популација

Испитуваната студентска популација на следниот начин ги рангираше идентитетските црти (Табела 1). Во табелата се претставени средните вредности и средните рангови добиени за секоја идентитетска црта и тоа за целиот примерок.

**Табела 1. Хиерархија на идентитетските црти според нивното значење**

(сите испитаници N = 451)

| Идентитетска црта | Средна вредност (1-7) | Ранг |
|---|---|---|
| **Семејство** | 6,60 | 1 |
| **Блиски пријатели** | 6,36 | 2 |
| **Религија** | 5,91 | 3 |
| **Професија** | 5,86 | 4 |
| **Место на живеење** | 5,57 | 5 |
| **Етничка група** | 5,51 | 6 |
| **Пол** | 5,47 | 7-8 |
| **Роден крај** | 5,47 | 7-8 |
| **Возраст** | 5,37 | 9 |
| **Универзитет** | 5,28 | 10 |
| **Класа** | 5,09 | 11 |
| **Државјанство** | 4,96 | 12 |
| **Политичка партија** | 3,23 | 13 |
| **Средна вредност на котите** | **4,04** | |

Првите три места на ранг-листата ги заземаат семејството, пријателите и религијата, додека последните три политичката партија, државјанството и класата, од што е очигледно дека испитуваната популација предност им дава на приватниот живот и интимата. Анализата на средните вредности ни дава можност да ги видиме и разликите меѓу ранговите, при што паѓа во очи дека семејството и пријателите се издвојуваат од останатите со мошне високи средни вредности (6,60 и 6,36, приближувајќи се до максимумот – 7), додека на дното од табелата, значајно дистанцирана од претходните коти, се наоѓа политичката партија со средна вредност 3,23. Разликата помеѓу оваа средна вредност и онаа за државјанството

(државјанството беше рангирано на претпоследното место) изнесува цели 1,73 поени, што воедно претставува и најголема разлика помеѓу два соседни ранга. Очигледно е дека студентската популација од нашиот примерок ѝ придава сосема мало значење на преферираната политичка партија во однос на сите останати идентитетски црти. На средината на табелата, со релативно мали разлики во средните вредности, се наоѓаат останатите идентитетски црти: пол, роден крај, место на живеење, професија итн. Графичкиот приказ што следува убаво ја илустрира оваа состојба.

**Графикон 1. Хиерархија на идентитети кај студентската популација**




*Споредбите* со добиените наоди во истражувањата на Лапонс и Гинграс се ризични и би можело да им се стават сериозни методолошки забелешки. Но, со оглед на тоа што се работи за популација на иста возраст и со иста професија (студенти од општествените науки) и дека истражувањето е правено во мултиетнички општества, сепак ќе се дозволат неколку општи опсервации. Најнапред една сосема генерална опсервација би била дека постојат повеќе сличности, но и некои значајни разлики. И во истражувањата на Лапонс и Гинграс семејството и пријателите се на врвот на хиерархијата, што аналитичарите го поздравуваат како израз на здраво општество, додека на дното се наоѓаат политичката партија и религијата. Коментирајќи го ваквото рангирање на политичката партија тие причините ги лоцираат во деполитизацијата и/или „манифестација на тенденцијата на една неидеолошка култура од типот на крајот на историјата, крајот на идеологијата?“ (Gingras, 2003: 7; Gingras et Laponce, 2000).

Кога станува збор за македонскиот општествен контекст, би рекле дека *малото значење* што респондентите ѝ го придаваат на *политичката партија* се должи на аполитичност (деполитизацијата претпоставува дека испитаниците порано имале поголем интерес за политиката), што може да се должи на возраста на испитаниците (поради својата возраст тие сѐ уште се со сосема мало искуство во политиката), но можеби и на револтот и незадоволството од политичкиот живот во земјата. Нашето истражување не дава можност за верификација на овие претпоставки.

Во однос на религијата, што е на претпоследното место во истражувањата на Лапонс и Гинграс, истражувачите коментираат дека, со оглед на општата тенденција во западните општества, очекувано е таа сѐ повеќе да го губи значењето и сѐ помалку е или може да биде фактор на социјална интеграција. (Дури, сметаат тие, може да се очекува религијата во некои идни истражувања да се најде и на последното место.) Се чини дека разликите кај религијата спаѓаат во значајните разлики помеѓу добиените резултати за релативното значење на идентитетските црти на студентската популација во конкретното (македонско) истражување и она на Гинграс и Лапонс. Во истражувањето спроведено во Македонија, религијата се наоѓа некаде на врвот на замислената пирамида, веднаш зад семејството и пријателите. Притоа, интересно е да се види во која мера високото рангирање на религијата се должи на силната приврзаност на популацијата за верските вредности и принципи, а во која мера тоа е поттикнато/стимулирано од мултиетничкото поделено македонско општество.

Некои од истражувањата спроведени во Република Македонија потврдуваат дека земјата спаѓа во категоријата на високорелигиозни општества. Во јавното мислење од 2012 година, реализирано на репрезентативен примерок на полнолетната популација во земјата, 77% од испитаниците се изјасниле како верници, 18,4% нешто како верник и неверник, а помалку од 5% одговориле дека не се верници. Според овие резултати, констатираат истражувачите, Р. Македонија се вбројува во високорелигиозните земји, бележејќи слични стапки на религиозност со земјите како Молдавија (77,1%), Полска (76,5%) и Хрватска (76,5%), притоа значајно одвојувајќи се од земјите од соседството – Србија (68,2%) и Бугарија (52,2%), (Цацановска, 2014). Следната констатација на која упатува авторката е дека во случајот на македонското општество

религијата е тесно поврзана со националниот/етничкиот идентитет и со политиката. Најзначајниот индикатор во таа смисла е видливото зголемување на стапката на верници по меѓуетничкиот (македонско-албански) вооружен конфликт во 2001 година, кога стапката на религиозност се искачи дури на 93,5%.

Кога станува збор за споредбите, битно е да се нагласи разликата во однос на државјанството, што во истражувањата на Лапонс и Гинграс е во горниот дел од табелата, додека во случајот на македонското истражување државјанството (националниот идентитет) е рангирано мошне ниско (на ова сознание му се обрнува посебно внимание во текстот што следува, па тука нема да се коментира).

# 3. Влијанието на некои социодемографски карактеристики на испитаниците врз нивните перцепции

## 3.1 Етничката припадност на испитаниците и хиерархијата на идентитетските црти според нивното значење

Во која мера етничката припадност на испитаниците влијае на модифицирањето на погореанализираната хиерархиска структура на идентитетските црти според нивното значење? Во што се состојат тие модификации? Дали се потврдува влијанието на малцинскиот синдром? Кога станува збор за ова последното, идентитетските црти што го допираат прашањето на малцинскиот статус во овој случај би биле етничката припадност, државјанството и религијата и би се однесувале на студентите со албанско етничко потекло. Притоа, имајќи го предвид македонскиот општествен контекст би се очекувало државјанството да биде пониско рангирано, односно на оваа идентитетска црта Албанците да ѝ придаваат помало значење за разлика од религијата и етницитетот на кои би се очекувало да им придадат поголемо значење во однос на значењето што ќе им го придадат студентите со македонско етничко потекло.

Во продолжение се претставени резултатите за значајноста на идентитетските црти кај двете етнички групи и тоа според добиените рангови и средни вредности.

**Табела 2. Хиерархија на идентитетските црти според нивното значење кај Албанците и Македонците (рангови и средни вредности)**

| Идентитетски црти | Ранг | | | Средна вредност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Разлика во рангови | Македонци | Албанци | Разлика во средни вредности М-А |
| **Пол** | 9 | 7 | **2** | 5,22 | 5,77 | **-0,55** |
| **Возраст** | 11 | 9 | **2** | 5,17 | 5,63 | **-0,46** |
| **Државјанство** | 5 | 12 | **7** | 5,43 | 4,38 | **1,07** |
| **Етничка група** | 7 | 8 | **1** | 5,28 | 5,71 | **-0,43** |
| **Професија** | 3 | 4 | **1** | 5,74 | 5,98 | **-0,24** |
| **Религија** | 4 | 2 | **2** | 5,55 | 6,33 | **-0,78** |
| **Политичка партија** | 13 | 13 | **0** | 3,03 | 3,45 | **-0,42** |
| **Роден крај** | 10 | 6 | **4** | 5,19 | 5,79 | **-0,60** |
| **Место на живеење** | 6 | 5 | **1** | 5,35 | 5,83 | **-0,48** |
| **Универзитет** | 8 | 10 | **2** | 5,24 | 5,38 | **-0,14** |
| **Класа** | 12 | 11 | **1** | 4,92 | 5,28 | **-0,36** |
| **Семејство** | 1 | 1 | **0** | 6,56 | 6,63 | **-0,07** |
| **Блиски пријатели** | 2 | 3 | **1** | 6,49 | 6,21 | **0,28** |
| **Средни коти** | | | | **5,32** | **5,57** | **0,42** |

Првото сознание е дека се работи за глобално две приближно исти хиерархиски структури во кои на врвот на хиерархиската скала се наоѓаат семејството и пријателите, а на дното политичката партија, класата, универзитетот. Разликите во ранговите се значајни кај државјанството (разликата изнесува седум ранга) и кај родниот крај (разликата изнесува четири ранга), при што, очекувано, на првата идентитетска црта етничките Македонци ѝ придаваат многу поголемо значење отколку етничките Албанци. Што се однесува до родниот крај, за неговото повисоко рангирање кај Албанците во моментот и на ова ниво на анализа не би можело да се даде објаснување. И средните вредности ги потврдуваат овие сознанија, при што даваат можност да се согледаат и позначајните разлики во одговорите добиени кај двата етникума за иста идентитетска црта. Покрај веќеспоменатите, тука би ги вброиле и религијата и полот, при што и во двата случаја етничките Албанци им придаваат поголемо значење на овие идентитетски црти. Етничката група го зазема средишното место во табелата.

Со статистичка обработка на добиените резултати (преку t-test) утврдени се статистички значајни разлики во 9 од можните 13 позиции (идентитетски црти), од што недвосмислено може да се извлече заклучок за релевантноста на етничката припадност на испитаниците како фактор на влијание врз добиените одговори (исклучок се семејството, професијата и политичката партија, каде што не постојат статистички значајни разлики).

**Табела 3. Табела на значајност на разлики во хиерархијата на идентитети според етничка припадност (Македонци и Албанци)**

| Значајност | P > | t-test |
|---|---|---|
| **Пол** | 0,01 | -3.239 |
| **Возрасна група** | 0,01 | -3.010 |
| **Државјанство** | 0,01 | 5.802 |
| **Етничка група** | 0,05 | -2.555 |
| **Религија** | 0,05 | -2.009 |
| **Роден крај** | 0,01 | -3.727 |
| **Место на живеење** | 0,01 | -3.085 |
| **Класа** | 0,05 | -2.194 |
| **Блиски пријатели** | 0,05 | 2.331 |

## 3.2 Полот и хиерархијата на идентитетските црти според нивното значење

Поврзаноста на полот и значајноста на идентитетските црти е видлива во многу помал број случаи споредено со етничката припадност на испитаниците.

**Табела 4. Хиерархија на идентитетските црти според нивното значење кај жени и мажи (средни вредности и рангови)**

| Идентитетски црти | Ранг | | | Средна вредност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Разлика во рангови | Жени | Мажи | Разлика во средни вредности Ж-М |
| **Пол** | 5 | 11 | **6** | 5,81 | 4,83 | **0,98** |
| **Возраст** | 7 | 9-10 | **2-3** | 5,62 | 4,91 | **0,71** |
| **Државјанство** | 11 | 12 | **1** | 5,20 | 4,50 | **0,70** |
| **Етничка група** | 9 | 5 | **4** | 5,51 | 5,50 | **0,01** |
| **Професија** | 4 | 3 | **1** | 5,94 | 5,72 | **0,22** |
| **Религија** | 3 | 4 | **1** | 6,03 | 5,66 | **0,37** |
| **Политичка партија** | 13 | 13 | **0** | 2,90 | 3,84 | **0,94** |
| **Роден крај** | 8 | 6 | **2** | 5,58 | 5,27 | **0,31** |
| **Место на живеење** | 6 | 7 | **1** | 5,76 | 5,22 | **0,54** |
| **Универзитет** | 10 | 8 | **2** | 5,42 | 5,03 | **0,39** |
| **Класа** | 12 | 9-10 | **2-3** | 5,19 | 4,91 | **0,28** |
| **Семејство** | 1 | 1 | **0** | 6,77 | 6,27 | **0,52** |
| **Блиски пријатели** | 2 | 2 | **0** | 6,48 | 6,14 | **0,34** |
| **Средни коти** | | | | **5,55** | **5,22** | **0,4** |

И во двете субгрупи се забележува приближно иста хиерархија на значајноста на идентитетските црти, при што највисоко рангираните се повторно семејството, пријателите и религијата, додека најниско политичката партија, класата, државјанството, универзитетот. Втората констатација би била дека најголема разлика во ранговите (шест ранга) постои кај рангирањето на полот, при што жените на оваа идентитетска црта/ролја ѝ придаваат многу поголемо значење отколку мажите (и разликата во средните вредности е околу 1, поточно 0,98). Со тоа се потврдува хипотезата сврзана за т.н. малцински синдром, односно дека

кај жените постои свест за сопствениот малцински статус во општеството и токму затоа на овој идентитет тие му придаваат поголемо значење отколку мажите кои се во т.н. доминантен или мнозински статус. Трето, постојат и други позначајни разлики меѓу мажите и жените (според добиените средни вредности), што сепак не влијаат битно на хиерархиската структура. Тие се однесуваат на возраста, семејството и државјанството (за жените тие се позначајни отколку за мажите) и на преферираната политичка партија (таа е за мажите позначајна отколку за жените: разликата е – 0,94), што не пречи и во двете подгрупи таа да го зазема неприкосновеното последно место.

## 3.3 Универзитетот и хиерархијата на идентитетските црти според нивното значење

**Табела 5. Хиерархија на идентитетските црти според нивното значење на трите универзитети (средни вредности и рангови)**

| Идентитетски црти | Ранг | | | Средна вредност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | УКИМ | ДУТ | УГД | УКИМ | ДУТ | УГД |
| **Пол** | 6-7 | 8 | 10 | 5,41 | 5,77 | 5,35 |
| **Возраст** | 8-9 | 9 | 11 | 5,28 | 5,69 | 5,27 |
| **Државјанство** | 12 | **12** | **6** | 5,02 | **4,13** | **5,48** |
| **Етничка група** | 6-7 | **5** | **8** | 5,41 | **5,87** | **5,38** |
| **Професија** | 4 | 4 | 3 | 5,82 | 5,90 | 5,90 |
| **Религија** | 3 | 3 | 4-5 | 6,09 | **6,06** | **5,54** |
| **Политичка партија** | <u>13</u> | <u>13</u> | <u>13</u> | 2,98 | 3,57 | 3,30 |
| **Роден крај** | 8-9 | 6 | 7 | 5,28 | 5,84 | 5,47 |
| **Место на живеење** | 5 | 7 | 4-5 | 5,48 | 5,78 | 5,54 |
| **Универзитет** | 10 | 10 | 9 | 5,14 | 5,43 | 5,37 |
| **Класа** | 11 | 11 | 12 | 5,03 | 5,37 | 4,99 |
| **Семејство** | <u>1</u> | <u>1</u> | <u>1</u> | 6,65 | 6,59 | 6,53 |
| **Блиски пријатели** | <u>2</u> | <u>2</u> | <u>2</u> | 6,33 | 6,28 | 6,47 |
| **Средни коти** | | | | **5,39** | **5,56** | **5,43** |

Објаснување: Потцртани се случаите во кои не постојат разлики помеѓу ранговите на трите универзитети. Болдирани се средните вредности каде што разликите меѓу два универзитета се над 0,50, но и поголемите разлики во ранговите помеѓу два универзитета.

Кога станува збор за рангирањето, во три случаи (семејството, пријателите и политичката партија) тие добиле истоветни места во хиерархијата на сите три универзитети, со што практично се пресликува состојбата добиена со општата дистрибуција на одговори. Ранговите се исти или многу блиски и кога станува збор за класата, универзитетот и професијата. Кога станува збор за разликите, тие се најзначајни помеѓу Тетовскиот државен универзитет и Универзитетот „Гоце Делчев" и највидливи кога станува збор за државјанството и етничката група, а потоа за религијата, местото на живеење и родниот крај. Доколку ги анализираме оние идентитетски црти што се најрелевантни за македонското мултикултурно општество, се потврдува хипотезата за малцинскиот синдром, така државјанството на Универзитетот во Тетово е рангирано дури на 12-тото место, а на Универзитетот „Гоце Делчев" на шесто, етничката група има поголемо значење за студентите во Тетово (петти ранг) отколку за студентите во Штип (осми ранг), а приоритет има и религијата на Универзитетот во Тетово (трети ранг), во однос на Универзитетот во Штип (4-5 место). За разликите што се јавуваат во однос на местото на живеење и родниот крај не можеме да дадеме објаснување и очигледно би било потребно анкетното истражување да се дополни со фокус-групи и/или со продлабочени интервјуа, преку кои би се побарале и би се добиле објаснувања за дел од добиените резултати во ова истражување.

Доколку се направи анализа на добиените средни вредности кај трите индикатори што го отсликуваат т.н. малцински синдром и тука разликите се најголеми меѓу Тетовскиот државен универзитет и Универзитетот „Гоце Делчев" и тоа токму за овие три идентитетски црти (државјанство, етничка група, религија).

## 4. Хиерархијата на идентитетските црти според петте истражувани димензии

Досега фокусот беше само на едната димензија – значењето што испитаниците им го придаваат на погоренпосочените идентитетски црти или припадности. Веќе е наспоменато дека во истражувањето беа анализирани уште неколку димензии на идентитетските црти како што се: заедничките интереси со припадниците на одредени групи, солидарноста со припадниците на истата идентитетска црта,

перципираното задоволство на членовите на одредена општествена група со општите состојби и, најпосле, тешкотијата (психолошкиот проблем) да се измени (радикално) таа идентитетска црта или припадноста кон одредена општествена група. Некои од овие димензии (особено солидарноста кон припадниците на истата група и тешкотијата да се замисли промена на групата на која се припаѓа) укажуваат на вкоренетоста на одделните идентитети во личноста на индивидуата, но и на присуството на емоционалната и бихејвиоралната компонента кај испитаниците во однос на одделните идентитетски црти.

Во следната табела се претставени заедно ранговите добиени за секоја од погорепосочените димензии за сите идентитетски црти дадени во прашалникот. Прашањето е дали постои релативна усогласеност помеѓу ранговите на овие пет димензии кај секоја од идентитетските црти или, поинаку кажано, дали добиените рангови во сите четири димензии се релативно блиски/слични или се работи за голема разлика помеѓу нив и како може да се протолкува тоа.

**Табела 6. Хиерархија на идентитетските црти според петте истражувани димензии (рангови за секоја од димензиите)**

| Идентитетски црти | Значење | Заеднички интереси | Солидарност | Задоволство | Промена |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пол** | 7-8 | 3 | 4-5 | 5 | 2 |
| **Возраст** | 9 | 5 | 6 | 10 | 5 |
| **Државјанство** | 12 | 12 | 12 | 12 | 9 |
| **Етничка група** | 6 | 8 | 7 | 9 | 6 |
| **Професија** | 4 | 4 | 3 | 4 | 11 |
| **Религија** | 3 | 6 | 4-5 | 1 | 4 |
| **Политичка партија** | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| **Роден крај** | 7-8 | 11 | 9 | 8 | 7 |
| **Место на живеење** | 5 | 10 | 8 | 7 | 10 |
| **Универзитет** | 10 | 7 | 10-11 | 6 | 12 |
| **Класа** | 11 | 9 | 10-11 | 11 | 8 |
| **Семејство** | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| **Блиски пријатели** | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 |

Резултатите од истражувањето укажуваат дека оние идентитетски црти што се наоѓаат на врвот и на дното од замислената хиерархиска пирамида (според значајноста што им ја придаваат) имаат исти или слични рангови во сите пет истражувани димензии. Така, во однос на семејството и блиските пријатели испитаниците изразуваат најголема солидарност, препознаваат најмногу заеднички интереси со нив, сметаат дека тие покажуваат најголемо задоволство со општите состојби во општеството, но и најголем проблем или тешкотија за евентуална промена за соодветната припадност. Би можело да се претпостави дека тие се најдлабоко вкоренети во нивната личност. Кај политичката партија и државјанството, исто така се забележуваат сосема мали разлики во ранговите или воопшто ги нема, но пораката што таквите резултати ја испраќаат е дека овие идентитетски црти имаат најмало значење за испитаниците, од нив најлесно би се откажале (во смисла на промена), со припадниците на тие групи испитаниците идентификуваат најмалку заеднички интереси, би покажале најмала солидарност итн. Би можело да се претпостави дека во првиот случај се работи за идентитети, припадности што се длабоко вкоренети во личноста на испитаниците, за кои се тие емоционално врзани и во однос на кои е можно да се препознае и акциската компонента. За разлика од нив, во вториот случај наведените идентитетски црти се наоѓаат на периферијата на личноста и таа во нив *инвестира* помалку (емоции, значење, подготвеност за акција). Кај останатите идентитетски црти се забележуваат релативно поголеми разлики во рангирањето на одделните истражувани димензии. Можеби е за одбележување *ниското рангирање на класната припадност во сите пет димензии*, што ја илустрира современата ситуација и во глобални рамки дека социјалната положба во општеството е слаба интегрирачка сила и слаб мобилизаторски фактор, особено во однос на религијата и на етничката припадност.

За Македонија, како типично поделено мултиетничко општество, беше од посебно значење да се види влијанието на етничката припадност на испитаниците врз хиерархијата на идентитетските црти во сите пет истражувани димензии.

**Табела 7. Хиерархија на идентитетските црти според петте истражувани димензии кај етничките Македонци и етничките Албанци (рангови за секоја од димензиите)**

| Идентитетски црти | Значење | | Заеднички интереси | | Солидарност | | Задоволство | | Промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мак | Алб | Мак | Алб | Мак | Алб | Мак | Алб | Мак | Алб |
| **Пол** | 9 | 7 | 3 | 4 | 4 | 5 | 4 | 8 | 2 | 3 |
| **Возраст** | 11 | 9 | 5 | 6 | 5 | 6 | 7 | 9 | 6 | 4 |
| **Државјанство** | 5 | 12 | 10 | 12 | 6 | 12 | 12 | 13 | 7 | 11 |
| **Етничка група** | 7 | 8 | 9 | 7 | 7 | 7 | 9 | 7 | 5 | 6 |
| **Професија** | 3 | 4 | 4 | 5 | 3 | 4 | 6 | 4 | 11 | 10 |
| **Религија** | 4 | 2 | 6 | 3 | 9 | 3 | 1 | 1 | 4 | 2 |
| **Политичка партија** | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 | 12 | 13 | 13 |
| **Роден крај** | 10 | 6 | 11-12 | 11 | 10-11 | 10 | 10 | 5 | 9 | 7 |
| **Место на живеење** | 6 | 5 | 11-12 | 9 | 8 | 8 | 8 | 6 | 10 | 9 |
| **Универзитет** | 8 | 10 | 7 | 8 | 10-11 | 11 | 5 | 11 | 12 | 12 |
| **Класа** | 12 | 11 | 8 | 10 | 12 | 9 | 11 | 10 | 8 | 8 |
| **Семејство** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 |
| **Блиски пријатели** | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 5 |

*Стабилноста на хиерархиската структура* кај двете испитувани етнички групи се забележува кај оние идентитетски црти што се наоѓаат *на врвот* на хиерархиската пирамида (семејството и блиските пријатели), како и кај оние што се на дното (особено политичката партија, а потоа класата). Кај нив *ранговите се изедначени кај сите пет димензии* и *речиси не постојат разлики помеѓу двете субгрупи*. Тоа укажува дека не постои поврзаност на етничката припадност на испитаниците со нивните ставови, потоа дека семејството и блиските пријатели се подлабоко вкоренети во личноста кај испитуваната популација отколку другите идентитетски црти.

Во продолжение ќе бидат коментирани добиените резултати во однос на религијата и државјанството, идентитетски црти што се особено интересни за ова истражување и кај кои се забележуваат индикативни разлики помеѓу субгрупите. *Религијата,*

*што според своето значење е високорангирана и кај двете етнички групи, кај етничките Албанци го задржува високиот ранг кај сите испитувани димензии* (висок степен на заеднички интереси, висок степен на солидарност со останатите кои припаѓаат на таа група, особено задоволство што се припаѓа на групата и сериозен психолошки проблем да се замисли нејзиното менување). Кога станува збор за *етничките Македонци*, кои исто така високо ја рангираат религијата, паѓаат во очи релативно ниските вредности кај заедничките вредности и солидарноста. Во првиот случај добиен е ранг 6, а во вториот ранг 9. Тоа сугерира дека за етничките Македонци религијата не претставува значајна интегрирачка сила ниту силен мобилизаторски фактор, за разлика од етничките Албанци.

Кога станува збор за државјанството, очигледна е поврзаноста на етничката припадност на испитаниците со нивните ставови за државјанството. Кај етничките Албанци од примерокот македонското државјанство е рангирано во сите пет димензии на дното на ранг-листата (12 и 13 место), додека кај етничките Македонци се забележува еден контроверзен однос. Значењето што му се придава на државјанството, солидарноста што се изразува со другите припадници на државјанството и психолошкиот проблем да се замисли неговата промена се рангирани на средина на скалата, додека кога станува збор за препознавањето на заедничките интереси со останатите кои го споделуваат истото државјанство и задоволството од поседувањето на тоа државјанство добиени се најниските рангови.

* * *

Добиените резултати[15] сугерираат дека испитаниците на сите понудени идентитетски црти им придаваат релативно големо значење, на што укажува и добиената средна кота при хиерархизацијата. На првите три места на хиерархиската скала се оние припадности што се поврзани, пред сè, за приватниот живот на испитаниците (семејство, блиски пријатели, религија), а на последните политичката партија, класата и државјанството. Споредбата со истражувањата на Лапонс и Гинграс укажуваат дека покрај сличностите што се гледаат кога станува збор за врвот и дното на хиерархиската пирамида,

15 Во делот за хиерархизацијата се добиени мноштво податоци, но фокусот е само на најзначајните.

постојат и значајни разлики. Разликите се поврзани, пред сè, со религијата, но и со државјанството, две идентитетски црти од особено значење за едно мултикултурно општество. Државјанството во истражувањето е рангирано на дното на хиерархиската скала, додека религијата на врвот, зад семејството и блиските пријатели, што е во целосна спротивност од резултатите добиени во истражувањата спроведени во Канада, Швајцарија, Белгија.

Етничката припадност на испитаниците и универзитетот на кој студираат се покажаа како варијабли што значајно влијаат на перцепциите на испитаниците. Имено, добиените сознанија ја потврдуваат генералната хипотеза на ова истражување за малцинскиот ефект, според која малцинските групи им придаваат поголемо значење на оние идентитетски црти што го обележуваат нивниот малцински статус во општеството (кога станува збор за етничките Албанци тоа значи етничката припадност, религијата, родниот крај, а за жените полот, возраста...).

Посебно внимание заслужуваат одговорите на испитаниците што се однесуваат на петте димензии на припаѓањето или приврзаноста кон групата. Очигледно, пред сè религијата, а потоа и етничката група етничките Албанци ги доживуваат како силен кохезивен и мобилизаторски фактор, додека тоа не е случај со етничките Македонци.

Кога станува збор за државјанството, одговорите сугерираат дека за етничките Албанци тоа очигледно има маргинално значење (преку когнитивната, емотивната и акциската компонента), додека етничките Македонци покажуваат контроверзен однос кон својот национален идентитет. Имено, значењето што му го придаваат, солидарноста што ја изразуваат со оние што го споделуваат истото државјанство и психолошкиот проблем да се замисли неговата промена се рангирани на средина на скалата, додека кога станува збор за препознавањето на заедничките интереси со останатите кои го споделуваат истото државјанство и задоволството од поседувањето на тоа државјанство добиени се најниските рангови.

Овие резултати би можеле да се протолкуваат и во смисла на тоа дека оние припадности што раздвојуваат се позначајни за испитаниците отколку оние што обединуваат.

# III ЕТНИЧКИОТ НАСПРОТИ ГРАЃАНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ

Проф. д-р Лидија Христова
Доц. д-р Анета Цекиќ

Веќе беше наспоменато дека за опстанокот на мултинационалните држави е битно припадниците на различните етнички заедници да бидат приврзани кон заедничката политичка заедница. Се смета дека таквата приврзаност/лојалност произлегува од фактот што пошироката политичка заедница ги почитува и ги штити нивните културни различности и е доволно инклузивна за да им обезбеди пристап не само до културните туку и до економските и политичките ресурси (Кимлицка, 2004: 29). Се разбира, оваа воопштена формулација има конкретна содржина во секој (конкретен) историски и социокултурен контекст, па оттаму и сфаќањето или перцепцијата за *доволнаша инклузивносш* се субјективно обоени и одраз на просторот и времето во кое се јавуваат.

Во литературата се среќаваат различни изрази и поими за приврзаноста на поединците/граѓаните кон државата. Некои ја нарекуваат лојалност, некои национален/граѓански идентитет, некои патриотизам или уставен патриотизам (Glazer, 1997; Isin and Brown, 2007; Turner, 2001; Mummenday, Klink and Brown, 2001). Не навлегувајќи во дебатата за (не)соодветноста и истоветноста на овие термини и сфаќањата за нивната суштина во нашата анализа покрај терминот приврзаност кон државата ќе ги користиме и термините национален и граѓански идентитет и тоа како синоними.

Општо прифатено е гледиштето дека отсуството на приврзаност и лојалност на граѓаните кон сопствената држава, особено кога таквото чувство е распространето кај значајни сегменти на популацијата, укажува на сериозен проблеми со легитимитетот на владеењето во таа заедница, што по правило доведува до политичка нестабилност. Вообичаено се вели дека тие делови, сегменти од популацијата не ја чувствуваат државата како своја, дека се чувствуваат како граѓани од втор ред во однос на останатите. Токму затоа државите настојуваат да ја поттикнат приврзаноста или лојалноста на своите граѓани, користејќи ги притоа различните агенси

на политичка социјализација. Во демократските општества тоа не значи негирање на етничката приврзаност за сметка на националната, па оттука основното прашање што се поставува е како најдобро да се интерпретира комплексноста на состојбата според која малцинската група поседува посебен идентитет, но и чувство за припадност кон пошироката заедница (Miller, 2000: 115-129).

## 1. Категории што го илустрираат односот државјанство-етничка група: одделени, преклопени и претопени идентитети

Кога станува збор за Македонија, едно од клучните прашања што се поврзува за мултикултурниот карактер на македонското општество е колку припадниците на одделните културни (етнички) сегменти се приврзани кон заедничката држава како претпоставка за нејзино ефикасно функционирање.

Во анкетниот прашалник им се даде можност на респондентите да ја илустрираат релацијата меѓу две идентитетски црти – односот меѓу етничкиот идентитет и граѓанскиот идентитет, односно, како што е формулирано во прашалникот, чувството на припадност кон етничката група и кон македонското државјанство. Поаѓајќи од категоризацијата на Лапонс и Гинграс, студентите имаа можност да се определат за една од четирите понудени категории што го изразуваат соодносот помеѓу граѓанскиот и етничкиот идентитет, илустрирани преку цртеж и објаснети со текст.

Според првата илустрација, македонското државјанство и етничкиот идентитет се одделени. Објаснувањето за овој вид релација е дека испитаникот понекогаш се чувствува како граѓанин на Република Македонија, понекогаш како Македонец/Албанец, но никогаш двете заедно.

Според наредните две илустрации на врската меѓу овие две идентитетски црти, тие се вгнездени. Но, додека во првата од нив примарно е идентификувањето со Р. Македонија, а потоа и со етничката група, втората илустрација го прикажува обратниот однос, т.е. преклопување во кое постои идентификување со Р. Македонија, но попрво со етничкиот идентитет.

Во четвртата илустрација е претставена претопеноста на граѓанскиот и етничкиот идентитет што е идеална/посакувана за граѓанско-ориентиранаата политичка заедница. Како што е објаснето, во овој случај, испитаниците не прават разлика помеѓу етничката припадност и своето државјанство, односно тие за нив имаат исто значење и претставуваат една целина.




**1. Одделени идентитети:**
Понекогаш се чувствувам како граѓанин на Р. Македонија, понекогаш како Албанец / Македонец, но никогаш и двете истовремено.




**2. Вгнездени идентитети:**
Се идентификувам со мојата етничка група, но **пред сè со Р. Македонија**.




**3. Вгнездени идентитети:**
Се идентификувам со Р. Македонија но **пред сè со мојата етничка група**.




**4. Претопени идентитети:**
Не правам разлика помеѓу мојата етничка припадност и моето македонско државјанство; за мене и двете припадности имаат исто значење и претставуваат една целина

На ниво на целиот примерок, доминира претопениот идентитет – 41,7% од испитаниците вака ја опишале релацијата меѓу нивната припадност кон етничкиот и граѓански идентитет. За 30% од испитаниците етничкиот идентитет е поважен од идентитетот што произлегува од државјанството, но тие се преклопуваат. Исто така, 15,2% од испитаниците сметаат дека кај нив постои преклопување

помеѓу овие два идентитета, но му даваат предност на македонското државјанство. Кај преостанатите 13,1% етничкиот и граѓанскиот идентитет се целосно одделени (Табела 8).

**Табела 8. Однос кон етничкиот и граѓанскиот идентитет на испитаниците**

| Одделени идентитети | Вгнездени идентитети (преовладува граѓанскиот) | Вгнездени идентитети (преовладува етничкиот) | Претопени идентитети | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 13,1% | 15,2% | 30% | 41,7% | 100% |

Во однос на потпримероците етнички Македонци и Албанци, се потврди очекуваната разлика во приврзаноста кон етничкиот и/или граѓанскиот идентитет, од аспект на статусот мнозинство-малцинство во мултиетничко, но длабоко поделено општество. Додека 56,3% од Македонците се изјасниле за претопениот идентитет, овој процент помеѓу студентите Албанци е 23,8%. Најголем дел од студентите од албанската заедница (46,6%) релацијата помеѓу етничкиот и граѓанскиот идентитет ја сместиле во групата вгнездени идентитети, во која сепак преовладува етничкиот идентитет. Дополнителни 21,2% од Албанците се изјасниле дека кај нив припадноста кон овие идентитети е јасно одделена, додека само 8,5%, сместувајќи се во групата на испитаници со преклопени идентитети, му дале предност на македонското државјанство пред етничкиот идентитет. Во случајот со студентите од македонска етничка припадност, 6,5% одговориле дека на врската помеѓу етничкиот и граѓанскиот идентитет гледаат како на одделени идентитети, 20,8% се сместиле во групата преклопени идентитети, каде што преовладува етничкиот идентитет, а кај 16,5% преовладува идентитетот што произлегува од државјанството, иако се преклопува и со етничкиот идентитет (Табела 9).

**Табела 9. Однос на граѓанскиот и етничкиот идентитет според етничката припадност на испитаниците**

| | Одделени идентитети | Вгнездени идентитети (преовладува граѓанскиот) | Вгнездени идентитети (преовладува етничкиот) | Претопени идентитети | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 6,5% | 20,8% | 16,5% | **56,3%** | 100% |
| **Албанци** | 21,2% | 8,5% | **46,6%** | 23,8% | 100% |
| **Статистичка значајност** | **Нема** | **Нема** | **p < 0,01** | **p < 0,01** | |

## 1.1 Влијанието на универзитетот

На ниво на *универзитет* очигледни се разликите кај сите понудени релации помеѓу етничкиот и граѓанскиот идентитет. Дистрибуцијата на одговорите помеѓу студентите од тетовскиот универзитет се одделува од дистрибуцијата на одговорите во скопскиот и штипскиот универзитет. Така, 50,5% од студентите на тетовскиот универзитет му даваат предност на етничкиот идентитет, иако тој може да се преклопува со македонското државјанство. За дополнителни високи 26,3% овие два идентитета се целосно одделени. Само кај 10,1% од испитаниците преовладува македонското државјанство, односно кај 13,1% од нив етничкото и граѓанското се претопени.

Од друга страна, само околу 9%, односно 8% од студентите на УКИМ и УГД имаат одделени идентитети. Понатаму, додека кај 12,3% од студентите на УКИМ преовладува идентификацијата со македонското државјанство во рамките на преклопените идентитети, овој процент е речиси двојно поголем кај штипскиот универзитет и изнесува 21,2%. Двојна е разликата и во случајот на преклопување во кое преовладува етничкиот идентитет: 30,5% кај УКИМ и 14,2% во штипскиот универзитет. Разликата во случајот со претопените идентитети е речиси седум процентни поени – 54,5% од студентите на УГД и 47,6% од студентите на УКИМ ги гледаат овие идентитети како претопени (Табела 10). Претпоставуваме дека разликите се должат на мешаната етничка структура на УКИМ, па при контролирањето на етничките субгрупи во рамките на испитаниците од УКИМ се појавува статистички значајна разлика меѓу потпримероците Македонци и Албанци.

**Табела 10. Однос кон граѓанскиот и етничкиот идентитет според универзитетот на испитаниците**

| | Одделени идентитети | Вгнездени идентитети (преовладува граѓанскиот) | Вгнездени идентитети (преовладува етничкиот) | Претопени идентитети | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **УКИМ** | 9,6% | 12,3% | **30,5%** | **47,6%** | 100% |
| **Универзитет во Тетово** | 26,3% | 10,1% | **50,5%** | **13,1%** | 100% |
| **Универзитет во Штип** | 8,2% | 21,1% | **14,2%** | **54,5%** | 100% |

**Табела 11. Табела на значајност на разлики во релациите помеѓу етничкиот и граѓанскиот идентитет, според универзитетот на испитаниците**

| | Одделени идентитети | Вгнездени идентитети (преовладува граѓанскиот) | Вгнездени идентитети (преовладува етничкиот) | Претопени идентитети |
|---|---|---|---|---|
| **УКИМ-ДУТ** | Нема значајност | Нема значајност | $p < 0,01$ | $p < 0,01$ |
| **ДУТ-УГД** | Нема значајност | Нема значајност | $p < 0,01$ | $p < 0,01$ |

# 2. Приврзаност кон одредени категории

Едно од поставените прашања во анкетниот прашалник имаше цел да ги спореди приврзаностите на испитаниците кон различните видови идентитети и/или политички/географски заедници и особено да се види како се рангирани етничката група и државата (Р. Македонија) во однос на останатите припадности. Како варијабли овој пат беа вметнати и некои (по)глобални категории, па целта беше да се види какви ќе бидат ориентациите на испитаниците во *таква изменета понуда*. На респондентите им беше зададено да ги оценат на скала од 1 до 7 приврзаностите кон Р. Македонија, кон својата етничка група, кон родниот крај, религијата, Балканот и кон Европа, при што 1 значи воопшто не сум приврзан, а 7 многу сум приврзан.

Во Табела 12 се прикажани скоровите на седумстепената Ликертова скала за секоја од понудените категории за целиот примерок. Според добиените резултати, за сите понудени категории респондентите се определиле за повисоките степени на скалата (најнискиот скор е 4,29), при што сепак се видливи разликите во интензитетот на приврзаност кон определените категории.

**Табела 12. Приврзаност кон определени категории (средни вредности)**

| Приврзаност кон: | Р. Македонија | Етничка група | Роден крај | Религија | Балканот | Европа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4,62 | **5,54** | **5,89** | **6,11** | 4,30 | 4,52 |

На ниво на целиот примерок, највисоки се скоровите на приврзаност кон **религијата** (6,11) и тоа особено близу до максималниот скор 7, што, нетипично за студентите од повеќето западноевропски земји, говори за многу високо ниво на религиозност/приврзаност кон религијата помеѓу студентската популација во Република Македонија. Веднаш зад религијата, според интензитетот на приврзаност, се наоѓаат родниот крај и етничката група, што води до заклучокот дека студентите ги преферираат традиционалните вредности релевантни за етничкиот идентитет, во споредба со категориите што се поблиски до граѓанскиот идентитет (Р. Македонија, Балканот и Европа).

Какво значење имаат етничката припадност и универзитетот кај испитаниците за интензитетот на приврзаност кон наведените категории? Добиените податоци укажуваат на значајни разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во однос на нивната приврзаност кон сите понудени категории (исклучок е приврзаноста кон Европа). Сепак, разликите се најголеми и статистички значајни во однос на приврзаноста кон Р. Македонија, етничката група и Балканот. Очекувано, Македонците покажуваат многу поголема приврзаност кон Р. Македонија од Албанците, а Албанците се повеќе приврзани кон својата етничка група од Македонците (што го потврдува ефектот на малцинството). За одбележување е и многу високата приврзаност на двете етнички групи кон религијата (Табела 13).

Приврзаноста кон Европа и приврзаноста кон Балканот за целиот примерок се изненадувачки блиски и котираат најниско помеѓу понудените категории, доколку се има предвид распространетото мислење дека младите имаат желба да се отселат од државата главно поради несигурните перспективи за вработување. Разликата во приврзаноста кон овие категории помеѓу Македонците и Албанците не е занемарлива, при што Македонците се посилно приврзани од Албанците и кон двете категории, а пред сѐ кон Европа.

**Табела 13. Приврзаност кон определени категории според етничка припадност (средни вредности)**

| Приврзаност кон: | Р. Македонија | Етничка група | Роден крај | Религија | Балканот | Европа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | **5,28** | **5,26** | 5,66 | 5,79 | **4,59** | 4,68 |
| **Албанци** | **3,84** | **5,87** | 6,16 | 6,48 | **3,96** | 4,32 |
| **Разлика (М-А)** | 1,44 | 0,61 | 0,50 | 0,69 | 0,63 | 0,36 |
| **Значајност** | t-tests: 8,554 p < 0,01 | t-tests: 3,996 p < 0,01 | Не е значајно | Не е значајно | t-tests: 3,765 p < 0,01 | Не е значајно |

За да се испита влијанието на универзитетот врз приврзаноста кон наведените категории беше применета статистичката техника АНОВА. Анализата на варијанса (ANOVA) е применета да се тестира значајноста на разликите во приврзаностите помеѓу студентите на трите универзитети. Резултатите прикажани во Табела 14 говорат дека кај сите испитувани категории освен приврзаноста кон Европа, Универзитетот „Гоце Делчев“ и Државниот универзитет во Тетово се наоѓаат во различна група, а Универзитетот во Скопје понекогаш е групиран со УГД, а некогаш со ДУТ, при што во сите случаи групирањето е статистички значајно. Во глобала, резултатите ги потврдуваат разликите што беа добиени кога етничката група беше земена како фактор на влијание врз приврзаноста кон наведените категории.

**Табела 14. Приврзаност кон определени категории според универзитетот (средни вредности)**

| Приврзаност кон: | Група 1, Универзитети и скорови | Група 2, Универзитети и скорови | Ф-тест и значајност |
|---|---|---|---|
| **Р. Македонија** | ДУТ – 4,04<br>УКИМ – 4,46 | УГД – 5,30 | F = 15,649,<br>$p < 0,01$ |
| **Етничка група** | УГД – 5,20<br>УКИМ – 5,41 | ДУТ – 6,25 | F = 15,007,<br>$p < 0,01$ |
| **Роден крај** | УГД – 5,68<br>УКИМ – 5,83 | ДУТ – 6,28 | F = 5,533,<br>$p < 0,01$ |
| **Религија** | УГД – 5,79 | УКИМ – 6,22<br>ДУТ – 6,31 | F = 5,228<br>$p < 0,01$ |
| **Балкан** | УКИМ – 4,08<br>ДУТ – 4,10 | УГД – 4,75 | F = 6,939,<br>$p < 0,01$ |
| **Европа** | УКИМ – 4,11 | ДУТ – 4,66<br>УГД – 4,97 | F = 9,244,<br>$p < 0,01$ |

## 2.1 Влијанието на приврзаноста кон Република Македонија врз категоризацијата на идентитетите

Во истражувањето интересно беше да се испита релацијата помеѓу приврзаноста на испитаниците кон погорепосочените категории и нивната самоидентификација со четирите илустрации на односот граѓански версус етнички идентитет (одделени, вгнездени, претопени идентитети). Статистичката обработка покажа дека таква релација постои во случајот на приврзаноста кон Р. Македонија и определувањето за категоријата испитаници со претопени идентитети, односно граѓански идентитет. Во извесна смисла, степенот на приврзаност кон Р. Македонија е контролно прашање што треба да го провери односот на испитаниците кон категориите што го отсликуваат соодносот на граѓанскиот и етничкиот идентитет. Со оглед на тоа што испитаниците покажуваат различен степен на приврзаност кон наведените категории, а со цел за понатамошна статистичка обработка, тие беа групирани во две групи – испитаници со ниска и средна приврзаност кон наведените категории (1-5 степен на Ликертовата скала) и испитаници со висока приврзаност (6 и 7 на Ликертовата скала).

Како што беше очекувано, респондентите со висока приврзаност кон Р. Македонија се идентификуваа со вгнездените идентитети во кои преовладува македонското државјанство и со претопените идентитети (Табела 15).

**Табела 15. Приврзаност кон Р. Македонија и однос на етничкиот и граѓанскиот идентитет изразена во проценти**

| | Одделени идентитети | Вгнездени идентитети (преовладува граѓанскиот) | Вгнездени идентитети (преовладува етничкиот) | Претопени идентитети | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ниска и средна приврзаност кон РМ** | 17,4% | 12,4% | 36,7% | **33,6%** | 100% |
| **Висока приврзаност кон РМ** | 6,3% | 19,5% | 18,9% | **55,3%** | 100% |
| **Значајност** | Не | Не | Не | p < 0,01 | / |

# 3. Влијанието на идентификацијата врз однесувањето

Како се чувствуваат испитаниците во однос на останатите со кои споделуваат исти припадности? Дали овој однос е заснован на чувство на солидарност, активно учество, партиципација и остварување на заедничките интереси, при што сите работат заедно на постигнување на заедничките цели или, пак, во нивниот однос, освен чувството за припадност кон одредена група, изостанува активната/партиципативната компонента и вклучувањето во заеднички активности. Зошто е битно да се истражи оваа димензија на етничкиот и националниот идентитет? Појдовме од претпоставката дека повисоката приврзаност на испитаниците кон определена социјална група во себе вклучува и споделување на заеднички вредности и интереси, како и мотивација за заедничка акција. Од друга страна, бихејвиоралната или процесно-ориентирана компонента на идентитетот, како што веќе споменавме, е значајна бидејќи укажува како групата функционира или ќе функционира во иднина.

Метафорично, овие два вида односа на испитаниците кон останатите со кои споделуваат заеднички припадности во прашалникот беа претставени како: во првиот случај – веслач во една екипа или во вториот случај како дел од публика – гледач на една претстава. На испитаниците им беше поставено следното прашање: Те молиме опиши како се чувствуваш ти во однос на другите личности со кои споделуваш исти припадности? Дали се чувствуваш како член на една иста екипа на веслачи (каде што сите веслаат истовремено и во иста насока) или, пак, се чувствуваш како член на публика за време на една претстава (каде ти не ги споделуваш нужно истите реакции како и другите гледачи). Респондентите одговараа за својот однос кон останатите припадници на категориите: *државјанство, етничка група* и *општина* во која живеат.

На ниво на цел примерок, активната компонента преовладува во случајот на етничката група, по што следува општината. Активациската компонента е најмалку присутна во случајот на Р. Македонија. Кога станува збор за Р. Македонија, ова е едно од ретките прашања во кое етничката припадност не се покажа значајна за дистрибуцијата на одговорите, што значи

дека ваквото чувство е распространето во двете субгрупи од примерокот (Табела 16). На што се должи ваквата дистрибуција на одговори може само да се претпостави, бидејќи се работи за резултати од анкетно, квантитативно истражување. Би можело да се претпостави дека отсуството на перцепција дека сите се дел од една екипа на веслачи се должи на длабоко поделено македонско општество по две линии – етничка (Малеска, 1997; Bieber, 2005; Sulejmani, 2008; Атанасов, 2008), но и партиско-политичка (Христова и др., 2011).

**Табела 16. Чувство за учество со припадниците на зададени категории**

| | Веслач во една екипа | Гледач во една сала | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Со државјаните на РМ се чувствувам како:** | 39% | **61%** | 100% |
| **Со припадниците на мојата етничка група се чувствувам како:** | **66,6%** | 33,4% | 100% |
| **Со граѓаните на мојата општина се чувствувам како:** | 50,9% | 49,1% | 100% |

За разлика од државјанството, во случајот со *етничката група* два фактора се покажаа релевантни за дистрибуцијата на одговорите – етничката група и (делумно) универзитетот. Албанците во многу поголем процент се изјаснуваат како веслачи во една екипа со останатите припадници на својата етничка група (78,2%), отколку Македонците (56,8%). Во случајот со етничките Македонци, процентот на испитаници кои себеси се чувствуваат како веслачи, односно гледачи на сопствената етничка група е во голема мера изедначен (Табела 17).

**Табела 17. Чувство за учество со припадниците на својата етничка група, според етничката група**

| Со мојата етничка заедница се чувствувам како: | Веслач во една екипа | Гледач во една сала | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Македонци** | 56,8% | 43,2% | 100% |
| **Албанци** | 78,2% | 21,8% | 100% |
| **Значајност** | $p < 0,01$ | $p < 0,01$ | / |

Во случајот со универзитетот, статистички се значајни разликите во однос на активните граѓани (веслачи) помеѓу УКИМ и Универзитетот во Тетово, како и помеѓу Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Табела 18).

**Табела 18. Чувство за учество со припадниците на сопствената етничка група, според универзитетот на студирање**

| Со мојата етничка заедница се чувствувам како: | Веслач во една екипа | Гледач во една сала | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **УКИМ** | 65,4% | 34,6% | 100% |
| **Универзитет во Тетово** | 82,1% | 17,9% | 100% |
| **Универзитет во Штип** | 56,2% | 43,8% | 100% |

**Табела 19. Табела на значајност на разлики за чувството за учество (активациска компонента) според универзитетот на респондентите**

| | Веслач во екипа | Гледач во публика |
|---|---|---|
| **УКИМ-ДУТ** | p < 0,01 | Не е значајно |
| **ДУТ-УГД** | p < 0,01 | Не е значајно |

За чувството за заедништво во случајот со *општината*, ниту етничката група, ниту универзитетот се јавуваат како фактори на влијание.

## 3.1 Приврзаноста и партиципативноста

Слично како и со категориите што ја опишуваат релацијата граѓански версус етнички идентитет, ја испитавме и врската помеѓу приврзаноста кон одредени категории и активациската компонента (веслач-гледач) во однос на истите категории. Статистички значајни се покажаа релацијата помеѓу приврзаноста кон Р. Македонија и етничката група. Така, кај испитаниците со висока приврзаност кон Р. Македонија активациската компонента е поприсутна во споредба со испитаниците кои се изјасниле дека имаат ниска приврзаност кон Р. Македонија (Табела 20).

**Табела 20. Приврзаност кон Р. Македонија и чувство за учество со останатите припадници на Р. Македонија**

| | Веслач | Гледач | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Ниска и средна приврзаност кон Република Македонија** | 32,8% | 67,2% | 100% |
| **Висока приврзаност кон Република Македонија** | 49,7% | 50,3% | 100% |
| **Значајност** | $p < 0,05$ | Не е значајно | / |

Испитаниците со висока приврзаност кон етничката група во поголема мера се чувствуваат како веслачи во односот со останатите членови од групата, додека оние со ниска приврзаност повеќе се изјасниле како гледачи (Табела 21).

**Табела 21. Приврзаност кон етничката група и чувство за учество со припадниците на групата**

| | Веслач | Гледач | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Ниска и средна приврзаност кон етничката група** | 56,5% | 43,5% | 100% |
| **Висока приврзаност кон етничката група** | 73,1% | 26,9% | 100% |
| **Значајност** | $p < 0,05$ | $p < 0,05$ | / |

* * *

Истражувањето на етничкиот и националниот идентитет во едно мултикултурно општество какво што е македонското е релевантно во однос на прашањето како оние што се идентификуваат со своите етнички групи се поставуваат кон пошироката политичка заедница. Дали силната приврзаност кон сопствената етничка група, особено кога станува збор за малцинските групи, значи отсуство на приврзаност и идентификација со државата како што тоа го сугерираат голем број автори кои ги проучуваат социјалните идентитети? Доколку е така, што значи тоа за развојот на демократијата и опстанокот на државата? На еден или друг начин овие прашања ги поставуваат академските истражувачи на македонското мултикултурно и длабоко поделено општество, но тие се мошне присутни и во политичкиот (јавниот) дискурс на земјата.

Имајќи го предвид македонскиот општествен контекст, се појде од претпоставката дека е можно овие два идентитета да се исклучуваат еден со друг, но и да бидат компатибилни. За таа цел,

во нашата категоризација се предвидоа четири категории што го изразуваат овој однос на етнички версус национален идентитет, при што во првиот случај тие се сосема одвоени, кај две категории овие идентитети се вгнездени еден во друг, а во четвртата категорија се претопени (не се прави разлика меѓу етничкиот и националниот идентитет). Со свесност за лимитите на едно анкетно истражување, во продолжение ќе се сумираат основните наоди од нашето експлораторно истражување.

Етничките Македонци во големо мнозинство (77,1%) се изјасниле за категориите во кои е доминантна граѓанската компонента (претопени идентитети и вгнездени идентитети во кои преовладува националниот идентитет). Етничките Албанци, пак, за овие две категории се изјасниле во многу помал процент (32,3%), при што за нив преферирана категорија се вгнездените идентитети во кои преовладува етничката припадност (46,6%). Ваквата распределба ја потврдува генералната хипотеза од која се појде, т.е. ефектот на малцинство, што значи дека малцинската група им придава поголемо значење на карактеристиките на својата малцинска припадност, што е впрочем видливо и од останатите резултати добиени во анкетното истражување. Втората констатација е дека етничките Албанци во огромно мнозинство сепак се изјасниле за модалитети што укажуваат на компатибилноста на двата испитувани идентитета, дури и во случаите/категориите кога ја потенцираат својата етничка припадност. Во генерална смисла, тоа може да биде охрабрувачко сознание за едно мултикултурно и поделено општество, а сепак останува прашањето што всушност значи определбата на речиси половината од испитуваната популација на етнички Албанци за категоријата преклопени идентитети со нагласок на етничката припадност. Некои од резултатите добиени во истражувањето, што се однесуваат на приврзаностите кон различните категории и присутноста на партиципативната компонента, донекаде даваат одговор на ова прашање.

Очигледни се разликите меѓу двете етнички групи кога станува збор за нивната приврзаност кон државата и кон сопствената етничка група. Кај етничките Албанци приврзаноста кон Република Македонија на седумстепената Ликертова скала се изразува со скор што е блиску до неутралниот (3,84), додека кај приврзаноста кон етничката група скорот е 5,87. Кај етничките Македонци и двете приврзаности имаат речиси изедначени скорови (5,28 и 5,26). Овие резултати на своевиден начин се изразија во категоризацијата на идентитетите.

Кога станува збор за последиците од идентификацијата, добиените податоци се уште поиндикативни. На ниво на целиот примерок околу две-третини од испитаниците се чувствуваат како веслачи во една екипа во однос на својата етничка група, а третина се чувствуваат како гледачи со другите припадници на групата. Кога станува збор за односот кон Република Македонија, тој сооднос е обратен. Етничката припадност на испитаниците има силно влијание врз нивните ставови по прашањето на активната компонента, но само кај етничката припадност, а не и кај Република Македонија, при што над три-четвртини од испитаниците етнички Албанци со останатите припадници на својата етничка група се чувствуваат како една екипа на веслачи (при што сите веслаат истовремено и во иста насока), додека тој процент кај етничките Македонци е многу помал (56,8%). Тоа може да значи дека кохезивноста и солидарноста испитаниците (а, пред сè, етничките Албанци) ја перципираат на етничко ниво, а не на национално ниво. Доколку заедничките интереси, цели, како претпоставка за заедничка акција и солидарност се непрепознатливи (или помалку препознатливи) на национално ниво тоа може да претставува проблем за идниот развој на демократијата во едно општество.

# IV ДИСКРИМИНАЦИЈА (ПЕРЦЕПЦИЈА НА НЕЕДНАКВОСТИТЕ)

Проф. д-р Лидија Христова
Доц. д-р Анета Цекиќ

Во политикологијата прашањето за перципираната нееднаквост на граѓаните во општеството е најчесто поврзано со мотивот за (политичка) мобилизација и акција. Перцепцијата на нееднаквоста е поврзана со чувството за нефер, неправедно општество, во кое граѓаните се (неформално) поделени на привилегирани и дискриминирани, а кога основата на таквата поделеност/нееднаквост е од траен карактер (класна, расна, етничка, религиозна, јазична припадност) политичката акција се чини како единствен излез или најефикасен начин за надминување на проблемите. Доколку во минатото социјалната или класната припадност беше доминантна основа на која се засноваа нееднаквостите и се вршеше политичката мобилизација (да се потсетиме на марксистичката теорија, но и на социјалистичките револуции), денес тоа се, пред сè, културните припадности, доколку под овој поим ги подведеме расните, етничките, религиозните, јазичните социјални групи (Blondel, 1995; Кимлицка, 2004; Smith, 1991).[16]

Многубројни автори кои во фокусот на својот интерес ги ставаат мултиетничките општества посочуваат дека еден од основните проблеми на мултиетничките/ мултирелигиозните/мултијазичните општества е чувството на маргинализираност, па дури и исклученост на малцинските групи во општеството. Дискриминацијата е често одраз на хиерархијата помеѓу групите во општеството (Horowitz, 1985; Sisk, 1996) и е придружник на разни структурни предуслови за етнички конфликти како историски, демографски и геополитички фактори (Brown, 1999; Oberschall, 2007). Компаративните студии исто така укажуваат дека пристрасниот однос на државата

16 Последиците од економската криза во 2008 година ќе создадат поволна почва за социјални движења со антикапиталистички и антиглобалистички агенди (Occupy, Indignados). Тоа ќе ги поттикне дискусиите во академските кругови (пред сè, во рамките на новата левица) дека примарните поделби/конфликти во современото општество се економските (а не културните) и дека нивната разрешница ќе се бара во радикални промени во општествениот систем. Се чини дека таквите предвидувања се претерани.

кон сегментите на поделеното општество се јавува како своевиден катализатор што ги втурнува одделните сегменти на мултикултурните општества во отворен судир и е една од најчестите причини за етнички конфликти (Gurr and Harf, 1994; de Varenes, 2004; Wolff, 2006). Незадоволството, револтот, фрустрациите што на таа основа се создаваат кај припадниците на значајни сегменти на популацијата не одат во прилог на развојот на демократијата ниту на политичката стабилност на општеството. Од овие причини, познатите модели на споделување на власта (power-sharing), пред сè консоцијалниот (Lijphart, 1977) и интегративниот модел (Horowitz, 1985), ги вбројуваат политиките на позитивна дискриминација и еднаков пристап до јавните ресурси меѓу најважните инструменти за менаџирање на мултиетничките општества.

Во која мера перцепциите за дискриминираност ги одразуваат реалните, актуелни нееднаквости во едно општество е прашање на кое се осврнале повеќе аналитичари. Вел и Робинсон во своето истражување на перцепциите за расните и класните нееднаквости во американското и британското општество ги спротивставуваат објективните состојби/индикатори со перцепциите за нив, констатирајќи дека е можно да постојат значајни разлики помеѓу нив (Well and Robinson, 1980: 330-331). Тоа е така, велат тие, бидејќи поединците се различно поставени во општествениот систем и бидејќи нивните перцепции се посредувани и од други фактори. Групните интереси, вредностите и општествените митови во голема мера ги обојуваат перцепциите на поединците. Во секој случај, кога свеста за дискриминираност е присутна кај значајни сегменти од популацијата таа, сама по себе, е реалност што не смее да се занемари. Доколку таквата реалност се случува во едно мултикултурно општество проблемот добива и други димензии. Во својата позната книга за нациите и национализмот Гелнер тоа го изразува на следниот начин. Најчесто, голем дел од граѓаните имаат причина да бидат незадоволни и да го доживуваат општеството како неправедно и нефер. Но, кога виновниците за таквите околности граѓаните ги препознаваат во припадниците на другата нација/етникум, а жртвите ги идентификуваат, пред сè, во својата нација/етникум, тогаш, вели Гелнер, национализмот е роден (Гелнер, 2001: 162).

Нееднаквоста или дискриминацијата се сфаќа како неможност на сите граѓани еднакво да ги остварат своите права и/или како недостапност (смален пристап) до јавни добра и услуги за сите

категории на граѓани и тоа под еднакви услови. Целта на истражувањето е да се добијат сознанија за тоа како испитаниците ја доживуваат појавата на дискриминација во Р. Македонија: нејзината распространетост, сферите на живеење каде што таа е најзастапена и категориите на граѓани кои се привилегирани, односно маргинализирани во нашето општество.

Когнитивната мапа на нееднаквостите се истражуваше преку седум ставки што се однесуваат на повеќе области/сфери мошне значајни во секојдневниот живот на граѓаните. Тоа се: вработувањето, напредувањето во професијата, развивањето бизнис, односот на полицијата и судството кон граѓаните, пристапноста и третманот на граѓаните во државното здравство и образованието. Причините или основите на нееднаквоста беа дефинирани како одделни модалитети: етничката припадност на граѓаните, припадноста кон побогатите слоеви, политичката/партиската припадност и пријателите/семејните врски. Се појде од претпоставката дека припадноста на определени социјални групи може да биде основа за привилегиран/подобар или полош третман во однос на граѓаните кои не се припадници на таа социјална заедница/група. Додека првите два модалитета се стандардни и често се среќаваат во социолошката, но и политиколошката литература (најчесто како расни и класни нееднаквости), кога станува збор за вторите два модалитета тие се израз на нашата општествена реалност и како такви биле употребувани и во други истражувања реализирани во Република Македонија (на пример, види „Национален извештај за човековиот развој 2001 – социјалната исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија“ реализирано од УНДП и А. Кржаловски; „Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност“ – истражувачки извештај, МЦМС, март 2011). Кога станува збор за четвртиот модалитет, би можело да се стави методолошка забелешка дека во овој случај не се работи за социјална група или дека категоријата граѓани што има *(влијателни) пријатели и врски* е посредувана преку некоја/и од погоренаведените категории (побогатите се или припаѓаат на привилегираната етничка група итн.). Сепак, се одлучи да се вклучи овој модалитет, прво, поради широко распространетата практика во македонското општество „работите да се завршуваат преку пријателите и врските“ и, второ, бидејќи таквата позиција поединците и нивните семејства можат да ја уживаат не само преку припадности

на одредени социјални групи туку и по други основи (влијателни роднини, професија што дава привилегиран општествен статус итн.). Во политичкиот речник појавата е позната и како непотизам и како таква е често употребувана во медиумите.

Кај сите прашања беше дадена можноста респондентите да ја исклучат дискриминацијата, односно да се изјаснат дека во таа област не постои дискриминација. Кај ставките што се однесуваат на вработувањето, напредувањето во професијата и развивањето на бизнисот беше додаден модалитетот – професионалните квалитети на кандидатот. Поаѓајќи од претпоставката дека во нашето општество основите за нееднаквоста се многубројни, испитаниците имаа можност да ги рангираат понудените одговори од 1 до 5, при што 1 означува највисок, а 5 најнизок ранг, односно во случаите каде што се наведени 4 основи за дискриминација од 1 до 4, при што 1 означува највисок ранг, а 4 најнизок ранг.

## 1. Распространетоста на дискриминацијата во македонското општество

Статистичката обработка на податоците добиени од спроведената анкета укажува дека кај студентската популација постои широко распространета перцепција за нееднаквост на граѓаните во различни области од животот. И етничката припадност и припадноста на побогатите слоеви, а најмногу политичката, односно партиската припадност на граѓаните, се причини поради кои тие сметаат дека се привилегирани или обесправени во секојдневниот живот. Од тие причини испитаниците се определиле во релативно мал број за модалитетите што ја исклучуваат дискриминацијата. Во однос на вработувањето, само 11,2% од испитаниците одговориле дека добивањето работа најмногу зависи од „професионалните квалитети на граѓаните“ (го рангирале на прво место). Кај развивањето бизнис тој процент изнесува 19%, додека кај напредувањето на работното место повисоки 28% (и тоа како прворангиран одговор). Кај останатите прашања поврзани со односот на судството, полицијата, здравството и образованието кон граѓаните, околу 20% од испитаниците сметаат дека полицијата рамноправно ги третира сите граѓани, а во однос на судството и здравството таква перцепција имаат околу 26% од

студентите од нашиот примерок. Кога станува збор за образованието, дури 52% од испитаниците се изјасниле дека сите граѓани имаат еднаков пристап до државното образование, што значи дека образованието е перципирано како област во којашто дискриминацијата е најмалку застапена.

Но, кои фактори на влијание се најзначајни за дискриминирањето на граѓаните? Во продолжение ќе ги презентираме добиените резултати од анкетата и тоа преку средната вредност на ранговите.

**Табела 22. Рангирање на факторите* што влијаат на вработувањето, напредувањето во професијата и развивањето бизнис (средна вредност на ранг)**

| Фактори на влијание | Вработување | Напредување во професијата | Развивање бизнис |
|---|---|---|---|
| **Политичка / партиска припадност** | **2,05** | **2,34** | **2,48** |
| **Етничка припадност** | 3,1 | 3,33 | 3,64 |
| **Припадност кон побогати слоеви** | 3,2 | 3,28 | 2,62 |
| **Пријатели / семејни врски** | 2,98 | 3,11 | 3,1 |
| **Професионални квалитети на кандидатот** | 3,67 | 2,95 | 3,13 |

*** Рангирањето се вршеше од 1 до 5, при што 1 означува највисок ранг, а 5 најнизок ранг.**

Анализата на табелата со средните вредности на ранговите укажува на следните сознанија: политичката или поточно партиската припадност во сите три случаи е највисоко рангиран фактор, при што неговото влијание е најизразено во областа на вработувањето. Кога станува збор за *професионалните квалитети на кандидатот*, модалитет што практично ја исклучува дискриминацијата, тој е најниско рангиран кај вработувањето, а највисоко при напредувањето во професијата. Етничката припадност на граѓаните е ниско рангирана, особено кога станува збор за напредувањето во професијата и развивањето бизнис (според величината на средните рангови на одделните фактори на влијание и во двата случаја – напредувањето во професијата и во развивањето на бизнисот, таа е на последното петто место).

**Табела 23. Рангирање на факторите* што влијаат на односот на полицијата, судството, здравството, образованието кон граѓаните (средна вредност на рангот)**

| Фактори на влијание: | Полиција | Судство | Здравство | Образование |
|---|---|---|---|---|
| **Политичка / партиска припадност** | **2,38** | **2,14** | 2,84 | 2,47 |
| **Етничка припадност** | 2,6 | 2,88 | 2,91 | 2,68 |
| **Припадност кон побогати слоеви** | 2,61 | 2,44 | **2,17** | 2,47 |
| **Пријатели / семејни врски** | 2,44 | 2,55 | 2,08 | **2,39** |

*** Рангирањето се вршеше од 1 до 4, при што 1 означуваше највисок ранг, а 4 најнизок ранг. На прашањето одговараа само испитаниците кои на претходното/елиминаторното прашање се изјасниле дека соодветната институција нема еднаков третман кон сите граѓани.**

Од горната табела можат да се извлечат неколку општи сознанија. Прво, партиската припадност е највисоко рангиран фактор кога станува збор за односот на полицијата и судството кон граѓаните, а кога станува збор за здравството и образованието тоа се пријателите и врските. Второ, влијанието на сите понудени фактори е значајно за дискриминацијата на граѓаните, што е видливо и од малите разлики во средните рангови. (Исклучок е здравството кај кое влијанието на прворангираниот фактор [пријателите и врските] значително се издвојува од останатите.) Трето, доколку станува збор за етничката припадност, таа не се издвојува како особено значаен фактор, при што кај односот на полицијата таа го дели второто и третото место со припадноста кон побогатите слоеви, а кај останатите три ставки, според величината на средните вредности, етничката припадност е рангирана на последно место.

## 2. Категории на граѓани кои имаат привилегиран третман во општеството

Статистичката обработка на податоците овозможи да се издвојат процентите на испитаници кои одделните фактори на влијание (или социјални припадности) ги рангирале на прво место, односно ги сметаат за најзначајни за дискриминацијата во општеството. Во анализата ќе бидат коментирани случаите во кои над четвртина од испитаниците (над 25%) определениот фактор на влијание го рангирале на прво место.

**Табела 24. Проценти на испитаници кои го рангирале соодветниот фактор на прво место**

| Фактори на влијание: | Вработување | Напредување во професија | Развивање бизнис | Однос на полиција | Однос на судство | Здравство | Образование |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Партиска припадност** | **56,8%** | **42,7%** | **33,6%** | **26,6%** | **37,5%** | 17,5% | **28,9%** |
| **Етничка припадност** | 15,1% | 12,3% | 11,0% | **29,6%** | 19,9% | 13,9% | 18,8% |
| **Припадност на побогати слоеви** | 6,2% | 7,6% | **26,4%** | 15,5% | 19,6% | **31,4%** | 23,9% |
| **Пријатели / семејни врски** | 10,2% | 9,4% | 10,4% | **27,5%** | 22,8% | **36,9%** | **28,0%** |

Партиската припадност на граѓаните се јавува како најзначаен фактор на влијание во пет од понудените седум области на живеење. Таквите перцепции споделуваат особено висок процент на испитаници кога станува збор за вработувањето (56,8%) и напредувањето во професијата (42,7%), при што во овие области другите фактори имаат маргинално значење. И во останатите три области (односот на судството, развивањето бизнис и образованието) за партиската припадност како прворангиран фактор на влијание се изјасниле најголем процент на испитаници, иако тој процент е релативно помал во однос на претходните две области (вработувањето и напредувањето во професијата). Токму затоа кај нив значењето на другите фактори на влијание е поизразено.

Етничката припадност само во еден случај (односот на полицијата кон граѓаните) се јавува како прворангиран фактор за кој се изјасниле најголем процент на испитаници (29,6%), додека социјалниот статус на граѓаните, според овие податоци, има поголемо значење за развивањето бизнис (26,4%), но пред сè во здравството (31,4%). Пријателите и семејните врски се особено значајни во здравството (36,9%), потоа образованието (28,0%) и односот на полицијата кон граѓаните (27,5%).

Добиените податоци упатуваат на две генерални констатации. Првата е дека, според перцепциите на испитуваната популација, дискриминацијата е широко распространета појава во нашето општество и тоа во многу сфери на живеењето, при што некои области се посензитивни на дискриминацијата (на пример, вработувањето) во однос на други (на пример, образованието). Втората е дека политичката или партиската припадност е најзначајниот фактор на влијание врз нееднаквостите во македонското општество. Нејзиното влијание е многу поголемо отколку што е тоа социјалниот статус на граѓаните или нивната етничка припадност, од што можеме да извлечеме заклучок дека, според перцепциите на испитаниците, оние што се блиски до владејачките политички структури се најпривилегираната категорија на граѓани во македонското општество. Овие сознанија се извлечени врз основа на добиените одговори на сите испитаници во нашата анкета.

Пред да се премине на второто ниво на анализа, сосема накратко да ги прикажеме основните наоди од истражувањето на МЦМС за дискриминацијата по етничка основа во Република Македонија (Кржаловски, 2011).[17] Мнозинството граѓани сметаат дека во земјата постои дискриминација, при што етничката е второрангирана во однос на партиската дискриминација, што го зазема првото место. Најчести области на дискриминација по основа на етничка припадност се работните односи, вработувањето, услугите во јавниот сектор (јавната администрација, здравствените услуги, полицијата, образованието), но и приватните услуги (кафе-барови, дискотеки итн.). Етничките Албанци сметаат дека дискриминацијата што се заснова на етничката припадност на граѓаните е особено изразена во некои сектори (земјоделство, култура, полиција, плаќање данок, распределба на буџет итн.).

17 Истражувањето е финансирано од ОБСЕ, а анкетата е спроведена во 2010 година на репрезентативен примерок на населението во РМ.

Истражувачите констатираат дека перципираната дискриминација (67,7%) по етничка основа е двојно поголема отколку доживеаната (како жртва или сведок), што изнесува 31,9%. Во секој случај, тоа говори дека станува збор за широко распространета појава и воедно дека перцепцијата за таа појава е посредувана од низа фактори.

И на крајот, според исказите на испитаниците преовладува мислењето дека дискриминацијата е зачестена во последните пет години, што упатува на сознанието дека појавата е од траен карактер и дека усилбите за нејзиното искоренување се сосема неуспешни.

Иако се работи за две различни истражувања, сознанијата од истражувањето на МЦМС во голема мера коинцидираат со основните наоди на ова истражување, што е видливо и од податоците што се презентирани во продолжение на текстот.

## 3. Влијанието на одделните социодемографски карактеристики на испитаниците врз нивната перцепција на нееднаквостите

Второто ниво на анализа го испитуваше влијанието на независните варијабли врз перцепциите на испитаниците. Со оглед на предметот и целта на овој проект, првата претпоставка беше дека тоа ќе биде нивната етничка припадност, но и образовната средина (универзитетот), додека полот нема да има поголемо влијание врз формирањето на ставовите и мислењата на студентската популација опфатена со овој примерок. Таа претпоставка во голема мера се потврди во ова истражување.

### 3.1 Етничката припадност на испитаниците и перцепцијата на нееднаквостите

Со употреба на t-test, од можните 31 споредба меѓу перцепциите на етничките Македонци и етничките Албанци, констатирани се статистички значајни разлики во 22 од случаите. Нивото на значајност се движи од $p < 0{,}05$ до $p < 0{,}000$.

**Табела 25. Споредби на перцепција на дискриминација според етничка припадност (средни вредности)**

| Значајност на: | Етничка припадност и средни вредности | T-test | Значајност |
|---|---|---|---|
| Етничката припадност при вработување | Македонци 3,30<br>Албанци 2,80 | 3,61 | p < 0,00 |
| Пријатели/семејство при вработување | Македонци 2,82<br>Албанци 3,24 | -2,60 | p < 0,01 |
| Етничката припадност при напредување во професија | Македонци 3,62<br>Албанци 2,89 | 5,12 | p < 0,00 |
| Професионални квалитети при напредување во професија | Македонци 2,74<br>Албанци 3,26 | -3,22 | p < 0,00 |
| Политичката припадност при развивање бизнис | Македонци 2,83<br>Албанци 2,23 | 2,75 | p < 0,01 |
| Етничка припадност при развивање бизнис | Македонци 3,92<br>Албанци 3,22 | 4,98 | p < 0,00 |
| Припадност на побогатите слоеви при развивање бизнис | Македонци 2,40<br>Албанци 2,93 | -3,82 | p < 0,00 |
| Професионални квалитети при развивање бизнис | Македонци 2,98<br>Албанци 3,42 | -2,88 | p < 0,00 |
| Етничка припадност при однос на полиција | Македонци 3,00<br>Албанци 2,02 | 7,96 | p < 0,00 |
| Припадност на побогатите слоеви при однос на полиција | Македонци 2,43<br>Албанци 2,84 | -4,00 | p < 0,00 |
| Пријатели/семејства при однос на полиција | Македонци 2,18<br>Албанци 2,81 | -5,29 | p < 0,00 |
| Етничка припадност при однос на судство | Македонци 3,13<br>Албанци 2,53 | 4,80 | p < 0,05 |
| Припадност на побогатите слоеви при однос на судство | Македонци 2,33<br>Албанци 2,58 | -2,24 | p < 0,02 |
| Пријатели/семејства при однос на судство | Македонци 2,37<br>Албанци 2,78 | -3,42 | p < 0,01 |
| Политичката припадност при добивање на здравствени услуги | Македонци 3,02<br>Албанци 2,62 | 3,14 | p < 0,00 |
| Етничка припадност при добивање на здравствени услуги | Македонци 3,13<br>Албанци 2,56 | 4,91 | p < 0,00 |
| Припадност на побогатите слоеви при добивање на здравствени услуги | Македонци 2,03<br>Албанци 2,35 | -2,68 | p < 0,01 |
| Пријатели/семејство при добивање на здравствени услуги | Македонци 1,83<br>Албанци 2,44 | -5,32 | p < 0,00 |
| Политичката припадност при државно образование | Македонци 2,87<br>Албанци 2,23 | 4,28 | p < 0,00 |
| Етничка припадност при државно образование | Македонци 2,88<br>Албанци 2,56 | 2,08 | p < 0,04 |
| Припадност на побогатите слоеви при државно образование | Македонци 2,24<br>Албанци 2,62 | -2,43 | p < 0,01 |
| Пријатели/семејство при државно образование | Македонци 2.05<br>Албанци 2,59 | -3,65 | p < 0,00 |

Анализата/споредбата на средните вредности на ранговите упатуваат на следните поопшти сознанија: прво, кај сите седум ставки етничките Албанци ѝ придаваат поголемо значење на етничката припадност на граѓаните како основа за дискриминација отколку етничките Македонци. Второ, што се однесува до политичката припадност, како основа за дискриминацијата постојат разлики кај три ставки: развивање бизнис, здравство и образование, при што етничките Албанци ја рангираат политичката припадност како причина за дискриминацијата повисоко од етничките Македонци. Трето, етничките Македонци ја рангираат повисоко припадноста на побогатите слоеви како фактор на дискриминација и тоа во следните пет области: при развивањето бизнис, во односот на полицијата и судството кон граѓаните, при добивањето на здравствени услуги и во државното образование. Четврто, етничките Македонци им придаваат поголемо значење на пријателите и врските како основа за дискриминација отколку етничките Албанци и тоа во следните пет области: при вработувањето, во односот на полицијата и судството кон граѓаните, во здравството и во државното образование.

## 3.2 Универзитетската средина и перцепцијата на нееднаквостите

Втората независна варијабла што влијае на перцепциите на испитаниците е универзитетот на кој студираат.

Статистичката обработка на податоците (f-test) укажа дека од можните 31 споредба во 17 случаи се најдени статистички значајни разлики помеѓу средните вредности за перцепциите на нееднаквостите, добиени на ниво на трите универзитети. Од анализата на вака добиените табели можат да се извлечат следните општи сознанија: прво, во сите случаи статистички значајната разлика се однесува на универзитетите во Штип и оној во Тетово, додека средната вредност на одговорите на испитаниците од универзитетот со седиште во Скопје, во најголем број од случаите покажува статистички значајна разлика во однос на средната вредност на само еден од претходно споменатите универзитети. Значи, според величината на средната вредност во сите 17 случаи, „Св. Кирил и Методиј" е некаде на средина. Втора битна констатација е дека разликите помеѓу рангирањето на различните припадности како основа на дискриминација, всушност ја репродуцираат сликата добиена со вкрстувањето на податоците од општата

дистрибуција со етничката припадност на испитаниците. Имено, испитаниците од ДУТ поголемо значење ѝ придаваат на етничката припадност како основа за дискриминација во однос на општата дистрибуција, а за оние од штипскиот универзитет таквото значење го има припадноста на побогатите слоеви и имањето пријатели и врски. Исто така, интересно е дека во определен број случаи студентите на УГД се определуваат за професионалните квалитети на кандидатот, што значи дека сметаат дека (во тие области) не постои дискриминација. Трето, најхомогени се ставовите на студентите од сите три универзитети (значи, не постојат статистички значајни разлики) кога станува збор за образованието, како област во која се испитуваше дискриминацијата, како и партиската припадност на граѓаните, како најзачестена основа за привилегиран третман во општеството. По овие прашања практично не постојат статистички значајни разлики помеѓу универзитетите.

Во продолжение ќе ги прикажеме случаите во кои постојат статистички значајни разлики помеѓу ставовите на студентите од УГД И ДУТ.

**Слика 1. Категории на граѓани кои имаат привилегиран третман во општеството во однос на останатите граѓани според ДУТ**




**Слика 2. Категории на граѓани кои имаат привилегиран третман во општеството во однос на останатите граѓани според УГД**



### 3.3 Полот на испитаниците и перцепциите на нееднаквостите

Половата припадност не се покажа како значаен фактор што влијае на дистрибуцијата на ставовите за дискриминацијата во македонското општество. Од можните 31 споредба само во шест случаи се најдени статистички значајни разлики помеѓу машките и женските испитаници.

* * *

Добиените резултати од спроведеното истражување укажуваат на широко распространета дискриминација во македонското општество што ги зафаќа најзначајните сфери на живеењето, иако со различен интензитет. Според перцепциите на испитаниците, најранлива сфера во однос на дискриминацијата е вработувањето, а најмалку подложна на нееднаквости е сферата на образованието. Основите за дискриминација се многубројни (етничката припадност, социјалниот статус на граѓаните, но и пријателите и врските), при што политичката припадност на граѓаните се јавува како најзначаен фактор за привилегиран третман во општеството. Овие заклучоци произлегуваат од статистичката обработка на податоците добиени од целокупната испитувана популација.

На што се должат разликите во перцепциите на испитаниците? Од трите испитувани карактеристики на испитаниците (пол, универзитет и етничка припадност), етничката припадност се покажа како најсензитивна во однос на разликите во перцепциите на нееднаквостите. Постојат многу индикации дека дистрибуцијата добиена кај варијаблата универзитетска средина во голема мера се должи на етничката припадност на испитаниците.

Разликите меѓу етничките Македонци и етничките Албанци се состојат во рангирањето на основите за дискриминација. Политичката припадност на граѓаните е фактор на влијание за кој постои најголемо совпаѓање на мислењата и ставовите помеѓу двете етнички групи (од понудените седум области на живеење дури во четири области не постојат статистички значајни разлики). Што се однесува до етничката припадност на граѓаните, неа етничките Албанци ја рангираат повисоко отколку етничките Македонци во сите понудени седум сфери на живеењето. За етничките Македонци, пак, покрај политичката припадност, припадноста на побогатите слоеви и имањето пријатели и врски се исто така мошне значајни основи за добивање на привилегиран статус во општеството.

Ова се значајни сознанија за едно демократско општество што во исто време е и мултикултурно, со типични обележја на поделено општество. Големото значење што етничките Албанци го придаваат на дискриминацијата по етничка основа во сите сфери на живеењето говори во прилог на тезата на Блондел дека кога сите поделби во општеството се преклопуваат со етничките тоа има засилувачки ефект врз етничките тензии во општеството. Таквите перцепции кај одредена социјална група го засилуваат чувството на маргинализираност и на општествена ексклузија што секако не оди во прилог на развивање на демократијата. Погореспоменатите истражувања на МЦМС и на УНДП, но и многу други[18] упатуваат на сознанието дека се работи за перцепции од подолгорочен карактер. Тоа значи дека во еден подолг период само се репродуцираат перцепциите кај значаен сегмент од македонската популација дека социјалниот и општествениот статус на поединецот е детерминиран (и) од неговата етничка припадност. Притоа, иако етничката припадност не е доминантен фактор на влијание (доминантен е политичкиот), тој е секако континуирано присутен фактор и во определен неповолен (економски, политички, регионален) контекст може да генерира конфликтни ситуации. Втората битна констатација е дека според перцепциите на испитаниците во општеството постои широко распространета дискриминација по најразлични основи, што во основата значи перцепција за недоволна функционалност на демократијата, што општеството го прави неправедно и нефер за повеќето граѓани, а граѓаните ги прави фрустрирани, револтирани, незадоволни. Тоа може да има како последица – прелевање на проблемот на нееднаквостите во сферата на меѓуетничките односи (*за тоа се виновни другите*), особено доколку е стимулирано од интересите на политичките елити. Втората битна последица е што кај граѓаните, во конкретниот случај кај младите, може да се развие култура на sauve qui peut, односно настојување по секоја цена да се влезе во кругот на привилегираните, што е битна претпоставка за репродукција на истите (недемократски) односи во општеството. Се разбира, секогаш постои и алтернативната можност, а тоа е мобилизација (на младите) во правец на надминување на состојбите, но како што денес стојат работите, таа е најмалку веројатна.

18 Во истражувањето на МЦМС дури се зборува за влошување на состојбите во последните пет години. Се разбира, не е можно да се прават директни споредби помеѓу овие три истражувања поради различниот примерок (двете посочени се на национален репрезентативен примерок), а и поради целата концепција на истражувањата, аплицираните инструменти итн., но земено во целина сознанијата од сите три истражувања во секој случај укажуваат за широко распространета појава и за проблем од подолготраен карактер.

# V ЗАКЛУЧОК

Спроведеното истражување од страна на истражувачкиот тим на ИСППИ се темелеше на неколку појдовни претпоставки:

- Идентитетот на поединецот, но и на групата, е комплексна категорија, што се состои од повеќе идентитетски црти, на кои поединецот/групата им придаваат различно значење. Некои од нив се длабоко вкоренети во личноста и многу потешко се менуваат, а некои се наоѓаат на нејзината периферија.
- Како социјален конструкт, идентитетот е динамичка категорија, чиешто создавање и пресоздавање е поврзано со процесите во општеството и со развојот на личноста.
- Кога станува збор за мултикултурните општества, дури и националните идентитети (културниот и граѓанскиот како најзначајни за овие општества) се дуални, повеќекратни, при што некогаш доминираат едните, а некогаш другите аспекти на идентитетот.

Во секој случај, легитимирањето на власта/владеењето во едно мултикултурно општество е тесно поврзано со лојалноста на граѓаните кон заедничката држава, што во модерните општества не подразбира откажување од културниот идентитет, туку воспоставување баланс помеѓу него и националниот/граѓанскиот идентитет.

Ваквиот концепцискиот пристап овозможи етничкиот и граѓанскиот идентитет да се постават во една поширока рамка што ќе го вреднува нивното релативно значење во однос на другите идентитетски црти што ја сочинуваат комплексната структура на идентитетот на секоја личност. Хиерархизацијата на идентитетските црти го овозможува расчленувањето, но и рангирањето на тој комплексен однос што поединецот го има кон своите многубројни приврзаности, а пак обидот да се доловат супстратот или содржината на таа приврзаност/припаѓање (преку когнитивната, емотивната и акциската компонента) овозможуваат да се сознае капацитетот на кохезија и мобилизација што ги поседуваат одредени идентитетски црти или социјални улоги. Ова последното е мошне значајно за политичката наука, а секако и за политиката, бидејќи укажува каде се крие потенцијалот за политичка

акција во едно мултикултурно општество и го објаснува актуелното и идно однесување на одделните актери на политичката сцена. Можноста испитаниците да се изјаснат за својот дуален идентитет преку категориите одделени, вгнездени (во двете димензии) и претопени идентитети внесе дополнителна димензија во добиените сознанија за македонското мултикултурно општество.

Од мошне богатиот емпириски материјал добиен во истражувањето ќе бидат истакнати најзначајните сознанија со обид да се одговори на прашањето поставено на почетокот на овој текст: *Во што сме слични, а во што различни? Како да чекориме заеднички на патот на нашата демократска иднина?*

Гледано во целина, испитуваната популација покажа висока приврзаност кон повеќето од понудените идентитетски црти, на што укажува и просечната средна вредност на хиерархиската скала (4,04), при што и кај двете основни субгрупи традиционалните вредности (семејството, блиските пријатели, религијата) се на врвот на замислената хиерархиска пирамида. На дното, пак, се политичката партија, потоа класата, државјанството. Гледано во целина, и двете субгрупи имаат слични перцепции за дискриминацијата, како појава што е мошне распространета во македонското општество и тоа по сите основи, при што политичката, односно партиската припадност е доминантна во однос на сите останати основи на дискриминација. (Тоа е веројатно причината што во истражувањето не се покажа поврзаност помеѓу дискриминацијата и перцепциите на испитаниците за нивните многубројни припадности, што беше една од нашите претпоставки.) Ваквите сознанија добиени во истражувањето даваат можност да се одговори на првиот дел од прашањето: *Во што сме слични*, поставено уште на почетокот.

*Во што сме различни?* Гледајќи во целина, во истражувањето е потврдена генералната хипотеза според која малцинските групи им придаваат поголемо значење на оние идентитетски црти што го отсликуваат нивниот (малцински) идентитетски статус. Тоа за етничките Албанци беа етничката група, религијата, родниот крај, а за жените, пред сè, полот, па семејството, возраста. Освен оваа воопштена констатација, истражувачкиот пристап понуди и други сознанија што проблемот на идентитетите во македонското мултикултурно општество го прави повеќеслоен и повеќедимензионален, укажувајќи истовремено на сензитивноста и внимателноста со која се соочува истражувачот при неговата анализа.

За одбележување е мошне високото рангирање на религијата кај двете етнички групи, при што таа приврзаност е особено изразена кај етничките Албанци, кои религијата ја доживуваат како (нај)значаен кохезивен и мобилизаторски фактор (висок степен на заеднички интереси, висок степен на солидарност со другите припадници на групата, особено задоволство на припадниците со општите состојби и сериозен проблем да се замисли нејзиното менување). Кога религијата не е дадена како алтернатива, етничката група го зазема нејзиното место како значаен интегрирачки фактор. Приврзаноста кон државјанството, пак, е многу послаба, како на ниво на цел примерок, така и на ниво на двете етнички групи. Поконкретно, етничките Албанци македонското државјанство го рангираат на дното на ранг-листата и тоа во сите пет димензии, додека кај етничките Македонци се забележува контроверзен однос. Значењето што му се придава, солидарноста со другите и психолошкиот проблем да се замисли негова промена се рангирани на средина на хиерархиската скала, додека препознавањето на заедничките интереси со останатите кои го споделуваат истото државјанство и задоволството со општите состојби се рангирани на дното од хиерархијата (добиени се најниски вредности на Ликертовата скала).

Овие сознанија на своевиден начин се потврдија и во случаите кога испитаниците, метафорички, требаше да се замислат како веслачи или гледачи во однос на останатите припадници на групата (содржавјаните на РМ, со припадниците на нивната етничка група и со нивните сожители во истата општината). И на ниво на цел примерок се покажа дека од понудените три категории државјанството е најслаб кохезивен фактор, а етничката група најсилен. Кога етничката припадност на испитаниците се јавува како социјална детерминанта на перцепциите се добиваат мошне индикативни сознанија. Над три-четвртини од етничките Албанци (78,2%) се чувствуваат како една екипа на веслачи (при што сите веслаат истовремено и во иста насока) со останатите припадници на својата етничка група, додека тој процент кај етничките Македонци е многу помал (56,8%), но мошне значаен. Тоа укажува дека испитаниците кохезивноста и солидарноста (пред сè, етничките Албанци, но не само тие) ја перципираат на етничко ниво, а не на национално ниво. Доколку заедничките интереси, цели, како претпоставка за заедничка акција и солидарност се непрепознатливи (или помалку препознатливи) на национално ниво (и тоа не само за малцинската група) тоа секако не претставува поволна претпоставка за идниот развој на демократијата во едно општество.

Во основата, оваа неповолна слика е релативно ублажена со перцепциите на испитаниците за категориите што го изразуваат нивниот дуален идентитет. Етничките Македонци во големо мнозинство (77,1%), ги избираат опциите во кои е доминантна граѓанската компонента (претопени идентитети и вгнездени со доминантна граѓанска компонента). Етничките Албанци за претходните категории се изјасниле во помал, а сепак значаен процент (32,3%), при што за нив преферирана категорија се вгнездените идентитети во кои преовладува етничката припадност (46,6%). Ваквата дистрибуција оди во прилог на тезата за повеќекратноста и компатибилноста на националните идентитети во едно мултикултурно општество.

Навистина е тешко да се протолкуваат овие навидум контроверзни податоци, особено што истражувањето не беше насочено во тој правец. Но, се чини дека објаснувањето треба да се бара во општествениот контекст во кој се наоѓаат граѓаните на Република Македонија, што го карактеризира мошне висока стапка на невработеност и сиромаштија, што за младите значи неможност да ја обезбедат својата животна егзистенција и да ја планираат својата иднина, поради што постои висока стапка на економска миграција. Од друга страна, сериозните демократски дефицити, во нашето истражување изразени преку широко перципираната дискриминација во сите сфери на живеењето, како и неизвесноста на интеграциските процеси кон ЕУ и НАТО, создаваат амбиент на несигурност и бесперспективност, особено за голем дел од младите. Длабоките расцепи по должина на етничките, но и на политичко-партиските линии само ја дополнуваат сликата.

Овие специфики на македонскиот општествен контекст (и на многу други земји во транзиција) сигурно не биле земени предвид кога се правеле истражувањата од овој тип во мултикултурните општества, како што се канадското, швајцарското, белгиското (истражувањата на Лапонс и Гинграс, на пример). Таму националниот идентитет се рангира многу повисоко.

Ова истражување не даде целосни сознанија за интеракцијата помеѓу националниот и етничкиот идентитет во македонското мултикултурно општество. Но, податоците недвосмислено укажуваат дека релативното значење што му се придава на националниот/граѓанскиот идентитет е мало (особено кај етничките Албанци, но не само кај нив) и што културните идентитетски црти (религијата, етничката припадност), не само според значењето туку и според кохезивниот и мобилизаторскиот потенцијал се рангирани многу повисоко на хиерархиската скала. Функционалноста на демократската држава претпоставува поинакви соодноси.

*Лимити на истражувањето*. Категоризацијата во истражувањето на самоперцепциите за националните идентитети значи симплифицирање на комплексната структура на односи што постои во реалноста и токму затоа е потребно таа да биде третирана повеќе како почетна точка или индикативна слика на релациите што се воспоставуваат помеѓу етничкиот и националниот идентитет во македонското мултикултурно општество. Од друга страна, и анкетното истражување, како незаменлив инструмент за сознавање на ставовите на испитуваната популација, има свои ограничувања и затоа е потребно да биде комбинирано и со квалитативни истражувачки методи. Тоа би овозможило да се дојде до сознанија зошто испитаниците им дале предност на некои од понудените категории во однос на другите, како и впрочем како тие го разбираат своето идентификување со нив. Таквиот пристап би придонел за понатамошното развивање на истражувањето во смисла на дополнување на користената категоризација и идентификување на факторите што влијаат на определбите на испитаниците.

Следниот аспект на ограничувањата на кој би требало да се укаже е поврзан со сфаќањето на идентитетот како динамичка категорија. Аргументирајќи во прилог на променливоста на односите и перцепциите, аналитичарите потсетуваат дека етничкиот и/наспроти националниот идентитет се предмет на преговарање и промени, па затоа НИЕ не сме секогаш конфронтирани на ТИЕ. Промените се случуваат не само помеѓу двата идентитета што се во фокусот на нашиот интерес (етничкиот и националниот, граѓанскиот) туку постојат промени и во целокупната хиерархија на идентитетските црти кај личноста, односно кај групите. За да се определи насоката на промените потребни се лонгитудинални истражувања преку кои се добиваат одговори на прашањето дали комплементарните и повеќекратните идентитети се зајакнуваат или слабеат, отстапувајќи им го местото на поларизираните и конфронтираните идентитети. Во која насока ќе се движат работите во голема мера зависи од политичките елити или од демократското водство, како што велат Степан и Линц, кои се најодговорни за политиките што го поддржуваат едниот или другиот правец во развојот на едно мултикултурно општество. Кога станува збор за македонското мултикултурно општество, би додале дека трендовите во голема мера ќе бидат поврзани и со случувањата во регионален, но и глобален контекст, што не ја намалува одговорноста на домашните елити за градење политики што ќе обединуваат, а не што ќе раздвојуваат.

# VI КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Barrett, M. (2010) „National and Ethnic Identities and Differences Today: A Psychological Perspective-Summary", во: *Athens Dialogues 2010. Identity and Difference. Period One*. http://athensdialogues.chs.harvard.edu/cgi-bin/WebObjects/athensdialogues.woa/wa/dist?dis=42.
- Bell, W. and Robinson, R. V. (1980) „Cognitive Maps of Class and Racial Inequalities in England and United States". *American Journal of Sociology*. Vol. 86 (2): 320-349.
- Bieber, F. (2008) Power-sharing and implementation of the Ohrid Framework Agreement. Во: F. Bieber, ed. *Power sharing and the implementation of the Ohrid framework agreement*. Skopje: Friedrich Ebert Stiftung – Office Macedonia.
- Bieber, F. (2005) „Partial implementation, partial success – the case of Macedonia". Во: I. O'Flynn and D. Russell, eds. *Power sharing: new challenges for divided societies*. London: Pluto press.
- Birnir, J. K. (2007) *Ethnicity and Electoral Politics*. NY: Cambridge University Press.
- Blondel, J. (1995) *Comparative government: an introduction* (2nd edition). London: Prentice Hall.
- Brown, M. E. (1999) „Introduction". Во: M. E. Brown, ed. *The International Dimensions of Internal Conflict*. Cambridge and London: The MIT Press, pp. 1-31.
- Brubaker, R., Loveman, M. and Stamatov, P. (2004) „Ethnicity as cognition". *Theory and society*. Vol. 33(1): 31-64.
- Caporaso, J. and Kim, M-h (2009) „The dual nature of European identity: subjective awareness and coherence". *Journal of European Public Policy*. Vol. 16 (1): 19-42.
- Chastenay, M. N. and Pagé, M. (2002) „Cultural, provincial and Canadian identities of young adults in Quebec". New Brunswick and Alberta. Research report (10.04.2013).
- De Varenes, F. (2004) „Reccurent challenges to the implementation of intrastate peace agreements: the resistance of state authorities". *New Balkan Politics*. Issue 7/8.
- Dressler, W. (1999) *Le second printemps des nations*. Bruxelles: Bruylant.

- Gingras, F. P. (2005) „La geometrie des appartenances dans les petites societies". Во: J. L. Boucher et J.-Y. Thériault, dir. *Petites societies et minoritiés nationals*. Québec: Presses de l'Université du Québec.
- Gingras, F. P. (2003) „Quelleques identities qui comptent: la hierarcie des traits identitaires chez les lyceens de Provence et ailleurs". *Dialogue politiques – revue plurielle de science politiuqe*. No. 2.
- Gingras, F. P. et Laponce, J. (2000) „A la recherche des representations d'appartenance". Во: M. Potvin, B. Fournier et Y. Couture, dir. *L'individu et le citoyen dans la societe moderne*. Montreal: La presses de L'Universite de Montreal, pp. 165-184.
- Glazer, N. (1997) *We are all Mutliculturalists now*. Cambidge: Harvard University Press.
- Gross, F. (1999) *Citizenship and ethnicity: the growth and development of a democratic multiethnic institution*. Greenwood Publishing.
- Gurr, T. R. and Harff, B. (1994) *Ethnic conflict in world politics*. Boulder, San Francisco, Oxford: Westview Press.
- *Hansen, H.* and *Hesli, V.* L. (2009) „National Identity: Civic, Ethnic, Hybrid and Atomized Individuals". *Europe-Asia Studies*. Vol. 61 (1): 1-28.
- Horowitz, D. L. (1985) *Ethnic groups in conflict*. Berkley, Los Angeles, London: University of California Press.
- Hristova, L. and Cekik, A. (2011) „The effects of the Macedonian power-sharing model for the political stability of the country". Во: Proceedings from conference *Security of the post-conflict (Western) Balkans: transition and challenges faced by the Republic of Macedonia*. Skopje: Faculty of security, pp. 477-489.
- Hristova, L. (2009) „Are the media factor of integration in Macedonian multicultural society?" Paper presented at the *10th Mediterranean research meeting*. European University Institute, Florence, 24-27 March 2009.
- Hristova, L. (2005) „Democratic consolidation in divided societies – the Macedonian case", во: *New Balkan Politics*. Issue 9 http://newbalkanpolitics.org.mk/item.php?id=112#.Uq2UOtJDsWc.
- Isin, E. F. and Turner, B. S. (2007) „Investing Citizenship: An Agenda for Citizenship Studies". *Citizenship Studes*. Vol. 11 (1): 5-17.
- Jones, F. and Smith, P. (2001) „Diversity and Commonality in national identities: an exploratory analysis of cross – national patterns". *Journal of Sociology*. Vol. 73 (1): 46-63.

- Laponce, J. (2008)„Research on Ethnies and Nations: Comparing is the way, but comparing what?" *Nationalism and Ethnic Politics*. 14/2008: 223-238.
- Laponce, J. (2004) „Using a role by role interview to measure the minority effect: a note on ongoing research". *Social Science Information*. Vol. 43 (3): 477-492.
- Laponce, J. and Safran, W., eds. (1996) *Ethnicity and citizenship: the Canadian case*. Taylor and Francis.
- Malesevic, S. (2006) *Identity as ideology: undersatnding ethnicity and nationalism*. Palgrave, Macmillan.
- Maleska, M. (2013) „Multiethnic democracy in Macedonia: political analysis and emerging scenarios". *New Balkan Politics*. Issue 13: 1-27.
- Maleska, M. (2005) „What kind of political system did Macedonia get after the Ohrid Peace Agreement?", во: *New Balkan Politics*. Issue 9. http://www.newbalkanpolitics.org.mk/napis.asp?id=31&lang=English.
- Maleski, D. (2005) „The conduct of a great power", во: *New Balkan Politics*. Issue 9. http://newbalkanpolitics.org.mk/item.php?id=114#.Uq2VDNJDsWc.
- Michnik, A. (1996) „Dignity and fear: a letter to a friend". Во: R. Caplan and J. Feffer, eds. *Europe's New Nationalism: states and minorities in conflict*. New York: Oxford University Press.
- Miller, D. (2000) *Citizenship and National identity*. London: Polity Press.
- Mummenday, A., Klink, A. and Brown, R. (2001) „Nationalism and patriotism: national identification and out-group rejection". *British Journal of Social Psychology*. Vol. 40 (2): 159-172.
- Podunavac, M. (1998) *Princip građanstva i poredak politike*. Beograd: Fakultet političkih nauka.
- Reynolds, A., ed. (2002) *The Architecture of Democracy: Constitutional Design, Conflict Management and Democracy*. Oxford University Press.
- Schopflin, G. (1996) „Nacionalism and Ethnic Minorities in Post-Communist Europe". Во: R. Caplan and J. Feffer, eds. *Europe's New Nationalism*. New York: Oxford University Press, pp. 151-168.
- Shulman, S. (2002) „Challenging the civic/ethnic and west/east dichotomies in the study of nationalism". *Comparative political studies*. Vol 35 (5): 554-585.

- Sisk, T. (1996) *Power Sharing and International Mediation in Ethnic Conflicts*. Washington DC: United States Institute for Peace & Carnegie Commission on Preventing Deadly Conflict.
- Smith, A. (1991) *National identity*. London: Penguin books.
- Sulejmani, R. (2008) „Consensus democracy and power-sharing in Macedonia". Во: F. Bieber, ed. *Power sharing and the implementation of he Ohrid framework agreement*. Skopje: Friedrich Ebert Stiftung – Office Macedonia.
- Tournon, J. (1989) „Construcion et deconstruction du groupe ethnique". *Revue internationale de science politique*. Vol 10 (4): 331-348.
- Turner, B. S. (2001) „The erosion of citizenship". *British Journal of Sociology*. Vol. 52 (2): 189-209.
- UNDP (2010) *People centered analyses*. Skopje: UNDP Skopje office.
- UNDP (2008) *People centered analyses*. Skopje: UNDP Skopje office.
- UNICEF (2009) *Multiculturalism and inter-ethnic relations in education*. Skopje: UNICEF country office.
- Wolf, S. (2011) The emerging practice of complex power-sharing, http://www.stefanwolff.com/files/The Emerging Practice of Complex Power Sharing.pdf.
- Wolff, S. (2006) *Ethnic conflict: a global perspective*. New York: Oxford University Press.
- Атанасов, П. (2008) „'Етничките јазли' и македонскиот мултикултурализам". Во: Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања 2007, Скопје: ИСППИ.
- Атанасов, П. (2003) Мултикултурализмот како политика, теорија и практика. Скопје: Евро-Балкан Пресс.
- Христова, Л. (2011) „Политичкиот плурализам во Р. Македонија". Во: Христова и др. Политичките идентитети во Р. Македонија. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.
- Кимлицка, В. (2004) Мултикултурно граѓанство. Скопје: ИДСЦО.
- Кржаловски, А. (2011) Дискриминацијата во Македонија по основа на етничка припадност – истражувачки извештај. Скопје: МЦМС.
- Липхарт, А. (1995) Демократијата во поделените општества – компаративна студија. Скопје: СТЕП.

- Линц, Х. и Степан, А. (2008) Проблеми на демократска транзиција и консолидација. Скопје: Академски печат.
- Малеска, М. (1997) Етничкиот конфликт и прилагодувањето. Скопје: Култура.
- Симоска, Е. и др. (2012) Политичката култура и идентитетите во Р. Македонија. Скопје: ФИООМ и ИСППИ.
- Тејлор, Ч. и др. (2004 [1994]) Мултикултурализам – огледи за политиката на признавање. Скопје: Евро-Балкан Пресс.
- УНДП (2001) Национален извештај за човековиот развој 2001 – социјалната исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија. Скопје: УНДП канцеларија.
- Цацановска, Р. (2014) „Религиозните промени во македонското општество“. Во: Јавното мислење во Република Македонија за општествено-економските прашања – 2012. Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

ВТОР ДЕЛ

# АСПЕКТИ НА ИДЕНТИТЕТОТ: ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ

Доц. д-р Елеонора Серафимовска
Доц. д-р Маријана Марковиќ

# ВОВЕД

## 1. Дефинирање на поимите сродни со поимот идентитет

Поимот идентитет треба појмовно да се разграничи од следните поими: идентификација, селф, селф-концепт и самопочитување (self-esteem), (Baumeister, 1986). Основната разлика помеѓу поимите *идентитет* и *идентификација* е што *идентитетот* се однесува на нивото на *истоста* (односно различноста со другите) на себе во текот на времето, а *идентификацијата* го подразбира централниот процес на континуирана асимилација на својствата, особините на „другиот", при што настапува целосно или делумно преобразување согласно моделот за идентификација (Poro, 1990). Како модел за идентификација се јавуваат *важните други*: најчесто тоа се родителите и/или пријателите со кои е реализирана емотивна врска во текот на живеењето.

Селф[19] е поим што се употребува со различни значења како во секојдневниот говор, така и во науката. Во доменот на психологијата речиси секоја теорија на личност има свое толковно определување на поимот *селф*. Најчестата определба на терминот *селф* се однесува на целокупноста на доживувањето на сопственото тело, чувството на идентитет и начинот на кој другите нè препознаваат. Ваквото дефинирање на терминот *селф* ги вклучува истовремено *физичкиот селф* и *селфот* што е создаден како резултат на процесот на социјализација на личноста (Baumeister, 1986).

Селфот наоѓа свое место во различните теориски концепти што се обидуваат да ја објаснат личноста. Мајерс (според Такашманова, 1998), го истакнува чисто психолошкиот концептот на селфот даден од Џејмс, според кој *селфот* се состои од два аспекта што дејствуваат симултано. Едниот е оној дел од личноста кој сознава (јас) и вториот, оној што е објект на перцепција и сознавање (мене).

19 Зборот self сè уште не е адекватно преведен на македонски јазик. Наместо овој термин се употребуваат термините: јаство, самство, сепство, сопство и др. Но, ниту еден од наведените термини во целост не го исцрпува значењето што во себе го носи терминот self (Такашманова, 1998).

Првиот аспект се однесува на освестувањето за себе преку сопствените искуства што стекнува сознание за сопствениот континуитет и за посебноста. Емпириското *јас* или *мене* е вкупен збир на сè она што личноста може да го определи како мое (*физичкото* или *материјално* јас се однесува на телесната организација, дом, облека, односно на сè она што имаме впечаток дека ни припаѓа; *социјалното јас* се однесува на импресијата што некој ја остава на друг, односно *социјалното јас* го сочинуваат толку компоненти колку што постојат групи чиишто мислења се релевантни за личноста, односно толку улоги колку што игра личноста; *духовното јас* го сочинуваат психички својства и способности што единката ги доживува како јадро на сопствената личност). Овој концепт на Џејмс генерално е присутен во сите теории на личноста и во овој концепт се наоѓа изворот на дихотомија на *селфот*, каде што *јас* претставува *селф* како процес или *селф* во акција, а мене – *селф* како објект на сознавање.

Поимот *селф-концепт* ги означува идеите што ги имаме за себеси. *Селф-концептот* е индивидуално верување за самиот себе/самата себе. *Селф-концептот* може да вклучи многу аспекти што не се дел од идентитетот. Навидум, може да се стекне впечатокот дека *селф-концептот* е категорија што се менува постојано, токму поради тоа што различните аспекти од *селфот* доаѓаат до израз во конкретна ситуација или состојба. Но, концептот на селф реално не се менува, туку различни негови аспекти стануваат видливи (Baumeister, 1986).

*Селф-концептот* го сочинуваат три основни вида себепретставување: *индивидуален селф*, *релациски селф* и *колективен селф* (Sedikides, Brewer, 2001). *Индивидуалниот селф* се однесува на издвојувањето на една личност од другите како единствена констелација на личносни црти и карактеристики. *Релацискиот селф* ги содржи оние аспекти на селф-концептот што се споделуваат со другите со кои се наоѓаме во релација и ја дефинираат улогата или позицијата на личноста во однос на лицата кои ги претставуваат „другите“ кои се значајни за нас (на пример, однос на родител со дете, пријателство, партнерски релации). *Колективниот селф*, пак, се постигнува преку вклучување во големи социјални групи и споредување на групата на која се припаѓа со другите групи. *Колективниот селф* ги содржи оние аспекти на селф-концептот што ги разграничуваат членовите кои припаѓаат на групата од оние што не припаѓаат. Овој вид припаѓање не е базиран на блиски релации помеѓу членовите на групата.

Овие три вида презентација на *селфот* постојат во секоја индивидуа и сите три се резултат на процесот на социјализација. Природата на поврзаноста помеѓу овие три аспекти на селф-концептот е предмет на научни расправи. Одреден приод се фокусира на еден вид себепретставување како примарен, а потоа се насочува на објаснување на значењето или улогата што овој дел ги дава на другите два аспекта на селф-концептот. Друг пристап, пак, истакнува дека сите три аспекти се еднакво важни, односно примарни. Овој приод истакнува дека активацијата на деловите на селфот е детерминирана од околностите, а трите аспекти на себепрезентацијата се комплементарни, заемно се исклучуваат и се функционално независни. Третиот приод кон аспектот на интеракција помеѓу себепретставувањето е еден вид синтеза во која различните видови себепретставување се интегрирани во еден модел на *селф-концепт*.

Самопочитувањето (self-esteem) претставува евалуација (процена) на селфот и по својата природа е димензија на селф-концептот. Иако поимите селф-концепт и идентитет имаат сличности, тие сепак суштински се разликуваат, селф-концептот постои само во умот на личноста, додека идентитетот е во својата основа социјално определен (Sedikides, Brewer, 2001).

## 2.Значењето на терминот идентитет во психологијата

Во Психолошкиот речник поимот *идентитет* е определен како „истоветност во важните, определувачки својства. Два предмета можат да бидат различни, но можат да бидат идентични доколку имаат исти определувачки особини" (Krstić, 1991). Истиот извор ја прецизира употребата на поимот низ призмата на психологијата во контекст на личноста и тоа во двете основни насоки: како „сличност со некоја друга личност која произлегува од процесот на идентификација и како важно субјективно чувство на истост наспроти значајните промени на личноста во текот на времето".

Во психологијата поимот *идентитет* се поврзува со *сликата за себе* (менталниот модел што личноста го има создадено за себе), *себевреднувањето* и поимот *индивидуалност* (Weinreich, 1986). Психолозите вообичаено го користат терминот *идентитет*, мислејќи на *персоналниот идентитет*, односно на оние аспекти што личноста ја прават единствена (Krstić, 1991).

Во рамките на психологијата Ериксон е еден од првите автори кој експлицитно се занимавал со проучување и објаснување на концептот на *идентитетот*. Неговиот концепт е базиран на психолошкото чувство на континуитет, познато како *его-идентитет* (или именувано како селф); личносните карактеристики и особености што една личност ја одвојуваат од друга, познато како *персонален идентитет*, и збирот на социјални улоги што личноста има потенцијал да ги игра, определен како *социјален идентитет* или *културален идентитет*. Во духот на психодинамската традиција, Ериксон го истражувал процесот на формирање на идентитетот во текот на животните циклуси. Тој ги истакнува временскиот континуитет и чувството за различност. Чувството на единство, според него, се базира на временскиот континуитет и чувството на различност од другите (Erikson, 1963). Имено, според Ериксон, формирањето на идентитетот, наречен и процес на индивидуализација, е развојот на поединецот како посебна личност во одредена фаза од животот, во која индивидуалните карактеристики се постигнати и според кои лицето се препознава или се познава себеси како такво. Овој процес ги дефинира поединците и во однос на другите и во однос на себеси. Деловите од вистинскиот идентитет на лицето вклучуваат чувство на континуитет, чувство на посебност од другите и чувство на припадност. Формирањето на идентитетот води до голем број случувања на личниот идентитет, како и идентитетот каде што поединецот има некој вид разбирање на себеси како дискретен и посебен ентитет. Сето ова е можно преку процесот на индивидуализација, при што неиздиференцираниот поединец има тенденција да стане посебен и единствен, како и да поминува низ фазите низ кои диференцираните аспекти на животот на една личност се стремат да станат една неделива целина.

Марсија (Marcia) го прочистува и го проширува делото на Ериксон (Шкариќ, 2004) и доаѓа до концепт за постоење на четири статуси на идентитетот што се случуваат во текот на психолошкиот развој на идентитетот. Главната идеја на Марсија е дека чувството за идентитет е определено главно од два процеса: процес на истражување и процес на обврзување (посветување) направени во однос на одредени лични и социјални карактеристики. Следува дека во јадрото на оваа парадигма се испитувањата, истражувањата до кои едно лице успеало да стигне, како и степенот до кој тој/таа ја покажува посветеноста (се обврзува) на тие истражувања. Согласно степенот до кој овие два процеса се постигнати, постојат четири статуси на идентитетот (Marcia, 1966):

**ПОСТИГНАТ ИДЕНТИТЕТ** (завршени истражувања и постигната посветеност). Овие лица имаат развиено добро дефинирани лични вредности и селф-концепт. Нивните идентитети можат да се проширувааат и понатаму да се дефинираат, но основите веќе се поставени. Овие лица се прифаќаат себеси и се способни за воспоставување на интимни врски.

**ПСИХОСОЦИЈАЛЕН МОРАТОРИУМ** (завршени истражувања, но не е постигната посветеност). Овие лица имаат стекнато нејасни или лошо формирани идеолошки и професионални заложби. Тие сѐ уште се во потрага на идентитетот. Тие почнуваат да се посветуваат на идентитетот, но сѐ уште го развиваат.

**ПРЕДОДРЕДЕН ИДЕНТИТЕТ** (незавршени истражувања, но постигната посветеност). Овие адолесценти слепо ги прифаќаат идентитетот и вредностите што им биле пренесени од семејството и значајните други. Тие се посветени на идентитетот, но не како резултат на сопственото себеистражување или на кризата. Всушност, тие не поминале низ криза на идентитет, бидејќи избегнувале да се спротивстават и да ризикуваат.

**ДИФУЗЕН ИДЕНТИТЕТ** (незавршени истражувања, како и непостигната посветеност кон нив). Адолесцентите кои не се способни да се соочат со потребата за развој на идентитетот избегнуваат да истражуваат или да се посветуваат на нешто и остануваат во аморфна состојба на дифузија на идентитетот, што понекогаш може да продуцира социјална изолација. Овој тип идентитет е најмалку комплексен и најмалку зрел во споредба со останатите три.

Ланг, во своето дело *Јас и другите*, јасно ја нагласува заемноста на односот на емотивно-когнитивната ориентација кон себе, кон другите и кон светот. Тој истакнува дека ниедно искуство не се случува во вакуум, зашто секој идентитет го претпоставува *другиот*, односно постои комплементарност помеѓу мене и другите. Тоа истовремено значи и дефинирање на моето *јас* од страна на другиот како и *мое* дефинирање на *другиот* (Laing, 1977).

Станува очигледна т.н. двојност на идентитетот, тој е истовремено и персонален и социјален. Всушност, идентитетот најчесто се употребува во термини на „социјален“ и „персонален“ (или личен). Во исто време, тој се однесува на социјалните категории, како и на аспектите на индивидуалното себепочитување, односно достоинство (Fearon, 1999).

Голубовиќ (1999) истакнува дека персоналниот и колективниот идентитет по својата природа се интеракциски и дека прашањето на усогласеноста во воспоставувањето на меѓусебните односи е всушност прашање на *мерката* на воспоставениот персонален и колективен идентитет. Авторката тврди дека од тие причини погрешно е персоналниот идентитет да се означува како субјективен, а другиот како објективен аспект на процесот на идентификација, бидејќи и персоналниот идентитет, како субјективен одраз на селфот, се базира на објективните фактори на влијание што произлегуваат од социокултурната средина, како што и колективните идентитети, како објективна основа на самоидентитетот, се субјективно рефлектирани, било да станува збор за поединечни или групни субјекти (Golubović, 1999).

Во основата, човекот не може да живее без остварување на обете димензии на идентитетот, иако често се случува поединецот да „пропушти" да го формира своето „јас" поради претерана идентификација со својата социокултурна средина (или потесна заедница) и како резултат на симбиозата што го спречува да се „одвои" и да стане независна, автономна личност.

Со оглед на тоа што голем број научници го конципираат идентитетот, притоа поделувајќи го, дефинирајќи го со различни поими, а имајќи ја предвид тешкотијата при дефинирањето на видовите идентитети (персонален, личен, индивидуален, социјален, колективен), а уште повеќе тешкотијата при определување на значењето што се припишува на различните видови идентитети од страна на различни научници во различните научни сфери и сфери на општественото живеење, можеби како појдовен истражувачки концепт за идентитетот треба да се разбере следното: идентитетот, условно секако, би можел да се гледа како *персонален (личен, индивидуален)* и *социјален*. Хабермас (според Golubović, 1999) персоналниот идентитет го поима како свесност за себеси, различен од сите други, при што *јас* (егото) доследно стои зад сите поединечни улоги и норми. Тогаш кога актерите се сретнуваат како индивидуи, а не како играчи на улоги, идентитетот на улогите се заменува со его-идентитетот.

*Персоналниот идентитет* се однесува на сето она што ја диференцира конкретната личност од останатите како уникатна констелација на црти и карактеристики што се трајни низ времето. Персоналниот идентитет, исто така условно, има два аспекта: *персонален, приватен аспект* и *социјален, јавен аспект*.

*Приватниот аспект* на *личниот идентитет* е оној аспект што е „видлив“ само за индивидуата и се однесува на нејзините сопствени потреби, мисли, ставови, чувства, нејзините вредности и морални стандарди, сопствените цели и очекувања, сопствените стравови, чувства на единственост и континуираност и сопствената самопроцена на единката, индивидуата. *Јавниот аспект* на *персоналниот идентитет* е она што е „надворешната страна“ од личносниот дел, односно манифестацијата на личноста, а тоа се: физичката појавност на личноста, нејзината популарност, реакциите на другите кон единката, нејзината привлечност, импресиите што ги остава кај другите и, би се рекло, нејзиното целокупно социјалното однесување.

*Социјалниот идентитет* се однесува на перципираната припадност кон одредени поголеми или помали групи во општеството (Tajfel, Turner, 1986). И овој идентитет може да се разгледува низ два аспекта: *релациски аспект и колективен аспект на социјалниот идентитет*. *Релацискиот аспект* е базиран на персонализираните врски и релации со одреден други лица, членови на одредено семејство, круг на пријатели и роднини, партнер/ка и тој аспект е специфичен за секој поединец. *Колективниот аспект* на *социјалниот идентитет* се однесува на припадноста кон одредена/и група/и во општеството: жени/мажи, Македонци/Албанци/Турци/Роми..., психолози/социолози/правници..., скопјани/охриѓани и е заеднички за одредена помала или поголема група луѓе.

Во процесот на себедефинирањето (во процесот на дефинирање на идентитетот, односно чувството за тоа кој сум јас) постојат сите аспекти на идентитетот, но различна е хиерархиската поставеност меѓу нив, односно можни се ориентации кон различни аспекти на идентитетот (приватен, јавен, релациски и колективен) во определен временски период. Така, ќе постојат индивидуи кои при конструирање на сопствената себедефиниција (или чувството за себеси) повеќе ќе се ориентираат и ќе им придаваат поголемо значење на сопствените потреби, чувства, мисли, ставови, вредности... па, ќе кажеме дека кај нив е особено истакнат *персоналниот, приватен аспект* на личниот идентитет; индивидуи кои кога се дефинираат себеси ќе се ориентираат и ќе им додаваат поголемо значење на својата физичка појавност, популарност, ќе им бидат важни реакциите на другите кон нив, нивната привлечност, импресиите што ги оставаат кај другите и

нивното социјално однесување, па за нив ќе кажеме дека имаат особено истакнат *јавен (социјален) аспект* на личниот идентитет; индивидуи на кои кога себеси се определуваат особено им се важни нивните релации со одредени лица како што се лицата од нивното потесно и пошироко семејство, кругот на пријатели, партнерите... Овие индивидуи се ориентираат кон *релацискиот аспект* на социјалниот идентитет. На крајот, но не и последни и помалку застапени, се и индивидуите кои кога се дефинираат себеси ќе се ориентираат и ќе даваат особено значење на припадноста кон големи социјални групи – тоа се индивидуите со особено истакнат *колективен аспект* на социјалниот идентитет. Сите овие аспекти можат да бидат актуализирани со различен интензитет и важност кај една иста индивидуа во различни животни околности.

Особено важно да се разбере во овој теориски концепт е правењето разлика помеѓу поимот *идентитет* и поимот *аспект на идентитет* што се актуализира во одреден момент. Имено, секоја индивидуа има уникатен, единствен идентитет. Тој идентитет условно би можел да се гледа како индивидуален и социјален, но секако е единствен, еден! И единката при процесот на дефинирање на тој уникатен и единствен идентитет (сопственото чувство за тоа кој е тој/таа) може да придава различни важност и значење на различни аспекти на тој единствен идентитет: на приватниот, јавниот, релацискиот или колективниот аспект. Всушност, треба да се прави разлика помеѓу *идентитет* и *ориентација кон одреден аспект на идентитетот*. *Идентитетот* на единката го дава одговорот на прашањето „кој сум јас“ (Fearon, 1999), а *ориентацијата* е релативната важност што истата единка ја дава на одредени аспекти на идентитетот (Cheek, 2002). Па, секако ќе постои разлика помеѓу *персонален идентитет* и *ориентација кон персоналниот, приватниот аспект на идентитетот*. Персоналниот идентитет се сите лични црти и карактеристики, сите ставови, мисли, чувства на единката, а ориентацијата кон приватниот аспект на идентитетот ќе бидат важноста и значајноста што единката ќе ги припишува на овој аспект во процесот на конструкцијата на сопствената дефиниција. Истото ќе важи и за поимот *релациски идентитет* и *ориентација кон релациски аспект* на идентитетот. Релацискиот идентитет се однесува на сите релации што единката ги има со определен број лица, додека ориентацијата кон релацискиот аспект ќе значи важноста

што единката ќе им ја припишува на овие релации во процесот на себедефинирање и себепоимање. *Колективен идентитет* се однесува на припадноста на единката кон разни поголеми и помали социјални групи во општеството, а ориентацијата кон *колективниот аспект* на идентитетот ќе значи колку на единката ѝ е важна припадноста кон тие групи кога се дефинира *која сум јас*. Можеби проблемот би можел да настане само при правењето разлика помеѓу социјалниот идентитет и социјалниот, јавен аспект на идентитетот. Овој проблем точно ја отсликува суштината на проблемот: дуалноста на идентитетот. Социјалниот идентитет (како што поголемиот број научници го дефинираат) се однесува на оној дел од идентитетот што ја претпоставува припадноста на индивидуата во општеството, значи „сместување" на поединецот во општеството, во социјалната средина. Тој поим условно, според видот на релациите и односите, може да се подели на релациски и колективен, но тој секако останува и значи исто: врската, релацијата, припадноста на единката во општеството со социјалната средина во која расте и се развива. Но, и личниот, персоналниот идентитет има своја социјална, јавна димензија што никако не може да се „одлепи" од неа. Таа димензија е манифестација на единствената личност кон надворешниот свет, видлива за сите, „кожата" на единственото тело наречено поединец. Таа се нарекува социјален, јавен аспект на идентитетот и се мисли на надворешната, видлива страна на личниот идентитет, однесувањето на личноста во средината. Токму на оваа димензија ќе се мисли кога ќе се употребуваат поимите социјален идентитет и социјален аспект на идентитетот понатаму во овој текст. Оттука, внимание е особено потребно кога се употребуваат сите овие термини.

# 3. Психолошко-социјални карактеристики на младите

Секој развоен период има свои карактеристики и обележја што се однесуваат како на психичките појави, така и на социјалните релации. На возраст од 18 до 25 години младите тежнеат кон независност од родителите и градат визија за постигнувањата во животот што се поврзани со професијата и интимните релации. На возраст од 25 до 39 години се навлегува во светот на возрасните. Индивидуата почнува професионално да се реализира, настојува да воспостави социјални врски и интимната врска да ја претвори во брак.

Развојот на индивидуалниот идентитет почнува со процесите на повнатрешнување (идентификација, интроекција, инкорпорација, асимилација) на елементите присутни во социјалната средина и нивното доживување како да се сопствени, преку процесот на освестување на различноста со другите, но и преку субјективното чувство на истост во текот на времето. Во зависност од заемното дејство на процесите на развојот на селфот и процесите на влијание на средината се развива идентитетот. Доколку процесот тече со надминување на кризите што развојно ќе се појавуваат, можеме да зборуваме за постигнат (достигнат) идентитет (Marsia, 1966) или за психосоцијален идентитет (Ericson, 1956, 1963). Доколку процесот на создавање на идентитетот се одвива хармонично, се „полни резервоарот“ на персоналниот идентитет – индивидуата станува свесна за сите нејзини социјални улоги, поточно за сите нејзини групни припадности. Ако околината не е претерано рестриктивна, туку разумно, демократски отворена, на индивидуата ѝ се остава простор, при „*пробување* костуми“ својствени за различните социјални улоги (карактеристичен процес во адолесценцијата), да направи „слободен“, волев, а не принуден избор и на тој начин да ја надмине кризата на идентитетот (што според Ериксон е нормален и очекуван процес). Штом ќе ја надмине кризата, индивидуата, бидејќи направила слободен, не принуден избор, и затоа што тој избор го направила врз основа на сопствената волја и сопствениот разум, ќе покажува посветеност, верност (оригинално commitment според Ериксон, а подоцна и Марсија) кон улогата што е веќе избрана да биде играна. Сега, пак, посветената припадност, верност на некоја социјална група влијае врз јакнење на идентитетот на поединецот (Fulgosi, 1987).

Главна развојна задача во овој период е стабилизација на идентитетот на егото. Откако ќе настапи стабилизација на идентитетот на егото, нов вид интимност станува можен – интимност на возрасен базирана врз заемна размена. Во табелата што следува се прикажани главните карактеристики што се однесуваат на карактеристиките на психичките процеси, појави и социјални релации својствени за периодот на раната зрелост.

**Табела 1. Опис на промените во период на рана зрелост (од 18 до 40 години)**

| Области | |
|---|---|
| **Професија** | Студирање, избор на кариера, вработување |
| **Семејство** | Избор на партнер, формирање семејство |
| **Морал** | Постконвенционален морал, стадиум 5 и 6 (според Колберговата теорија) |
| **Личност** | Разрешена е кризата на изолација, се напушта домот на родителите, се развива независност, настапува воспоставување на идентитетот |
| **Когниција** | Се појавува постформална мисла, размислувањето е релативистичко, постои толеранција на контрадикторности и ориентација кон наоѓање и разрешување проблеми |
| **Социоемоционален развој** | Се воспоставува сексуална и несексуална интимност, сексуалната преференција е постигната |

**Извор: Gormly & Brodzinski (1990).**

# II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Проблем на истражувањето

Како младите се дефинираат себеси, како го определуваат својот личен идентитет и дали тој начин на кој го дефинираат личниот идентитет ќе влијае врз нивниот колективен идентитет, беше главниот истражувачки проблем во овој сегмент на истражувањето. Се постави прашањето: Дали одредена ориентација при себедефинирањето ќе има влијание врз перцепцијата на врзаноста со одредени социјални улоги? Имено, дали е важна и како и колку е важна ориентацијата, позицијата што ја зазема единката при процесот на себепоимање во процесот на перцепција на нејзината припадност кон одредени социјални групи?

Овој сегмент на истражувањето пред себе има цел да ја анализира природата на поврзаноста помеѓу *ориентациите* (персонална и социјална), врз перцепцијата на сопствениот колективен идентитет. Тргнувајќи од концептите за повеќеслоен (различен) аспект на идентитетот, конкретните цели на ова истражување беа:

**а.** Утврдување на двете основни ориентации на себедефинирањето (персоналниот, приватен и социјалниот, јавен аспект) или поедноставно: утврдување кој дел од личноста го истакнуваат младите во процесот на себедефинирање и себепоимање. Прашањето тука е: кога младите се дефинираат себеси, дали повеќе го истакнуваат она какви се тие „персонално“, „внатрешно“, приватно: нивните ставови, вредности, мисли, чувства или какви се тие „социјално“, „надворешно“, јавно – како изгледаат, како се однесуваат, каков впечаток оставаат кај другите, колку се популарни.

**б.** Одредување на релациите на двата аспекта на личниот идентитет со видот и интензитетот на колективниот идентитет. Тука истражувачкиот интерес е насочен на испитување дали младите кои се повеќе ориентирани кон приватниот аспект или младите кои се повеќе насочени (ориентирани) кон својот јавен аспект на личниот идентитет ќе покажуваат поголем интензитет на врзаност кон различни социјални групи, улоги (различни аспекти на нивниот колективен идентитет).

**в.** Утврдување на социјалните одредници и последици на различните ориентации на идентитетот: кои социјални варијабли влијаат младите да развијат одредена ориентација при себедефинирањето, како и кои се последиците во општественото живеење од одредените ориентации на младите.

Во насока на разработување на предметот на истражувањето беа опфатени и анализирани неколку аспекти:

- Интензитетот на различните идентитетски ориентации: ориентации кон персоналниот/социјалниот аспект (приватен/јавен) на идентитетот кај студентите.
- Социјалните одредници (детерминанти) на различните идентитетски ориентации на себедефинирање.
- Релациите на идентитетските ориентации и колективниот идентитет.
- Идентитетски ориентации и „глобален“ версус „локален“ колективен идентитет.
- Идентитетски ориентации и степенот на интегрираност на социјалните улоги во општеството.

## 2. Хипотези

Истражувачките хипотези во ова подистражување беа дефинирани и разработувани во посебни сегменти и гласеа:

**Хипотеза 1**: Во процесот на себедефинирање студентите истакнуваат различни аспекти од својот личен идентитет, односно им припишуваат различно значење на различните аспекти на личниот (индивидуалниот) идентитет.

**Хипотеза 2**: Различните ориентации на себедефинирање се социјално одредени и зависат од полот, етницитетот и едукативната средина на студентите.

**Хипотеза 3**: Начинот на кој студентите го дефинираат сопствениот (личен, индивидуален) идентитет ќе влијае врз нивниот колективен идентитет.

**Хипотеза 4**: Идентитетските ориентации (персонална/приватна и социјална /јавна) влијаат врз перцепцијата на „глобалноста“ на колективниот идентитет.

**Хипотеза 5**: Идентитетските ориентации влијаат врз перцепцијата на степенот на интегрираност на социјалните улоги во општеството.

# 3. Варијабли и нивна операционализација

Како релевантни демографски варијабли во истражувањето се јавуваат *полот*, *етницитетот* и *едукативната средина* (универзитет на кој се запишани).

Како варијабла (променлива) што се претпоставува дека ќе има влијание врз колективниот идентитет е земена *идентитетската ориентација*. Идентитетската ориентација има два аспекта: едниот аспект е ориентација кон приватниот, персонален аспект на личен идентитет, а другиот ориентација кон јавниот, социјален аспект на личниот (или личносниот) идентитет.

Идентитетската ориентација е определена од скоровите добиени на двете потскали на Скалата за мерење на ориентацијата кон различни аспекти на идентитетот (СОАИ), а тоа се: Скала за ориентација кон персонален аспект на личниот идентитет (СОПА) и Скала за ориентација кон социјалниот, јавен аспект на личниот идентитет (СОСА).

Една од испитуваните варијабли што претпоставуваме дека е променлива под влијание на степенот на изразеност на идентитетската ориентација е *колективниот идентитет* и е определена од добиениот резултат на Скалата за видот и интензитетот на врзаност кон различни социјални групи конструирана од Лапонс (во понатамошниот текст СВИВ).

Втората од испитуваните појави што се претпоставува дека се менува под влијание на степенот на изразеност на идентитетските ориентации е: *субјективната процена на статусот, степенот на интегрираност на социјалните улоги* во општествениот контекст. Оваа процена е определена од вкрстувањето на одговорите на двете димензии од прашалникот СВИВ: перципираната значајност на поединечните социјални групи за поединецот и неговата перцепција за степенот на задоволство на поединците кои припаѓаат на различни социјални категории со општествените прилики во државата.

# 4. Инструменти

1. **Скала за мерење на ориентацијата кон различни аспекти на идентитетот (СОАИ од оригиналното AIQ Aspect of identity Questionnaire).**

За целите на истражувањето беше употребена Скалата за мерење на аспектите на ориентацијата на идентитетот (АОИ), конструирана од Џонатан Чик и Линда Троп (Jonathan M. Cheek, Linda R. Tropp). Првото издание е објавено во април 1994 година, а второто онлајн, во јуни 2002 година.

Ориентацијата на идентитетот се однесува на релативната важност што поединецот ја припишува на различните сопствени атрибути или карактеристики во процесот на себедефинирањето. Развојот на скалата што ги мери аспектите на идентитетот почнува со селекција на ставките од листата на карактеристики на идентитетот што ги дава Самсон (1978), што, било проценето, ги претставуваат домените на персоналниот и социјалниот идентитет (Cheek & Briggs, 1982). Некои од ставките биле преформулирани, други исфрлени, конструирани биле и нови ставки, сè со цел да се постигне веродостојност и содржинска валидност на овој инструмент. Психометриските анализи покажале дека определени ставки, што во прво време биле определени како ставки од кластерот на категоријата *социјален идентитет*, биле дел од нов кластер што го претставува *колективниот идентитет*. Така се создала третата скала, *Скалата за колективната ориентација на идентитетот*. Се покажало дека ниту социјалната ниту колективната скала не се фокусираат на интимните релации со блиските пријатели или интимните пријатели, така што била конструирана нова скала – *Скала за релациска ориентација на идентитетот*.[20] Така е добиена нова форма на Скалата на АОИ, што оригинално е именувана како AIQ-4 (АОИ-4). Последната форма на оваа скала ја сочинуваат пет скали, односно 45 ставки (ПИ – ориентација на *персонален идентитет*/10 ставки, РИ – ориентација на *релациски идентитет*/10 ставки, СИ – ориентација на *социјален идентитет*/7 ставки и КИ

20 На овој начин, од првично замислената скала на ориентација кон социјалниот идентитет, откако се извадиле релацискиот и колективниот идентитет, останал всушност само делот што се однесува на социјалниот, јавен аспект на персоналниот, личен идентитет, дел што авторите на скалата го нарекуваат ориентација кон социјален идентитет.

– ориентација на *колективен идентитет*/8 ставки и СП – специфични ставки што не се бодуваат/10 ставки).[21] Резултатот на секоја скала е збир на резултатот на секоја ставка дадена на скала од 1 до 5 (каде што 1 значи „не е важно за чувството кој сум", а 5 значи „многу е важно за чувството кој сум јас").[22]

За целите на ова истражување беа употребени следниве две, од постоечките четири скали:

СОПА – Скала за ориентација кон приватниот, **персоналниот аспект** на личниот идентитет (скратено ПА). Скалата се однесува на: сопствените потреби, мисли, ставови, чувства, лични вредности и морални стандарди, сопствените цели и очекувања, сопствените стравови, чувства на единственост и континуираност и сопствената самопроцена.

СОСА – Скала за ориентација кон **социјалниот, јавен аспект** на личниот идентитет (скратено СА), а ги опфаќа следниве аспекти: физичката појавност, популарноста, реакциите на другите кон единката, нејзината привлечност, импресиите што ги остава кај другите и социјалното однесување.

Изборот на двете скали е направен со цел да се изолира „јадрото" на идентитетот. Имено, ориентација кон персоналниот, приватен, односно социјалниот, јавен аспект на идентитетот се всушност „внатрешната" и „надворешната" страна од јадрото на идентитетот. Останатите два аспекта: релацискиот и колективниот аспект или ориентациите кон релацискиот и колективниот идентитет (како што ги нарекуваат авторите на инструментот) беа исклучени, бидејќи тие два аспекта се однесуваат на колекцијата (збирот) на членствата во различните групи, односно на „периферниот" сегмент на идентитетот.

Авторот на прашалникот што се однесува на аспектите на идентитетот (Cheek, 1982) утврдил поврзаност помеѓу ориентацијата кон аспектот на персоналниот идентитет и приватната самосвест (self-consciousness) мерена со Скалата за самосвест – оригинално SCS, Self-Consciousness Scale (Fenigstein, Scheier & Buss, 1975). Со оглед на

---

21 Авторите на овие скали ги употребуваат кратенките ПИ за потскалата на персонален идентитет, СИ за потскалата на социјален идентитет, РИ за потскалата на релациски идентитет и КИ за потскалата на колективен идентитет. Сепак, да се наспомене дека согласно усвоениот теориски концепт, под ПИ се подразбира персоналниот аспект на личниот идентитет, а под СИ се подразбира социјалниот аспект на личниот идентитет. Другите две потскали не се земени во ова истражување.

22 Во конкретното истражување беше применета седмостепена скала од Ликертов тип, главно поради две причини: психолошкиот момент што испитаниците редоследно го пополнуваат прво инструментот на Лапонс, што е на седмостепена скала, па веќе направиле одредено приспособување на начинот на размислување, и од причина што на овој начин се обезбедува поголема сличност на мерките на независната и зависната варијабла.

тесната поврзаност на обата конструкта во ова истражување ќе го употребуваме терминот приватен аспект на идентитетот кога говориме за ориентацијата кон персоналниот аспект на идентитетот, со цел да ја истакнеме природата на овој конструкт, односно да го истакнеме постоењето на оној аспект на персоналниот идентитет каде што вниманието е насочено кон приватниот незабележливиот, невидливиот аспект на селфот, како што се мислите, чувствата за чиешто постоење сме само ние самите свесни (Wojslawowicz, 2005). Позитивна поврзаност е утврдена и помеѓу другата скала од прашалникот што се однесува на ориентација кон аспектот на социјалниот идентитет и јавната самосвест (self-consciousnes). Наспроти приватниот аспект на идентитетот, јавниот аспект на идентитетот се однесува на аспектот на видливите карактеристики на селфот, како што се појавноста и начинот на однесување во присуство на другите (Wojslawowicz, 2005).

Со цел да се утврдат метриските карактеристики на употребените скали (СОПА и СОСА), беше проверена дискриминативноста на ставките преку примена на статистичката постапка ајтем-тотал корелација. Високиот коефициент упатува на висока дискриминативност на ставките. Како што може да се види од табелите што следуваат, овој коефициент на корелација е статистички значаен на ниво 0,01 за секој од ставките во двете скали (ПА и СА).

**Табела 2. Приказ на коефициентите на корелација на скоровите на поединечните скали ПА и СА со сумарните скорови на скалите**

| | Реден број на прашања на Скалата ПА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Вкупен скор** | 0,58** | 0,61** | 0,52** | 0,65** | 0,68** | 0,63** | 0,65** | 0,66** | 0,64** |
| | **Реден број на прашања на Скалата СА** | | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | | | |
| **Вкупен скор** | 0,65** | 0,74** | 0,69** | 0,8** | 0,68** | 0,55** | | | |

**** Корелацијата е значајна на ниво 0,01 ($p < 0,01$)**

Се покажа дека постои висока корелација помеѓу двете скали (ПА и СА). Коефициентот на корелација изнесува 0,29 ($p < 0,01$). Високата позитивна корелација покажува дека кога расте едниот скор расте и другиот, па студентите кои поинтензивно го вреднуваат приватниот аспект на идентитетот при себедефинирањето поинтензивно го вреднуваат и јавниот аспект на идентитетот.

Покрај дискриминативноста на ставките, беше проверена и веродостојноста, односно внатрешната конзистентност на скалите (со примена на статистикот Кронбах алфа), како и хипотетската валидност, преку примена на факторската анализа (анализата на главни компоненти, Principal component analysis). Тестот на веродостојност (Кронбах алфа) покажа високи коефициенти на двете скали (ПА и СА), за обете форми (македонска и албанска).

**Табела 3. Приказ на Кронбах алфа коефициентите на секоја од скалите**

| Вредности на статистикот Кронбах алфа за: | ПА | СА |
|---|---|---|
| **Цел примерок** | 0,84 | 0,79 |
| **Македонски примерок** | 0,81 | 0,82 |
| **Албански примерок** | 0,83 | 0,76 |

Добиените високи вредности на коефициентите зборуваат во прилог на унитарната димензија на обете скали (унитарна димензија на ПА и унитарна димензија на СА). Со примена на фактор-анализата (анализата на главни компоненти) се покажа дека кај секоја од скалите беше издвоен еден фактор што упатува на еднодимензионалноста и оправданоста на нивната употреба како две посебни скали.

**Табела 4. Приказ на податоците добиени со примена на фактор-анализа кај Скалата ПА и СА**

| | ПА | СА |
|---|---|---|
| **Број на прашање** | **Вредност на факторот** | **Вредност на факторот** |
| 1. | ,510 | ,439 |
| 2. | ,450 | ,516 |
| 3. | ,458 | ,487 |
| 4. | ,494 | ,650 |
| 5. | ,524 | ,536 |
| 6. | ,289 | ,376 |
| 7. | ,367 | |
| 8. | ,448 | |
| 9. | ,541 | |

Спроведените статистички постапки говорат во прилог на оправданоста на употребата на двете скали ПА и СА, скали што ги определуваат ориентациите кон персоналниот и социјалниот аспект на идентитетот на студентската популација во Македонија.[23]

Добиените податоци на Скалата на ориентацијата кон персоналниот аспект на идентитет покажуваат дека минималниот забележан скор на ПА беше 11, а максималниот 63. Податоците добиени на Скалата на ориентацијата кон социјалниот аспект на идентитет (СА) покажуваат дека минималниот забележан скор беше 6, а максималниот 42. Овие податоци зборуваат за тоа дека студентите во Македонија, во процесот на себедефинирање, генерално повеќе се ориентирани кон приватниот аспект на идентитетот, а помалку на јавниот аспект, па поголема важност и значајност ќе им даваат на сопствените мисли, потреби, ставови и желби, а помалку на тоа како се однесуваат во средината, како изгледаат, колку се популарни и сл.

2. **Другиот инструмент што беше применет во ова истражување беше прашалникот конструиран од страна на Лапонс (Laponce, 2004), чијашто цел е утврдување на малцинскиот ефект.**

Лапонс (Laponce, 2004) конструирал прашалник што се однесува на 14 различни улоги што секој поединец ги „игра" во текот на својот живот (пол, возраст, националност, етницитет, професија, религија, преферирана политичка партија, државјанство, место на живеење, универзитет, етничка група, јазик, семејство, блиски пријатели)[24]. Секоја улога истовремено значи и припадност на определена социјална група и се разгледува од следните аспекти: заеднички интереси со припадниците на споменатите групи, солидарност со нив, колку лесно може да се направи промената на некоја од улогите, општо задоволство на припадниците на определена група со актуелните околности и колку припадноста на групата е значајна за поединецот. Секоја улога треба да биде лоцирана помеѓу поларитетите (многу ми е важно и воопшто не ми е важно) на седумстепената Ликертова скала.

23 Примената на тестот за нормалност покажа отстапување од нормалноста на дистрибуција на резултатите кај обете скали (Колмогоров-Смирнов К-С тест за Скалата ПА = 0,13, $p > 0,01$ и К-С за Скалата СА = 0,09, $p > 0,01$). Од овие причини, податоците ќе бидат обработувани со примена на постапките од непараметриската статистика.

24 Од првичната верзија на Лапонс е изоставен јазикот, бидејќи во РМ јазикот се поклопува со етницитетот, па во конечната верзија ќе бидат наведени вкупно 13 социјални групи/улоги.

Овој прашалник се базира на објаснувањето за малцинскиот ефект[25] извлечен од теоријата на личност на Ариети[26] и моделот за перцепција на селфот од Рокич[27].

Поаѓајќи од концептот за постоење на различни аспекти на идентитетот, при анализата на влијанието на ориентациите на личниот идентитет врз колективниот, во истражувањето беа исклучени улогите: *семејство* и *блиски пријатели* од прашалникот за утврдување на *малцинскиот ефект* конструиран од страна на Лапонс. Овие улоги беа исклучени, бидејќи тие, според усвоениот теориски концепт, претставуваат составен дел на *релацискиот идентитет*, а не на колективниот (што е предмет на интерес на ова истражување).

Пред да се навлезе во понатамошна анализи на податоците беше применет статистикот Кронбах алфа за Скалата на Лапонс и тој покажа дека секоја потскала на прашалникот на Лапонс (како и целокупниот прашалник) е високо хармонизирана и унитарна. Во табелата што следува прикажани се вредностите на коефициентите за секоја од потскалите, како и за целокупниот прашалник.

Прашалникот на Лапонс го гледаме како Скала за колективен идентитет (Скала за односот кон различни социјални групи, улоги во општеството) со различна природа на односот кон колективниот идентитет.

25 Малцинскиот ефект, според Лапонс, би значел очекување во едно инклузивно општество, луѓето кои се во малцинска позиција во однос на оние што се во доминантна позиција да придаваат поголема важност на улогата (социјалната улога) што ги „ставила“ во малцинство.

26 Ариети (Arieti, 1994) говори за два вида личности, т.н. генерализирачки и специфичен. Генерализираната личност се карактеризира со верувањето дека селфот е независен од различните инкарнации (појавности). Тоа е верување од типот: Јас сум учител, но да бев и лекар ќе бев истата личност или Јас сум жена, но да бев и маж ќе бев истата личност – упорна, непопустлива... Спротивно на ова, специфичната личност го поврзува селфот со некои од инкарнациите, верувајќи дека без постоењето појавност и селфот не би постоел. Тоа е верување како: Јас сум фармер и не можам да замислам да не бидам фармер или Не можам да замислам да имам друг етнички идентитет и да останам истата личност.

27 Рокич (Rockich, 1960, 1964) зборува за моделот центар-периферија: нашите централни, основни верувања многу потешко се менуваат во споредба со периферните, освен ако вторите се поврзани со првите. Тој пронашол дека под хипноза неговите субјекти биле многу поотворени да ги сменат своите мислења за релативните заслуги на Мерилин Монро, додека давале голем отпор да го сменат своето име од Џон во Иван (или некое друго име) или да „признаат“ дека нивната мајка била комунист. Основните верувања на генерализираната личност се дека селфот е мултиформен и не е перманентно закотвен на која било негова форма, додека специфичната личност има основни верувања за прикотвеноста кон ексклузивен и непроменлив идентитет.

**Табела 5. Приказ на Кронбах алфа коефициентите за секоја од потскалите на Лапонс**

| Потскали | Кронбах алфа |
|---|---|
| **Заеднички интереси со различни социјални улоги** | ,78 |
| **Чувство на солидарност со различни социјални улоги** | ,84 |
| **Тешкотии при помислата за промена на социјалните улоги** | ,78 |
| **Перципираното општо задоволство на припадниците на групите** | ,91 |
| **Значајност на различни социјални улоги за единката** | ,85 |
| **Вкупно** | **,91** |

Структурата на прашалникот на Лапонс овозможува добиените податоци да бидат анализирани на, главно, два начина. Едниот начин (првото ниво на анализа) е анализа на податоците за општата приврзаност кон сите групи (улоги), па се добива податок колку поединецот има заеднички интереси кон сите социјални групи заедно, колку е солидарен кон сите групи, колку смета дека е тешко да се сменат сите социјални групи/улоги[28] и колку нему лично му се значајни социјалните групи на кои припаѓа. Вториот начин (второ ниво на анализа) е анализа на врзаноста кон еден вид улога, при што врзаноста кон една улога/група се сфаќа како збир на изразениот интензитет за заеднички интереси со одредената улога, солидарноста кон таа група и перципираната важност на таа група/улога за индивидуата.

Покрај анализата на различните видови однос (заеднички интереси, чувство на солидарност, значајност) кон различните социјални улоги што го сочинуваат колективниот идентитет, што беше елаборирана досега, применета е и анализа на секоја поединечна улога низ трите вида однос кон неа. За да може овој вид анализа да биде применет се пристапи кон проверка на оправданоста за нејзина примена, поточно примена на корелација на интерставка и фактор-анализа. Корелацијата на интерставка беше применета за утврдување на веродостојноста, додека фактор-анализата беше применета со цел утврдување на хипотетската валидност.

Во табелата што следува е даден приказ на коефициентите на корелација помеѓу секоја од разгледуваните улоги и различните облици на однос кон социјалните улоги (заеднички интереси, чувство на солидарност, значајност).

28 Овој аспект на односот е изоставен понатаму во анализата зашто перципираната тешкотија за промена на конкретната улога/група е од различна природа во однос на другите аспекти: заеднички интереси, солидарност и значајност.

Податоците прикажани во табелата покажуваат дека постои статистички значајна корелација на ниво 0,01 (p < 0,01) во однос на секоја од улогите и природата на односот кон нив.

**Табела 6. Приказ на вредностите на Спирмановиот коефициент на корелација**

| | | Чувство на солидарност | Значајност |
|---|---|---|---|
| 1 | Заеднички интереси | 0,28** за пол | 0,21** за пол |
| 2 | Заеднички интереси | 0,29** за возраст | 0,12** за возраст |
| 3 | Заеднички интереси | 0,37** за државјанство | 0,20** за државјанство |
| 4 | Заеднички интереси | 0,30** за етницитет | 0,18 за етницитет |
| 5 | Заеднички интереси | 0,27** за професија | 0,17** за професија |
| 6 | Заеднички интереси | 0,27** за религија | 0,17** за религија |
| 7 | Заеднички интереси | 0,64** за политичка партија | 0,54** за политичка партија |
| 8 | Заеднички интереси | 0,35** за роден крај | 0,25** за роден крај |
| 9 | Заеднички интереси | 0,40** за место на живеење | 0,20** за место на живеење |
| 10 | Заеднички интереси | 0,37** за универзитет | 0,17** за универзитет |
| 11 | Заеднички интереси | 0,34** за класа | 0,13** за класа |

**** p < 0,01**

Ваквата висока корелација покажува постоење на високо ниво на веродостојност, односно на хомогеност на ставките. Имено, оваа табела покажува дека колку повеќе сметаме дека имаме заеднички интереси со некоја социјална група, толку повеќе ќе чувствуваме солидарност кон неа и толку повеќе ќе ја перципираме таа група како значајна за нас.

Табелата што следува дава приказ на вредностите добиени од примената на статистикот фактор-анализа. Се покажа дека односот кон една група/улога (без разлика дали е етничка група, професионална, возрасна...) може да се гледа како унитарна димензија што вклучува перцепција на заеднички интереси со припадниците на таа група, покажување солидарност кон нив и чувство дека таа група е значајна на индивидуата.

**Табела 7. Приказ на вредностите добиени со примена на фактор-анализа**

| | Со припадници на истиот/истата/истото: | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пол | Возраст | државјанство | Професија | Религија | Политичка партија | Роден крај | Место на живеење | Универзитет | Класа |
| **Чувство на солидарност** | 0,75 | 0,79 | 0,79 | 0,79 | 0,83 | 0,90 | 0,76 | 0,79 | 0,81 | 0,79 |
| **Значајност на улогата** | 0,67 | 0,63 | 0,63 | 0,45 | 0,43 | 0.20 | 0,67 | 0,62 | 0,62 | 0,56 |
| **Заеднички интереси** | 0,67 | 0,66 | 0,76 | 0,75 | 0,80 | 0,90 | 0,76 | 0,75 | 0,73 | 0,73 |

Резултатите од обете применети статистички постапки упатуваат на оправданоста да се групираат скоровите добиени од трите поединечни скали за секој посебен однос кон одредена група. Имено, оправдано е кога зборуваме за однос (или врзаност) на поединецот кон одредена група/улога, тој однос да го гледаме како сума од перципираните заеднички интереси со припадниците на таа група, со чувството на солидарност кон нив и со искажаната значајност на таа конкретна група/улога за поединецот. Ако првиот начин на анализа на прашалникот на Лапонс (објаснет погоре во текстот) упатува на севкупниот колективен идентитет, вториот начин на анализа на прашалникот упатува на аспектите на односот на индивидуите кон секоја поединечна социјална улога.

**3. Освен споменатите два инструмента, беше поставено и прашањето за субјективното чувство на приврзаност кон одделни идентитети (полокални или поглобални). Испитаниците беа прашани колку тие лично се чувствуваат приврзани кон својот роден крај, па кон државата, па кон Балканот и, на крајот, кон Европа.**

# III РЕЗУЛТАТИ

## 1. Изразеност на аспектите на ориентацијата кон персоналниот и социјалниот идентитет

Со цел да се даде одговор на поставената прва претпоставка и врз основа на добиените резултати од двете потскали, студентите прво беа групирани во три групи. Дистрибуцијата на проценти на испитаници по групи е прикажана во табелите што следуваат.

**Табела 8. Групирање на испитаниците според податоците добиени на Скалата ПА изразени во проценти**

| ПА (ориентација кон персоналниот аспект на идентитетот) | | |
|---|---|---|
| **Високи скорови** | **Средни скорови** | **Ниски скорови** |
| 81,9% | 17,6% | 0,5% |

Значително голем процент на испитаници при процесот на себедефинирањето особено значење му придаваат на персоналниот, приватен аспект од идентитетот.

**Табела 9. Групирање на испитаниците според податоците добиени на Скалата СА изразени во проценти**

| СА (ориентација кон социјалниот аспект на идентитетот) | | |
|---|---|---|
| **Високи скорови** | **Средни скорови** | **Ниски скорови** |
| 62,9% | 32,6% | 4,4% |

Значително голем процент на испитаници (а сепак помал во однос на персоналниот аспект на идентитетот) при процесот на себедефинирањето особено значење му придаваат на социјалниот, јавен аспект од идентитетот. Со оглед на тоа што процентот на испитаници со ниски скорови на двете скали беше низок, тие беа соединети со испитаниците кои постигнаа средни скорови на потскалите, па нивното групирање според скоровите на двете потскали е прикажано во сликата што следува.




**Слика 1. Приказ на дистрибуцијата на испитаници според изразеноста на ориентацијата кон персоналниот и социјалниот аспект на идентитетот**

Најголемиот процент на испитаници имаа висок скор на ПА и на СА, додека најмал процент на испитаници покажаа среден скор на ПА, а висок на СА. Имено, најголемиот број студенти се оние што даваат големо значење и на приватниот и на јавниот аспект при себедефинирањето, а најмалиот број студенти се оние што даваат големо значење на јавниот, а помало значење на приватниот аспект при себедефинирањето.

Испитаниците (имајќи ја предвид Ериксоновата и Марсиевата појдовна основа), кои покажаа висок скор на обете скали се именувани како *интегрирани*, испитаниците кои постигнаа висок скор на скалата што ја мери ориентацијата кон персоналниот, приватен аспект на идентитетот и среден скор на скалата за социјалниот, јавен аспект на идентитетот беа именувани како *его-ориентирани*. Еднакво ниските скорови на обете скали беа услов за испитаниците да бидат сместени во категоријата *преддефинирани*, а како *пресоцијализирани* беа именувани субјектите што развиле висока ориентација кон социјалниот аспект на идентитетот, но средна кон персоналниот аспект од идентитетот.




**Слика 2. Именување на групите според изразеноста на ориентациите кон персоналниот и социјалниот аспект на идентитетот**

# 2. Социјални одредници (детерминанти) на ориентациите кон различни аспекти на идентитетот при себедефинирањето

Во овој дел ќе бидат прикажани резултатите што треба да дадат одговор на втората претпоставка дека: различните ориентации на себедефинирање се социјално одредени. Во однос на анализата на социјалните одредници на идентитетските ориентации беа тестирани релациите на идентитетските ориентации со варијаблите: пол, етницитет и универзитет (сфатен како различна едукативна средина).

**Табела 10. Коефициенти на веројатноста за изразеноста на ориентацијата кон персоналниот аспект на идентитетот според пол, етницитет и едукативна средина**

| Ориентација кон персоналниот аспект на личност (ПА) | | |
|---|---|---|
| Коефициент на веројатност | | |
| Варијабли | Жени/мажи | 3,777** |
| | Македонци/Албанци | 2,662** |
| | Македонци/Албанци на УКИМ | 4,636** |
| | Студенти на ГДШ/ДУТ | / |

Табелата покажува дека жените имаат за 3,777 пати поголема шанса да бидат со висок скор на ПА во однос на мажите; Македонците имаат за 2,662 пати поголема шанса да имаат висок скор на ПА во однос на Албанците; студентите Македонци на УКИМ имаат за 4,636 пати поголема шанса да имаат висок скор на ПА во однос на студентите Албанци на УКИМ.

**Табела 11. Коефициенти на веројатноста за изразеноста на ориентацијата кон социјалниот аспект на идентитетот според пол, етницитет и едукативна средина**

| Ориентација кон социјалниот аспект на личност (СА) | | |
|---|---|---|
| Коефициент на веројатност | | |
| Варијабли | Жени/мажи | 1,675* |
| | Македонци/Албанци | / |
| | Македонци/Албанци на УКИМ | / |
| | Студенти на ГДШ/ДУТ | / |

Табелата покажува постоење на само еден статистички значаен однос и тоа во однос на полот. Имено, се покажа дека жените имаат за 1,675 пати поголема веројатност од мажите при себедефинирањето да му дадат поголемо значење на социјалниот аспект на идентитетот.

Се забележува дека истовремено високоразвиената ориентација кон обата аспекта на идентитетот (приватен/персонален и јавен/социјален) е значително поприсутна кај жените отколку кај мажите ($X^2$ = 29.590, p < 0,01).

Што се однесува до етничката припадност, се забележува дека истовремено висока развиена ориентација кон обата аспекта на идентитетот (приватен и јавен) е значително поприсутна кај Македонците отколку кај Албанците ($X^2$ = 16.406, p < 0,01).

Кога ќе се земат предвид двата аспекта: пол и етничка припадност, се забележува дека не постои разлика кај жените (Македонки и Албанки) во однос на ориентацијата кон обата аспекта на идентитетот. Ваквата разлика се забележува само кај мажите. Имено, мажите Македонци во поголем степен при себеопределувањето се ориентираат еднакво и кон приватниот и кон јавниот идентитет за разлика од мажите Албанци ($X^2$ = 11.397, p < 0,01), иако и кај мажите Албанци во најголем процент се застапени оние со висок персонален и висок социјален аспект на идентитетот.

## 3. Ориентации кон (на) идентитетот: персонална и социјална ориентација на себедефинирањето и колективниот идентитет

Третата хипотеза претпоставуваше дека начинот на кој студентите го дефинираат сопствениот личен идентитет ќе има влијание врз колективниот идентитет изразен преку врзаноста за социјалните групи на кои се припаѓа.

Пред да се почне со првото ниво на анализа беше направен сликовит приказ на одговорите на студентите само на прашањето за тоа колку им се лично значајни различните социјални групи/улоги. Всушност, на почетокот се направи анализа на рангот според значајност што го даваат четирите групи студенти (според нивните идентитетски ориентации) на сите 13 социјални улоги/групи.

**Табела 12. Одговори на прашањето „Колку ви се лично значајни следните групи?"**

| Идентитетски ориентации | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ранг | Пресоцијализирани | | Преддефинирани | | Его-ориентирани | | Интегрирани | |
| | | M | | M | | M | | M |
| I | Семејство | 6,00 | Семејство | 6,39 | Семејство | 6,84 | Семејство | 6,63 |
| II | Пријатели | 5,70 | Пријатели | 6,00 | Пријатели | 6,52 | Пријатели | 6,50 |
| III | Религија | 5,48 | Религија | 5,54 | Религија | 5,86 | Професија | 5,98 |
| IV | Професија | 5,33 | Професија | 5,17 | Професија | 5,83 | Религија | 5,97 |
| V | Роден крај | 5,02 | Пол | 5,17 | Живеење | 5,55 | Живеење | 5,78 |
| VI | Живеење | 4,75 | Возраст | 5,08 | Етничка г. | 5,49 | Роден крај | 5,73 |
| VII | Пол | 4,73 | Живеење | 5,00 | Возраст | 5,38 | Етничка г. | 5,69 |
| VIII | Етничка г. | 4,73 | Етничка г. | 4,83 | Роден крај | 5,34 | Пол | 5,68 |
| IX | Универз. | 4,57 | Универз. | 4,79 | Универз. | 5,26 | Возраст | 5,50 |
| X | Возраст | 4,48 | Држава | 4,63 | Пол | 5,26 | Универз. | 5,45 |
| XI | Класа | 4,11 | Роден крај | 4,46 | Држава | 5,22 | Класа | 5,39 |
| XII | Држава | 3,95 | Класа | 4,33 | Класа | 4,33 | Држава | 5,10 |
| XIII | ПП | 3,08 | ПП | 3,88 | ПП | 2,82 | ПП | 3,42 |

Табелата јасно покажа дека сите групи студенти на првите четири и на последните три места ги рангираат речиси истите социјални улоги/групи. На сите студенти, без разлика како се дефинираат себеси и дали поголема значајност им даваат на персоналниот, приватен или социјалниот, јавен аспект на нивниот идентитет, еднакво најмногу им се значајни семејството и блиските пријатели, припадниците од иста религија како нивната, како и нивните колеги од универзитетот, како што еднакво малку им се значајни припадниците на нивната преферирана политичка партија, припадниците од нивната класа и граѓаните на РМ. Сепак, постои разлика во интензитетот на значајноста. Имено, со мали исклучоци може да се каже дека на првата група студенти –пресоцијализирани (оние што на социјалниот аспект му даваат поголема важност отколку на персоналниот) им се помалку значајни сите социјални улоги/групи, споредено со другите три групи испитаници; следува групата студенти кои ниту на персоналниот ниту на социјалниот аспект од идентитетот не му припишуваат особено значење; потоа следува групата студенти што го фаворизира персоналниот аспект наместо социјалниот и на крајот е групата студенти кои им даваат и на двата аспекта голема важност и тие во просек на секоја социјална група/улога ѝ даваат поголемо значење споредено со другите три групи со различна идентитетска ориентација.

## Прво ниво на анализа

На ова ниво на анализа прво се применија соодветни статистички постапки со цел да се утврди поврзаноста помеѓу идентитетските ориентации (ориентации кон персонален и социјален аспект на идентитетот) со видот на приврзаност за сите социјални улоги (при што се земени различните видови приврзаност кон сите социјални улоги како: заедничките интереси со сите социјални улоги, чувството на солидарност кон сите социјални улоги и перципираната значајност на сите улоги за поединецот)[29].

Податоците[30] покажаа дека постои статистички значајна разлика помеѓу четирите групи (интегрирани, преддефинирани, пресоцијализирани и его-ориентирани) во однос на поседувањето на заеднички интереси, чувството на солидарност и давањето значајност на сите социјални групи на кои се припаѓа.

**Табела 13. Вредности на статистикот Крушкал Волис**

| | КВ | Степени на слобода | Ниво на значајност |
|---|---|---|---|
| **Заеднички интереси со социјалните групи/улоги** | 13.906 | 3 | 0,003 |
| **Солидарност со социјалните групи/улоги** | 21.556 | 3 | 0,000 |
| **Значајност на социјалните групи/улоги** | 20.059 | 3 | 0,000 |

**Групирачка варијабла: ориентација кон персоналниот и социјалниот идентитет**

Како што може да се види од прикажаната табела, разлики постојат помеѓу некои од групите, па оттаму се пристапи кон утврдување на тоа: помеѓу кои групи постои разлика.

**Табела 14. Вредности на статистикот Ман Витни во однос на поседувањето заеднички интереси со групите на кои се припаѓа**

| Заеднички интереси со социјалните групи | Ман Витни | Z | Ниво на значајност |
|---|---|---|---|
| **Преддефинирани со его-ориентирани** | 960,5 | -2,44 | 0,015 |
| **Преддефинирани со интегрирани** | 1670,5 | -3,628 | 0,000 |

29 Тоа се статистичките постапки: Крушкал Волис (Kruskal Wallis) и Ман Витни (Mann-Whitney). Во статистиката, еднонасочната анализа на варијансата именувана како Крушкал Волис е непараметриски метод што се користи за споредување на повеќе од два независни примерока. Оваа постапка се користи во случај кога добиената дистрибуција отстапува од нормалната дистрибуција (параметриски еквивалент на оваа постапка е еднонасочната анализа на варијансата АНОВА).

30 Податоци добиени со примена на статистикот Крушкал Волис.

Табелата покажува помеѓу кои групи според идентитетските ориентации постои статистички значајна разлика во однос на поседувањето на заеднички интереси со социјалните групи/улоги на поединците. Утврдено е дека:

а. статистички значајна разлика на ниво 0,05 постои помеѓу групата која има среден скор на обете потскали (ПА и СА), преддефинираните и групата што има висок скор на ПА и среден скор на СА, а тоа се его-ориентираните; и

б. статистички значајна разлика на ниво 0,01 постои помеѓу групата преддефинирани и групата интегрирани студенти.

Овие податоци говорат дека оние лица што при дефинирањето на сопствениот идентитет даваат повисоко значење на персоналниот аспект наспроти социјалниот или, пак, даваат на двата аспекта еднаква важност – ќе се изјаснуваат како поединци со повеќе заеднички интереси со припадниците на групите на кои припаѓаат за разлика од оние што при дефинирањето на сопствениот идентитет не се ориентирани ниту премногу кон персоналниот, ниту кон социјалниот аспект од сопствениот идентитет. Или, поинаку, преддефинираните ќе покажуваат најмалку заеднички интереси со групите на кои припаѓаат. За поинтензивно доживување на заеднички интереси со групите на кои се припаѓа, главна улога игра ориентираноста кон персоналниот, приватен аспект на идентитетот.

Во табелата што следува е даден приказ на поврзаноста помеѓу вредностите на персоналниот и социјалниот аспект на идентитетот и чувството на солидарност со групите на кои се припаѓа.

**Табела 15. Вредности на статистикот Ман Витни во однос на чувството на солидарност со групите на кои се припаѓа**

| Солидарност со социјалните групи | Ман Витни | Z | Ниво на значајност |
|---|---|---|---|
| **Преддефинирани со интегрирани** | 1454,00 | -2,563 | 0,000 |
| **Его-ориентирани со интегрирани** | 7331,5 | -2,5202 | 0,028 |

Доживувањето на чувството на солидарност со групите на кои се припаѓа е поврзано со интензитетот на ориентираноста кон персоналниот и/или социјалниот аспект на идентитетот при сопственото себедефинирање. Само интегрираните студенти (оние што еднакво голема важноста даваат и на приватниот и на јавниот аспект) ќе покажуваат поголема солидарност кон групите на кои

припаѓаат во споредба со его-ориентираните и преддефинираните. За да се има чувство на солидарност кон групите на кои се припаѓа потребно е при процесот на себедефинирање еднакво да им дадеме високо значење на обата аспекта на идентитетот – персоналниот аспект и социјалниот аспект на идентитетот.

**Табела 16. Вредности на статистикот Ман Витни во однос на значајноста што ја припишуваме на припадноста на социјалните групи**

| Значајност | Ман Витни У | Z | Ниво на значајност |
|---|---|---|---|
| **Преддефинирани со его-ориентирани** | 1248,00 | -2,312 | 0,021 |
| **Преддефинирани со интегрирани** | 7831,00 | -2,005 | 0,045 |

Доживувањето на значајноста на социјалните улоги на кои се припаѓа е поврзано, главно, со интензитетот на ориентација кон персоналниот аспект на идентитет при себедефинирањето. Варијациите на скорот на скалата на социјалниот аспект на идентитет не го менуваат значајно овој однос, па его-ориентираните и интегрираните студенти ќе велат дека групите на кои припаѓаат им се важни и значајни повеќе отколку што тоа ќе го велат преддефинираните.

## Второ ниво на анализа

Првото ниво на анализа подразбираше врзаност кон сите социјални улоги набљудувани заедно, додека второто ниво на анализа се однесува на врзаноста за одредена поединечна улога и се тестираат разликите што постојат во врзаноста за поединечните улоги помеѓу четирите групи испитаници.

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| Предодредени<br>Преддефинирани | Преддефинирани<br>Его ориентирани | Интегрирани |

На приказот се претставени групите помеѓу кои има, како и групите помеѓу кои нема разлики во однос на поголемиот број на поединечни улоги. Податоците зборуваат дека: во однос на врзаноста кон поголемиот број на поединечни социјални улоги не постојат разлики

помеѓу групите предодредени и преддефинирани и помеѓу преддефинираните и его-ориентираните, но постои разлика помеѓу предодредените и его-ориентираните, како што постои разлика помеѓу интегрираните и сите останати групи. Всушност, само интегрираните не се слични со некоја од останатите три групи во однос на врзаноста кон различните поединечни социјални улоги.

# 4. Идентитетски ориентации и глобален версус локален идентитет

Испитаните студенти беа ставени во позиција да ја евалуираат својата врзаност кон родниот крај, кон државата и, пошироко, кон Балканот и Европа. Од табелата што следува се гледа дека, генерално, студентите најинтензивно се врзани за својот роден крај, а помалку за државата, Европа и Балканот.

**Табела 17. Степен на приврзаност кон роден крај, држава, Европа и Балкан**

| Приврзаност кон | М | СД |
|---|---|---|
| **Родниот крај** | 5,89 | 1,444 |
| **Државата** | 4,62 | 1,883 |
| **Европа** | 4,52 | 1,865 |
| **Балканот** | 4,30 | 1,748 |

Следува приказ за тоа како четирите групи, групирани според идентитетската ориентација, ја оценуваат врзаноста кон државата, родниот крај, Балканот, па Европа. Во табелата што следува е даден приказ на вредностите на аритметичките средини кај студентите групирани според степенот на значење што се придава на ориентациите кон персоналниот и социјалниот аспект на идентитетот.

**Табела 18. Аритметички средини на четирите групи испитаници на скалата за врзаност кон државата**

| | Аритметичка средина |
|---|---|
| **Преддефинирани** | 4,00 |
| **Пресоцијализирани** | 4,04 |
| **Его-ориентирани** | 4,82 |
| **Интегрирани** | 4,73 |

Од податоците се гледа, кога се држи константен интензитетот на ориентацијата кон персоналниот аспект на идентитет (константно висок или низок), а варира интензитетот на ориентацијата кон социјалниот аспект – нема разлика помеѓу групите во нивната приврзаност кон државата. Варијациите во истакнувањето на приватниот селф се тие што ја прават разликата во приврзаноста кон државата: поединците со интегрирани аспекти на селфот, како и оние со потенциран приватен аспект ќе искажуваат поголема приврзаност кон државата во споредба со оние што немаат ниту еден истакнат аспект на селфот или имаат потенциран јавен селф.

**Табела 19. Аритметички средини на четирите групи испитаници на скалата за врзаност кон роден крај**

| | Аритметичка средина |
|---|---|
| **Пресоцијализирани** | 5,33 |
| **Преддефинирани** | 5,57 |
| **Его-ориентирани** | 5,82 |
| **Интегрирани** | 5,99 |

Податоците покажуваат слични резултати како и во претходната табела: статистички значајна разлика на аритметички средини има само помеѓу групата интегрирани студенти и групата пресоцијализирани, така поединците од првата група (со висок ПА и висок СА) искажуваат поголема приврзаност кон родниот крај (Kruskal Wallis Test $K = 8{,}333$, $p < 0{,}05$). И тука се забележува тенденцијата: кога се држи константен интензитетот на ориентацијата кон персоналниот аспект (или висок или низок), а варира интензитетот на ориентацијата кон социјалниот аспект, нема разлика помеѓу групите во нивната приврзаност кон родниот крај. Групата пресоцијализирани ќе биде најмалку врзана со луѓето од нејзиниот роден крај, додека групата интегрирани ќе биде најмногу врзана за припадниците од нејзиниот роден крај.

Не постојат разлики помеѓу четирите групи испитаници групирани на Скалата на АОИ во однос на нивната приврзаност кон Балканот. Или, поинаку, врзаноста на поединците за Балканот не зависи од видот на ориентацијата кон сопствениот идентитет. Дали поединците поголема важност ќе припишуваат на персоналниот или на социјалниот, јавен аспект од идентитетот при себедефинирањето нема да влијае на нивната врзаност за Балканот. Но, пронајдени се разлики во однос на приврзаноста кон Европа.

**Табела 20. Аритметичка средина на четирите групи испитаници на скалата за врзаност кон Европа**

| | Аритметичка средина |
|---|---|
| **Преддефинирани** | 4,01 |
| **Его-ориентирани** | 4,25 |
| **Пресоцијализирани** | 4,56 |
| **Интегрирани** | 4,85 |

Податоците од табелата покажуваат дека постои разлика само помеѓу двете „екстремни" групи: групата преддефинирани (со среден ПА и среден СА) со групата интегрирани (К = 0,391, $p < 0,05$), со тоа што втората група покажува значително поголема поврзаност со Европа.

# 5. Идентитетски ориентации и степенот на интегрираност на социјалните улоги во општеството

Веќе беше објаснето дека Лапонс (Laponce, 2004) конструирал инструмент што имал задача да го идентификува односот на поединците кон 14-те социјални улоги или карактеристики на селфот, а притоа тој однос го гледа како повеќедимензионален, па во него ги вклучува: перципираните заеднички интереси со припадниците на социјалните групи на кои припаѓа, чувството на солидарност кон нив, перципираната значајност на поединечните социјални групи, тешкотиите при нивна промена и мислење на поединците за степенот на задоволството на поединците кои припаѓаат на одредените социјални улоги. Понатаму, Лапонс ги поврзува (вкрстува) последните две димензии и зборува за статусот, степенот на интегрираност на тие социјални улоги во општеството. Имено, значајноста на социјалните улоги за поединецот и мислењето за степенот на задоволството на поединците кои припаѓаат на одредените социјални улоги со состојбите во општеството, Лапонс ги вкрстува и ги сместува во еден координатен систем со апсциса како задоволството на индивидуите со состојбите во општеството и координата како значајност на социјалните улоги. Четирите квадрати се одвоени со една средна зона на релативна неутралност што ја опфаќа зоната од 3,5 до 4,5 на Ликертовата скала (со оглед на тоа што инструментот на Лапонс беше на седмостепена Ликертова скала). Ги именува како квадрат И – зона на интеграција, квадрат С – зона на стрес, квадрат М – мирна зона и квадрат П – зона

на потенцијални проблеми. Во квадратот И спаѓаат групите/улогите што поединецот ги смета за важни и смета дека припадниците на таа група се главно задоволни со состојбите во општеството и, со исклучок во ситуации кога постојат големи општествени дисфункции, се очекува семејството да биде во овој квадрат. Во квадратот С спаѓаат групите/улогите што поединецот ги смета за важни, но смета дека припадниците на таа група се главно незадоволни со состојбите во општеството, па овие групи/улоги можат да претставуваат стрес за поединецот. Во квадратот М се оние групи/улоги што не им се важни на поединците, иако проценуваат дека припадниците се задоволни со општествените услови. Тие групи/улоги не претставуваат потенцијална опасност за разлика од оние што спаѓаат во квадратот П, каде што се групите/улогите што не им се важни на поединците, но припадниците на тие групи се проценети како незадоволни со општествените услови. Тие улоги, под одредени услови, можат да станат важни и да влезат во квадратот С или во квадратот М.



Направени се координатните системи за распоредот на социјалните улоги за сите четири категории идентификувани на Скалата на АОИ, во кои се гледа дека социјалните улоги како *семејство* и ***религија*** спаѓаат во **квадратот И (освен кај преддефинираните)**, додека сите улоги спаѓаат во зоната на релативната неутралност. Социјалната улога како *политичка партија* спаѓа во зоната на потенцијални проблеми само кај его-ориентираните. Ваков распоред на социјалните улоги кај речиси сите четири групи студенти, групирани според преферираниот аспект на идентитетот, зборува за тоа дека различните идентитетски ориентации не ја одредуваат перцепцијата на социјалните улоги во општеството или, поинаку, перцепцијата за интегрираноста на одредените социјални улоги не зависи од ориентацијата кон одредени аспекти на својот идентитет.

Ако за политичка акција или воопшто активитет во социјално-политичкото живеење и функционирање е потребно поединците да перципираат одредени социјални групи како значајни, но и да перципираат одредено незадоволство со статусот на тие групи во општеството (улогите да се лоцирани во квадратот С), тогаш можеме да кажеме дека начинот на кој поединците се гледаат себеси не е поврзан со перцепцијата за интеграцијата на социјалните улоги во општеството. Значи, без разлика на кој аспект од идентитетот (дали на персоналниот и/или на социјалниот) му даваат поголемо значење, тие сите еднакво ќе ја перципираат интегрираноста на секоја поединечна социјална улога. Веројатно дека таа перцепција е пред сѐ одредена од реалната состојба и личносните варијабли ќе имаат мало и незначително влијание.

**ЛЕГЕНДА**

С – Семејство
Б – Блиски пријатели
Р – Религија
П – Професија
МЖ – Место на живеење
ЕГ – Етничка група
П – Пол
РК – Роден крај
В – Возраст
У – Универзитет
К – Класа
Д – Државјанство
ПП – Политичка партија

# IV ДИСКУСИЈА

Во ова истражување се тргна со неколку основни претпоставки:

Прво, дека *младите се недвојбено голем потенцијал во развојот на модерното, демократско и кон човековите права насочено општество*. Селектираниот примерок, што го сочинува студентската младина, е збир на луѓе кои имаат заедничко искуство, кои се социјализирани во слични услови и ја претставува генерацијата на која ѝ припаѓа. Овие млади луѓе припаѓаат на генерациите што се родени во независна и самостојна Република Македонија. Тие се обликувани во духот на новото, трансформирано општество и како такви се учесници во процесот на целокупното општествено битисување и носители на социјалната акција.

Второ, *еден од главните инцентиви за вклученоста во социјалната акција или социјалните движења, треба да се бара во особеностите на колективниот идентитет на индивидуите*.

Трето, *идентитетот на младата индивидуа може да се развива, на него може да влијае конкретната социјална средина*.

Оттука, легитимно е прашањето што влијае, пак, на колективниот идентитет и врзаноста, припадноста на младите на социјалните групи, односно на прифаќањето на социјалните улоги. Предмет на ова истражување е како младите се дефинираат себеси, како го определуваат својот личен идентитет (персонален) и дали тој начин на кој го дефинираат личниот идентитет влијае врз нивниот колективен идентитет. Имено, предметот на истражувањето е: *Дали и колку е важна ориентацијата на единката при процесот на себедефинирање во процесот на перцепција на нејзината припадност кон одредени социјални групи*?

Одговорот на ова прашање би значел добивање сознание во однос на состојбата на идентитетот на младите, каков идентитет градат тие, а посредно и сознание за тоа каде и на што би можело да се влијае доколку сакаме да имаме партиципативна младина, младина подготвена да реагира и да презема акции насочени кон подобрување на актуелните состојби и градење на едно подобро утре.

Се добија сознанија дека студентите во Македонија, во процесот на себедефинирање, генерално, повеќе се ориентираат кон приватниот аспект на идентитетот, а помалку кон јавниот аспект, па поголема важност и значајност во процесот на себедефинирањето ќе им даваат на сопствените мисли, потреби, ставови, желби и сл., а помалку на тоа како другите гледаат на нивното однесување во средината, изгледот, популарноста... тоа важи и за двата етницитета. Ориентираноста кон приватниот аспект при себедефинирањето е кроскултурален феномен и упатува на потенцијалот на индивидуата за себедефинирање и разграничување од другите. Се чини дека нашите млади го следат „трендот“ за развој на идентитетот.

Студентите кои поинтензивно го вреднуваат персоналниот аспект на идентитетот при себедефинирањето поинтензивно го вреднуваат и социјалниот, јавен аспект на идентитетот. Нормалниот развој на индивидуалниот идентитет го карактеризираат симултаните процеси на идентификација со социјалната средина, како и процесот на освестување на различноста од припадниците на групите со кои се идентификува, така што таквиот развој секако е карактеристика и на идентитетот на студентите во РМ.

Во истражувањето, најголемиот број студенти беа оние што даваат големо значење и на персоналниот, приватен и на социјалниот, јавен аспект при себедефинирањето, а најмалиот број студенти се оние што даваат големо значење на јавниот, а помало значење на приватниот аспект при себедефинирањето.

Ако двете идентитетски тенденции се гледаат симултано, во својот интерактивен момент, а во фокусот ни се полот и етницитетот како социјална детерминанта, ќе се види дека разликата помеѓу мажите и жените е во тоа што жените (и Македонки и Албанки) во поголем процент од мажите ги имаат развиено двата аспекта (и приватниот и јавниот аспект) на идентитетот, а мажите (пред сѐ, Албанците) во поголем процент, споредено со жените, го истакнуваат јавниот аспект пред приватниот. Разликата помеѓу Македонците и Албанците е во тоа што Македонците во поголем степен, споредено со Албанците, го истакнуваат приватниот аспект пред јавниот (оваа разлика е најголема помеѓу мажите Македонци и мажите Албанци). Всушност, најголемата разлика е пронајдена помеѓу Албанците (мажи) и Македонките и тоа во однос на давањето приоритет на јавниот социјален аспект пред

приватниот, персонален. Оваа тенденција ја протежираат неполни четири проценти од Македонките, а речиси 30 проценти од мажите Албанци. Овие разлики во полот и етницитетот можеби би требало да се бараат во конкретните општествени услови, во конкретните барања, очекувања, како веројатно и во одредениот вид ограничувања што ги поставува општеството пред одредените групи млади, различни според полот и етницитетот.

Поаѓајќи од теоријата на Ериксон, а особено на Марсија, испитаниците врз основа на скорот што го добиле на обете скали (скалата за персоналната ориентација и скалата за социјална ориентација при себедефинирањето) беа групирани во четири категории. Првата група беше именувана како *интегрирани* и неа ја сочинуваат оние субјекти што имаат висок скор на обете скали; втората група, именувана како *пресоцијализирани*, ја сочинуваат субјектите што имаат висок скор на скалата за социјална ориентација и низок скор на скалата за персонална ориентација; третата група – *его-ориентирани*, е сочинета од субјекти што имаат висок скор на скалата за персонална ориентација и низок скор на скалата за социјална ориентација. Последната, четвртата група – *преддефинирани*, ја сочинуваат оние што имаат низок скор на обете скали. *Интегрираните* субјекти би соодветствувале на оние што според Марсија имаат *постигнат идентитет* (според Марсија овие индивидуи се прифаќаат себеси и можат да воспоставуваат социјални релации). *Пресоцијализираните индивидуи* би соодветствувале на индивидуите кои Марсија ги именува како лица со предодреден идентитет (тоа се лица кои го прифаќаат идентитетот наметнат од другите и не ги поминуваат фазите на криза на идентитетот, фази што се нормални и очекувани во одредени периоди од развојот на младата личност). Его-ориентираните се оние што сè уште се во фазата на барање на сопствениот идентитет и на оваа група доминантно важно им е прво себе да се дефинираат, што сакаат, што им е важно, па потоа да се насочат кон другите. Оваа група Марсија ја именувал како *психосоцијален мораториум*. Оваа група тежнее да се придвижи кон категоријата *постигнат идентитет*. *Преддефинираните индивидуи* би соодветствувале на *дифузниот идентитет*. Според Марсија, тоа се лица кои малку се занимаваат со истражувањето на персоналниот аспект на сопствениот идентитет, несигурни се во социјалните релации и можно е да прибегнат кон социјална изолација.

Можеби интересен е податокот што помеѓу студентите Албанци и Македонци на УКИМ има разлика во истакнувањето на приватниот аспект на идентитетот, а ја нема таа разлика помеѓу студентите на универзитетите ГДШ и ДУТ, иако на првоспоменатиот студираат само Македонци, а на второспоменатиот – само Албанци. Прашањето е следното: Кога би имало разлика помеѓу двата етникума во РМ: помеѓу Македонците и Албанците воопшто (на територија на РМ) во однос на приватниот аспект на идентитетот, а таа разлика се отсликува и на скопскиот универзитет помеѓу студентите Албанци и студентите Македонци, зошто нема разлика помеѓу студентите на ГДШ и студентите на ДУТ, кога и таму базично станува збор за студенти Македонци и студенти Албанци? Всушност, овој податок има две значења. Прво, дека различната едукативна средина нема влијание врз развојот на идентитетските ориентации (се покажа дека нема разлика помеѓу два универзитета лоцирани на две страни од државата, а има во рамките на еден универзитет). И второ, етницитетот ја прави разликата во идентитетските ориентации само ако средината го истакнува односот малцинство-мнозинство. Имено, во градот Тетово Албанците се мнозинство, а во градот Штип Македонците се исклучиво мнозинство. Значи, и двата етницитета, секој во својата средина, се исклучиво мнозинство на универзитетите. Оттаму и заклучокот дека позицијата на „мнозинство“ е таа што го погодува развојот на персоналниот, приватен аспект од сопствениот идентитет.

Понатаму во истражувањето беа разгледувани релациите на двата аспекта на личниот идентитет со видот и интензитетот на колективниот идентитет. Тука истражувачкиот интерес беше насочен на испитување дали младите кои се повеќе ориентирани кон приватниот аспект или младите кои се повеќе насочени (ориентирани) кон својот јавен аспект на личниот идентитет ќе покажуваат поголем интензитет на врзаност кон различни социјални групи, улоги (различни аспекти на нивниот колективен идентитет).

Со оглед на тоа што врзаноста кон улогите можеме да ја разгледуваме низ три важни димензии на врзаност кон сите улоги заедно: заеднички интереси, чувство на солидарност и чувство на значајност, како и низ призмата на сумираните димензии за една поединечна улога, се направија *две нивоа на статистичка обработка*. Анализата на податоците на првото ниво, што ги разгледува поединечните димензии на врзаноста кон сите социјални улоги, покажа дека:

- Оние лица кои при дефинирањето на сопствениот идентитет даваат повисоко значење на персоналниот аспект наспроти социјалниот, јавен (его-ориентирани), како и оние што на двата аспекта им даваат еднаква важност (интегрирани) ќе се изјаснуваат како поединци со повеќе заеднички интереси со припадниците на групите на кои припаѓаат, за разлика од оние што при дефинирањето на сопствениот идентитет не се ориентирани ниту премногу кон приватниот ниту кон јавниот аспект од сопствениот идентитет (преддефинирани). Или поинаку, преддефинираните ќе покажуваат најмалку заеднички интереси со групите на кои припаѓаат. За поинтензивно доживување на заеднички интереси со групите на кои се припаѓа, главна улога игра ориентираноста кон персоналниот аспект на идентитетот.
- Доживувањето на чувството на солидарност со групите на кои се припаѓа е поврзано со интензитетот на ориентираноста кон персоналниот и/или социјалниот аспект на идентитетот при сопственото себедефинирање. Интегрираните студенти (оние што еднаква голема важност даваат и на персоналниот и на асоцијалниот аспект) ќе покажуваат поголема солидарност кон групите на кои припаѓаат во споредба со его-ориентираните и преддефинираните. За да се има чувство на солидарност кон групата на која се припаѓа потребно е при процесот на себедефинирање еднакво да им се даде високо значење на обата аспекта на идентитетот – персоналниот аспект и социјалниот аспект на идентитетот (интегрирани), а не да се биде ориентиран повеќе кон персоналниот аспект или, пак, да не се биде ориентиран ниту кон еден аспект.
- Доживувањето на значајноста на социјалните улоги на кои се припаѓа е поврзано, главно, со интензитетот на ориентацијата кон персоналниот аспект на идентитет при себедефинирањето. Варијациите на скорот на скалата на социјалниот аспект на идентитетот не го менуваат значајно овој однос, па его-ориентираните и интегрираните студенти ќе велат дека групите на кои припаѓаат им се важни и значајни повеќе отколку што тоа ќе го велат преддефинираните.

*Второто ниво на анализа* покажа дека постои разлика помеѓу групите (групирани според идентитетските ориентации) во однос на тоа за која улога се повеќе врзани (притоа голема врзаност се сфаќа како сума на перципираните голем број на заеднички интереси со припадниците на таа социјална група, интензивното чувство на солидарност со нив и перципираната висока значајност на таа група за индивидуата). Интересна е скалата на врзаност, што покажува дека четирите групи според идентитетските ориентации можат речиси праволиниски да се наредат во еден континуум според врзаностите кон различни поединечни улоги, па на почетокот на континуумот се наоѓа групата што е најмалку врзана за поголемиот дел од социјалните групи, а тоа е групата што јавниот аспект од идентитетот го истакнува пред приватниот (пресоцијализирани), па до неа следува групата на која не го истакнува особено ниту приватниот ниту јавниот аспект при себедефинирањето (преддефинирани) и меѓу овие групи нема разлика. Трета по ред на континуумот според врзаноста за улогите е групата (его-ориентирани) што е ориентирана кон приватниот аспект на идентитетот (помеѓу неа и втората група нема разлика), за на крајот на континуумот да биде лоцирана групата што е најмногу врзана за дел од поединечните улоги, а го истакнува и приватниот и јавниот аспект од својот идентитет (интегрирани). *Со ова се докажа дека начинот на кој студентите го дефинираат сопствениот личен идентитет ќе влијае врз нивниот колективен идентитет, така „интегрираните“ во најголем степен ќе бидат врзани за социјалните улоги што ги играат во општеството во кое припаѓаат, тие се тие што, условно кажано, имаат најразвиен колективен идентитет, тие се тие што веројатно успешно ги поминале фазите на развој на идентитетот: фазите и на идентификација, но и на диференцијација и индивидуализација, па веројатно тие ќе бидат тие од кои би се очекувало да бидат најмногу вклучени во социјалните акции и социјалните движења.*

Ако се обидеме да ги сумираме резултатите за релацијата идентитетски ориентации и „глобален-локален“ идентитет ќе видиме дека *интегрираните* покажуваат во најголем степен на изразеност и на глобалниот и на локалниот идентитет. Оваа група, во споредба особено со преддефинираните и пресоцијализираните, покажува најголема врзаност и за сопствениот роден крај и за државата и за Европа, со што уште еднаш се докажува дека космополитскиот идентитет не е исклучив со националниот (државниот) и „локалниот“ идентитет.

Значајноста на социјалните улоги за поединецот и мислењето за степенот на задоволството на поединците кои припаѓаат на одредените социјални улоги со состојбите во општеството, Лапонс (2004) ги вкрстува и ги сместува во еден координатен систем со апсциса како задоволството на индивидуите со состојбите во општеството и координата како значајност на социјалните улоги. Координатниот систем опишува четири квадрати. Квадрат И – зона на интеграција, квадрат С – зона на стрес, квадрат М – мирна зона и квадрат П – зона на потенцијални проблеми. Координатните системи за распоредот на социјалните улоги за сите четири категории идентификувани на обете скали покажаа дека социјалните улоги како што се: *семејство, блиски пријатели* и *религија* спаѓаат во **квадратот И – интеграција**, со што може да се каже дека **тие улоги се интегрирани улоги**, припадноста на *политичка партија* спаѓа во **квадратот П на потенцијални проблеми**, додека сите улоги спаѓаат во зоната на релативна неутралност. Ваков распоред на социјалните улоги имаат сите четири групи (интегрирани, пресоцијализирани, его-ориентирани и преддефинирани) што зборува за тоа дека различните идентитетски ориентации не ја одредуваат перцепцијата на социјалните улоги во општеството. Овој податок зборува и дека младите кои живеат во РМ генерално, без разлика дали се ориентирани повеќе кон приватниот или кон јавниот аспект на сопствениот идентитет, исто ги перципираат различните социјални улоги, односно им даваат исто значење на групите и исто го перципираат задоволството на припадниците на тие групи со општите состојби во државата. Веројатно, интегрираноста на социјалните улоги во едно општество повеќе ќе биде одредена од реалните состојби во општеството отколку од некоја персонална варијабла како што е идентитетската ориентација.

# V КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- *Arieti, S. (1994) Interpretation of Schizophrenia. Jason Aronson.*
- Baumeister, R. (1986) Identity: Cultural Change and the Struggle for Self. Oxford: Oxford University Press, USA.
- Check, J. M. (1982) „Aggregation, moderator variables, and the validity of personality tests: A peer-rating study". Journal of Personality and Social Psychology. Vol. 43 (6): 1254-1269.
- Cheek, J. M., Briggs, S. R. (1982) *„Self-consciousness and aspects of identity".* Journal of Research in Personality. 16: 401-408.
- Cheek, J. M., Tropp, L. R. (2002) Aspect of identity Questionnaire, 1st edition on line 1994 and 2nd on line edition 2002. http://academics.wellesley.edu/Psychology/Cheek/identity.html (26.06.2011).
- Erikson, E. H. (1956) „The problem of ego identity". Journal of the American Psychoanalytic Association. Vol. 4: 56-121.
- Erikson, E. H. (1963) Childhood and society (2nd ed.). New York: Norton.
- Fearon, J. D. (1999) What is identity (As we now use the word). http://www.stanford.edu/~jfearon/papers/iden1v2.pdf (08.05.2012).
- Fenigstein, A., Scheier, M. F., Buss, A. H. (1975) „Public and private self-consciousness: Assessment and theory". Journal of Consulting and Clinical Psychology. Vol. 43: 522-527.
- Fulgosi. A. (1987) Psihologija ličnosti: teorije i istraživanja. Zagreb: Školska Knjiga.
- Golubović, Z. (1999) „Ja i drugi", во: Republika. http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/99/jaidrugi/ (15.04.2010).
- Gormly, A., Brodzinski, D. (1990) Lifespan human development. Harcourt Brace College Publishers.
- Laponce, J. (2004) „Using a role by role interview to measure the minority effect: a note on ongoing research". Social Science Information. Vol. 43 (3): 477-492.
- Laing, R. D. (1977) Podeljeno Ja. Politika doživljaja. Beograd: Nolit.
- Krstić, D. (1991) Psihološki rečnik. Beograd: Savremena administracija.
- Marcia, J. E. (1966) Development and validation of ego-identity.

- „Status“. Journal of personality and social psychology. Vol. 3 (5): 551-558.
- Nikolić, M. i dr. (2004) Mladi zagubljeni u tranzicii. Beograd: Centar za proučavanje alternative.
- Poro, A. (1990) Enciklopedija Psihijatrije. Beograd: Nolit.
- Rokeach, M. (1960) The open and closed mind. New York: Basic Books.
- Rokeach, M. (1964) „Differences between open – and closed-minded subjects on learning-set and oddity problems“. The Journal of Abnormal and Social Psychology. Vol. 68, no. 6: 648-654.
- Rummens, J. A. (2000) „Canadian Identities An Interdisciplinary Overview of Canadian Research on Identity“, во: Canadian heritage multiculturalism. http://ceris.metropolis.net/Virtual Library/EResources/Rummens2000.pdf (12.02.2012).
- Sampson, E. E. (1978) *„Personality and the location of identity“.* Journal of Personality. Vol. 46: 552-568.
- Sedikides, C., Brewer, M. B. (2001) Individual self, relational self, collective self. Philadelphia, PA: Psychology Press.
- Tajfel, H., Turner, J. C. (1986) „The social identity theory of inter-group behavior“. Во: S. Worchel and L. W. Austin, eds. Psychology of Intergroup Relations. Chicago: Nelson-Hall.
- Weinreich, P. (1986) „The operationalisation of identity theory in racial and ethnic relations“. Во: J. Rex and D. Mason, eds. Theories of Race and Ethnic Relations. Cambridge: Cambridge University Press.
- Weinreich, P., Sounderson, W., eds. (2003) Analysing Identity: Cross-Cultural, Societal and Clinical Contexts. London: Routledge.
- Wojslawowicz, J. K. (2005) „Public and Private Self-Consciousness During Early Adolescence, dissertation“, во: University of Maryland. http://drum.lib.umd.edu/bitstream/1903/2494/1/umi-umd-2371.pdf (23.05.2013).
- Такашманова, Т. (1998) Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценција. Скопје: Графохартија.
- Шкариќ, М. О. (2004) Развојна психологија. Скопје: Филозофски факултет.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Идентитетот/идентитетите на индивидуално, но и на групно ниво е една од темите за која постои особен интерес во академските кругови во изминатите неколку декади. И најповршниот преглед на литературата од областа на општествените науки (психологија, социјална антропологија, социологија, политикологија итн.) покажува дека се многубројни авторите кои за проблемот расправаат и на концепциско, теоретско ниво, но и на емпириско ниво. Резултатите од многубројните истражувања авторите ги користат за потврдување на воспоставените концепти, категоризации, но и за нивно проблематизирање, укажувајќи дека и концептите и категориите и типологизациите поврзани за разните аспекти на идентитетот треба постојано да се надградуваат за да ја одразат реалноста во поголема мера. А реалноста е комплексна и подложна на постојани промени.

Психолозите отсекогаш покажувале особен интерес за идентитетот на индивидуата, укажувајќи дека во раните фази на развојот детето станува свесно за својот идентитет кога се спознава себеси како индивидуа различна од другите околу себе, но ги пронаоѓа и сличностите со многумина од оние што го сочинуваат неговото опкружување. Со развојот на детето/индивидуата и со проширувањето на неговите социјални комуникации се зголемува бројот на социјалните групи со кои тоа може да се идентификува или од кои може да се дистанцира. Интензитетот на приврзаноста кон групите или хиерархизацијата на идентитетите се менува не само во зависност од развојот на индивидуата/личноста туку и во зависност од времето и просторот во кој се социјализира таа. Во секој случај, со развојот на цивилизацијата и усвојувањето на демократските вредности видливо се мултиплицираат идентитетските црти, одразувајќи ја сè поголемата диверзификација на социјалните ролји во општеството (Hart, 1988; Samson, 1985; Millon-Delsol et Roy, 1993; според Chastenay and Pagé, 2002: 5). Ако пред два века жената можела себеси да се опише и да се доживее како мајка и сопруга, денес таа, покрај улогата во семејството, се опишува себеси и како лекарка, менаџерка, феминистка, членка на еколошко здружение, левичарка, вегетаријанка итн. Овие различни идентификации ни помагаат да се самоидентификуваме и да се позиционираме и ориентираме во општеството во однос на другите луѓе (Barrett, 2010).[31] Се

31 Повикувајќи се на повеќе автори (Tajfel, 1978; Strocker, 1980; Deaux, 1992 [1996]), Барет наспоменува дека, освен членувањето во одредени групи, значајно за нашето самоидентификување се и нашите персонални атрибути (толерантен, дарежлив итн.), нашите интерперсонални релации и ролји (мајка, пријател, колега итн.) и автобиографските наративи (роден во Лондон, во богато семејство, посетувал елитно училиште итн.).

разбира, сите припадности немаат (еднакво) значење за нашето самодефинирање. Кога членството во одредена група, на пример, сочинува значаен дел од нашата самоперцепција на начин што му придава емотивно значење и вредност на тоа членување, може да се каже дека ние сме стекнале субјективна идентификација со групата (Tajfel, 1978; според Barrett, 2010: 2). Идентитетите се постабилни, на пример, од преференциите што можат да се менуваат брзо и во зависност од различни ситуациски фактори. За разлика од некои поповршни, случајни и минливи аспекти на селфот, за идентитетите се смета дека се поврзани со нешто длабоко, базично, долготрајно или фундаментално (Caporaso and Kim, 2009: 19-42).

Истражувањето „Перцепциите на идентитетите на студентската популација во Република Македонија" продуцираше голем број податоци и сознанија за тоа како студентската популација ги перципира идентитетите, при што во анализата фокусот е сепак на најзначајните од гледна точка на предметот и целта на истражувачкиот проект.

Во структурирањето на својот идентитет студентите очигледно вклучуваат многу компоненти/припадности (културни, територијални, етнички, социодемографски...), на кои им придаваат големо значење. Високата вредност на добиените средни коти недвосмислено укажува на тоа сознание. Рангирањето на тие компоненти во конструкцијата на социјалниот, па и на политичкиот идентитет (хиерархиската структура на идентитетските црти) овозможи проникнување и анализа на оваа сложена структура на идентитетот и на индивидуално и на групно ниво, при што на некои од нив (семејството, блиските пријатели, религијата) студентската популација им придава поголемо значење, додека некои други (политичката партија, националниот идентитет, класата) ги сместува на дното на хиерархиската пирамида. И покрај тоа што идентитетот се поврзува пред сè со поимите како сепство, личност или индивидуална автономија, неговата идеолошка моќ лежи во неговиот имплицитно колективистички повик за групна солидарност (Collins, 1993 според Malesevic, 2006), што е од особено значење за политичката наука, бидејќи упатува на тоа како индивидуите и групите ќе се однесуваат во иднина. Во таа смисла, истражувањето не само на когнитивната туку и на емотивната и процесно-ориентираната компонента на ставот на испитаниците укажа на мошне интересни сознанија во врска со тоа како се доживува припадноста на определените социјални групи. Истражувачките резултати укажуваат дека идеолошката моќ е лоцирана пред сè кај

религиската и етничката припадност, припадноста кон родниот крај, па и општината, а дури потоа кај националната припадност. Влијанието на етничката припадност на испитаниците (етнички Македонци и етнички Албанци), во основата, ја потврдува појдовната хипотеза за малцинскиот ефект, истовремено укажувајќи дека партикуларните припадности се подлабоко втемелени во личноста на испитаниците отколку оние со граѓански предзнак.

Дали постои компатибилност или конфликтност помеѓу одделните идентитетски црти, особено помеѓу националниот/граѓанскиот и етничкиот/религискиот идентитет? Или можеби е постигнат баланс што оди во прилог на функционалноста на демократскиот развој на државата. Со оглед на карактерот на истражувањето (квантитативно, експлораторно истражување), навистина е тешко да се одговори на ова прашање. Во секој случај, многу ниското рангирање на националниот/граѓанскиот идентитет, што е значајно сврзувачко ткиво за граѓаните во една политичка заедница (а особено доколку таа е и мултикултурна), за сметка на некои од културните идентитетски црти (религија, етницитет, родно место итн.), не е многу оптимистичко. Од друга страна, добиената дистрибуција на одговори за категориите што го изразуваат дуалниот идентитет (етничките Македонци во големо мнозинство се изјасниле за категориите во кои е доминантна граѓанската опција, а за етничките Албанци преферирани се вгнездените идентитети со преовладувачка етничка компонента, но не е мал бројот и на оние што ги избрале и опциите со граѓанска компонента) оди во прилог на тезата за повеќекратноста и компатибилноста на националните идентитети во едно мултикултурно општество.

Дали според добиените резултати во истражувањето би можело да се заклучи дека ставовите на младите (поточно студентите) битно се разликуваат од оние на возрасната популација, квалификувајќи ги како групација што носи нови демократски вредности? Како што е наспоменато во почетокот, истражувањето е спроведено на примерок од студентската популација во Република Македонија. Оттука, тешко е да се одговори на прашањето дали добиените сознанија од истражувањето укажуваат на тоа дека младите се прогресивниот дел од општеството, оние што ги носат промените, оние што се ослободени од стереотипите и предрасудите... бидејќи не постои основа за споредба. Од друга страна, одговорот на прашањето за прогресивноста на младите е комплексно прашање што бара многу покомплексно истражување. Во продолжение сепак ќе се укаже на некои специфики на одговорите

што само делумно даваат одговор на претходно поставеното прашање. Правејќи споредба со истражувањата на Лапонс и Гинграс (во кои целната група беа исто така младите), потребно е да се потсетиме барем на две сознанија. Во нивните истражувања, и покрај потврдувањето на генералната хипотеза за малцинскиот ефект, националниот/граѓанскиот идентитет е рангиран релативно високо (се наоѓа во горниот дел на хиерархиската пирамида) и тоа и кај мнозинската и кај малцинската група, додека религијата е рангирана мошне ниско (на дното на пирамидата), а етничката група на средината. Во истражувањето што го спроведе истражувачкиот тим на ИСППИ и во однос на двете припадности добиени се сосема спротивни резултати, што помалку или повеќе се совпаѓаат со резултатите добиени во истражувањата спроведени на целокупната популација во Република Македонија.

Вториот дел од анализата, насловен *Аспекти на идентитетот: односот помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет*, имаше цел да одговори на прашањето дали и колку е важна ориентацијата на единката при процесот на себедефинирањето во процесот на перцепцијата на нејзината припадност кон одредена социјална група. Добиените сознанија укажуваат дека студентите во Република Македонија во процесот на себедефинирањето повеќе се ориентираат кон приватниот аспект на идентитетот, а помалку кон јавниот аспект, што како кроскултурен феномен упатува на тоа дека нашите млади го следат трендот за развој на идентитетот. Во исто време, тоа укажува дека, и покрај сите ограничувачки (социоекономски, политички, културолошки...) фактори што ја обележуваат нашата реалност, нашето општество не се вбројува во затворените општества каде што чувството на припаѓање се наметнува безусловно, исклучувајќи ја автономијата како страно тело на еден кохерентен групен авторитет. Категоризирањето на испитаниците врз основа на скорот на скалите на персонална и социјална ориентација, укажува дека најбројната категорија ја сочинуваат т.н. интегрирани (повеќе од половината испитаници), а втората по бројност (околу четвртина) ја сочинуваат категоријата его-ориентирани, односно група што се стреми да се придвижи кон првата група. Со оглед на тоа што интегрираните се дефинираат како индивидуи кои имаат постигнат идентитет (се прифаќаат себеси и можат да воспоставуваат социјални релации – значи една посакувана/идеална состојба), добиените резултати влеваат оптимизам. Во глобала, ваквата дистрибуција е присутна и во субгрупите според полова и етничка припадност на испитаниците.

Следното ниво на анализа покажа дека начинот на кој студентите го дефинираат сопствениот личен идентитет ќе влијае на нивниот колективен идентитет. Во таа смисла, интегрираните во најголем степен ќе бидат врзани за социјалните улоги што ги играат во општеството и од нив би можело да се очекува да бидат најмногу вклучени во социјалните/политичките акции. Со оглед на бројноста на групата интегрирани ова сознание би можело да се оцени како позитивно.

Но, колку е битно младите да бидат ориентирани кон општествените процеси и активно да учествуваат во нив, толку е и битно во која насока ќе ги инвестираат своите емоции, енергија. Дали социјалната/политичката акција ќе ја насочат кон уривањето на стереотипите и предрасудите и кон зголемувањето на просторот за човековите права и слободи или ќе дозволат да бидат фатени во нивната стапица, репродуцирајќи ги односите на повозрасните. Ова е особено значајно за едно мултиетничко, поделено општество какво што е македонското. Од друга страна, некои сознанија од истражувањето го апострофираат значењето на реалните состојби како доминантен фактор на влијание врз перцепциите. Така, се покажа дека перцепцијата на интегрираноста на социјалните улоги во општеството повеќе ќе биде одредена од реалните состојби во тоа општество, отколку од идентитетската ориентација, што укажува на значајноста на реалниот контекст во кој младите го градат својот однос и кон себеси и кон социјалните релации... групи...

На крајот, накратко кажано, комплексните и повеќезначните сознанија што ги понуди истражувањето упатуваат на внимателноста со која треба да се пристапи кон нивно истражување и нивна анализа, упатуваат на критичност секогаш кога се прави обид да се интерпретираат добиените резултати, особено во реален контекст, а следствено упатуваат и на претпазливоста со која треба да се менаџира едно мултиетничко општество.

**Проф. д-р Лидија Христова**
Раководител на проектот